СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 9 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА 52-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 9.XII.1992 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН – 27 дневен редЧ 2
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 56
3. БОШКОВ ЈОРДАН – 20, 21
4. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 96
5. ГЛИГОРОВ КИРО - стр.4
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 21, 22, 28, 30
7. ГОШЕВ ПЕТАР - 116
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 18, 82
9. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 89
10. КОТЕВСКИЃОРЃИ - 74
11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 39
12. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 127
13. ПЕТРОВ ТОДОР - 23
14. СПИРОВСКИ АЦО - 68
15. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 134
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 52
17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16
18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 35
19. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 80
20. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 86
21. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 62
22. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 19, 44


продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 декември 1992 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 13,15 часот

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, што е свикана по барање на претседателот на Република Македонија врз основа на член 85 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството
на пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

За денешната седница поканети се:

Претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно член 63 став 1 од Уставот на Република Македонија, мандатот на пратениците го верифицира Собранието на Република Македонија.

Со оглед дека Републичката изборна комисија достави Извештај за спроведените дополнителни избори за тројца пратеници во Собранието на Република Македонија, со што се исполнети условите за верификација на

нивниот мандат, предлагам да се дополни дневниот ред со предлог на ферификација на мандатот на пратениците Љупчо Георгиевски, Шукри Рахими и Никола Поповски.

Кој е за предлогот молам да крене рака. Мнозинството пратеници

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен

Со оглед на значењето интересот на целокупната јавност за прашањето што се предлага на дневен ред, предлагам да не се дополнува дневниот ред за оваа седница со други точки.

Дали се согласувате со овој предлог (се согласуваме)

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред

1. Предлог за верификација на мандатот на патениците во Собранието на Република Македонија Љупчо Георгиевски, Шукри Рахими и Никола Поповски.

2. Информација на претседателот на Република Македонија за текот на разговорите со претставници на Претседателството на Европската заедница.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака
(Мнозинството пратеници).
Дали некој има против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (никој)
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Минуваме на **прво****ата точка** - Предлог за верификација на мандатот на пратениците во Собранието на Република Македонија Љупчо Георгиевски, Шукри Рахими и Никола Поповски.

Извештајот на Републичката изборна комисија и Извештајот на комисијата за мандатно имонитетни прашања ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за верификација на мандатот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека на пратениците Љупчо Георгиевски, Шукри Рахими и Никола Поповски им е верифициран мандатот.

На пратениците Љупчо Георгиевски, Шукри Рахими и Никола Поповски им пожелувам успешна работа во Собранието на Република Македонија

Минуваме на **втората точка** - Информација на претседателот на Република Македонија во текот на разговорите со претставници од Европската заедница.

Го молам претседателот на Републиката да земе збор.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитувано Претседателство уважени пратеници, во текот на овој месец престојуваат два исклучително значајни настани за заокружувањето на меѓународното признавање на Република Македонија: Седницата на шефовите на држави и влади на Европската заедница на 11 и 12 декември во Единбург и започнувањето на процедурата за прием на Република Македонија во ОН, во текот на втората половина на декември.

Настани во врска со кој беше и есконцентрирана интензивната меѓународна активност на Република Македонија, со Платформата и принципите на таа активност во целиот овој период доследно се темелеше на ставовите, на документите што ги утврди Собранието на република Македонија и посебно на Декларацијата што ова Собрание ја усвои во врска со Лисабонската Декларација на ЕЗ.

Најнапред за принципите на нашата меѓународна активност.

Целокупната наша активност во овој период се темелеше на следниве принципи:

1. Република Македонија е суверена и независна држава која ја стекна својата независност по мирен легитимен пат и во рамките на меѓународните норми и процедура која бара меѓународно признавање.

2. Република Македонија ги исполнува сите услови за да биде меѓународно призната, содржани во Повелбата на Обединетите нации, во Хелсиншката декларација и Париската повелба, како и условите што ги пропиша Европската заедница за признавање на Републиките на бившата СФРЈ. Тоа го констатира, како што добро знаете, и Арбитражната комисија на Европската заедница уште на 15 јануари 1992 година.

3. Надвор од меѓународните правни принципи и норми и од практиката на меѓународните односи, признавањето на Република Македонија е блокирано во рамките на ЕЗ. Основната и единствена причина за тоа е противењето на Република Грција и нејзиното барање за да биде призната, Република Македонија да го промени своето име и во него да не се содржи зборот Македонија.

Привилегираната позиција на Грција во ЕЗ и принципот на консензус во одлучувањето на ЕЗ беше решавачки при усвојувањето на Лисабонската декларација на ЕЗ да биде содржано ваквото барање.

`4. Република Македонија не може да прифати промена на името со која во него нема да се содржи зборот Македонија. Прво,таквото барање е спротивно на Уставот на Република Македонија и на волјата на граѓаните изразена на Референдумот на 8 септември 1991 година. Второ, таквото барање е преседан во меѓународните односи: директно го загрозува правото на народите за самоопределување, слободата на избор на сопственото име и националната припадност и достоинството на граѓаните. Трето, таквото барање може да предизвика сериозни и тешки последици не само за независноста на македонската држава и за идентитетот на македонскиот народ, туку за мирот и стабилноста на југот на Балканот. Тоа би била потенцијална закана за остварување на познатите претензии на соседите спрема македонската држави и македонскиот народ. Претензии кои не се само историски факт, туку имаат и актуелно значење за денешните прилики на Балканот.

5. Не може да се преферира и рационалното барање за промена на името, односно опстанокот на Владата на една земја, за сметка на опстанокот на цел е ден народ и држава.

6. Република Македонија е определена и остварува мирољубива политика. Не учествуваше во војната на просторот на бивша Југославија и

во целиот овој период го помагаше меѓународниот мировен процес како во рамките на ЕЗ, така и во рамките на Обединетите нации.

7. Република Македонија е определена за траен мир, рамно- правна соработка и сожителство на Балканот, за непроменливост на границите без договор, за политички дијалог и мирољубиви средства во решавање на споровите, за сестрана економска , политичка и културна соработка за слободен проток на луѓе добра и идеи. Услов за мир на етнички измешаниот Балкан е почитувањето на правата на националностите и нивно остварување во рамките на меѓународните документи и стандарди.

Нешто да кажам за последиците од одлуките на Европската заедница.

1. Одлагањето на меѓународното признавање на Република Македонија од страна на Европската заедница создаде поширока блокада на меѓународното признавање на Македонија. Заради мандатот што ЌЕП и го даде на Европската заедница за решавање на проблемот на бившата СФРЈ, практично најголемиот дел во светот бирателарно и во рамките на меѓународните институции се определија да ја следат Европската заедница со став дека таа има мандат за тоа и дека се работи за европско прашање. Заради тоа три пати беше стопиран приемот на Република Македонија во ЌЕПС и ако и за ЌЕПС ги исполнува сите услови.

2. Одлагањето на меѓународното признавање ја оневозможи досега Република Македонија да се зачлени во меѓународните финансиски институции и организации.

3. Одлагањето на меѓународното признавање создаде услови за компликување на економската состојба во Републиката, како резултат од посредните и непосредните штети што ги трпи Републиката од војната на

просторот на бивша СФРЈ. Санкциите на Обединетите нации спрема СР Југославија и од блокадата , нафтеното ембарко и другите економски притисоци што врз Македонија ги спроведе соседна Грција. крајно се отежнаа условите за нормален живот и стопанисување, како резултат на што пораснаа социјалните и политичките тензии. Тоа може да биде закана за демократијата и мирот во Републиката.

4. Сето тоа се одвива во услови на зголемена несигурност во регионот на Балканот. Жестоката војна во Босна и Херцеговина трае. Нерешениот проблем на Косово и неизвесниот расплет на внатрешната ситуација на Сојузна Република Југославија се сериозна закана за ескалација на војната на југот на Балканот. Република Грција продолжува со економските притисоци и блокади, го одбива компромисот за изнаоѓање решение за признавањето на Република Македонија испроведува невидена анти македонска кампања во светот.

Последниве месеци зголемените тензии во регионот, а особено заканата од ескалација на војната на Косово, влијае на оделни политички раздвижувања и иницијативи на Балканот, меѓу одделни земји или пак заеднички иницијативи. Најголемиот број од нив сметаа и на фактот на непризнавањето на Република Македонија, како што тоа беше иницијативата на Грција за гарантирање на границите на Република Македонија од страна на соседите. Тоа беше чист политички маневар за да се докаже дека Македонија со ништо не е загрозена и дека не треба се брза со признавањето, дури не се исполнат условите, а во меѓувреме економскиот колапс и социјалните тензии, треба да завршат работа, да не натераат да ги прифатиме условите или да бидеме објект на интервенција заради мирот на Балканот.

5. Директна последица на Лисабонската одлука е фактот што Европската заедница се најде во состојба неа да не може да ја спроведе.

Сега би сакал да кажам неколку зборови за преземените чекори во остварувањето на позицијата на Република Македонија.

1. Главната активност беше концентрирана на остварување на ставот дека Лисабонската декларација е неприфатлива за Република Македонија и дека Европската заедница мора да најде излез со решение прифатливо за Република Македонија. Како резултат на тоа Европската заедница именува посебна мисија предводена од амбасадорот 0"Нил за изнаоѓање решение за проблемот.

Остварени се интензивни и контакти со ЕЗ, посебно со Велика Британија како претседавач на ЕЗ во овој период, како и бројни контакти и средби со соседните држави, со други европски земји и региони.

2. Обезбедување присуство на компетентни меѓународни организации во процесот на заштита на сигурноста во регионот, во услови на блокирано меѓународно признавање. За таа цел, посебна активност беше насочена за ангажирање на ЌЕПС и Обединетите нации, како резултат што ЌЕПС испрати посматрачка мисија во Република Македонија, а генералниот секретар на Обединетите нации донесе одлука и испрати мисија за проценка дали се потребни мировни сили во република Македонија за контрола на границата со Србија и Албанија. Исто така, остварена е и целосна соработка со Женевската мировна конференција.

3. Обезбедување претходни активности за прием во Обединетите нации. Поднесено е барањето за прием на Републиката во Обединетите нации. Процедурално, расправата очекуваме да започне на седницата на Советот за безбедност во втората половина на месецов. Република Македонија ги исполнува сите услови од Повелбата на Обединетите нации за прием. Во врска со приемот во Обединетите нации остварени се бројни контакти: неколку пати со Генералниот секретар на Обединетите нации, со земјите членки на Советот за безбедност. Во сталниот состав на Советот за безбедност членуваат и две земји членки на ЕЗ: Велика Британија и Франција. Во одлучувањето на Советот за безбедност може да се употреби правото на вето.

Зачленувањето на Република Македонија во Обединетите нации процедурално правно е чисто прашање. Но политичката реалност е спремноста на одделни членки на ЕЗ да гласаат за, да се воздржат или онаа членка која го има тоа право да стави вето во Советот за безбедност.

4. Интензивни активности и контакти со Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Европската банка за реконструкција и развој во подготвителни услови за зачленување.

5. Бројни и интензивни активности кои беа сврзани со надминувањето на штетите и последиците од: санкциите на Обединетите нации према СРЈ, за што. и формално е побарана компензација за штетите од Обединетите нации. Од тоа нафтеното ембарго и блокадите на соседна Грција, за што постојано се информираше Европската заедница, Европската комисија и пошироката меѓународна јавност. И последно, обезбедување економска, техничка и хуманитарна помош, пред се од Европската заедница и Соединетите американски држави.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

Неколку зборови за актуелната содржина и елементите за разрешување на проблемот на признавањето од страна на Европската заедница.

Прво,битен и релевантен е фактот дека ЕЗ е одредена од КЕБС да одлучи за меѓународното признавање на републиките на бивша СФРЈ. Најдобро би било тоа да се случи во согласност со Европската заедница, заради нашите идни односи со неа и соработката со неа, кои се за Македонија како европска земја од исклучително значење или барем со согласност од мнозинството членки на ЕЗ.

Второ, ограничувачки фактор за позитивна одлука на ЕЗ е принципот на консензус во одлучувањето во ЕЗ . Иако , како што иззви завчера господинот Даглас Херд, формално ако нема консензус секоја членка може да постапи по своја волја.

Трето, ЕЗ на состанокот во Единбург ќе расправа врз основа на Извештајот на амбасадорот 0"Нил и предлогот на Велика Британија како претседавач за изнаоѓање излез од неспроведливоста на Лисабонската декларација, односно за изнаоѓање решение кое ќе биде прифатливо за сите страни

Од неколкумесечните активности на претседавачот на ЕЗ и врз основа на последните разговори со британскиот премиер Џон Мејџор изнесени ни се следните нивни ставови:

1.Постои. расположение и наклонетост на одреден број членки на ЕЗ на состанокот во Единбург- да се реши меѓународното признавање на Република Македонија загрижувачки економските последици во Република Македонија од одлагањето на нејзиното признавање. Голема е загриженоста дека натамошното одлагање на признавањето е фактор на нестабилност во регионот и закана за внатрешната стабилност во Републиката.

2. И покрај фактот што Република Македонија ги исполнува условите пропишани од ЕЗ за признавање, создаден е политички проблем во Заедницата заради грчкото барање за промена на името. Во Европската заедница функционира принципот на консензус и солидарност.

Заради тоа, нивно мислење е нужно е да се направи компромис меѓу ставот на Република Македонија и Република Грција за да прашањето се реши што е можно поскоро.

3. Република Грција стои на позиција дека има неприкосновено, историско право на името Македонија. Според тоа, за неа компромис со Република Македонија би бил единствено да се прифати формулата од Лисабон а тоа е употребата на зборот Македонија за Грција значи наводно израз на територијални претензии и загрозување на националната безбедност, и името на државата не може да го содржи зборот Македонија.

4. Прифатени се со целосно разбирање ставовите на Република Македонија за ургентноста на потребата за признавање.

Досегашните активности на Република Македонија за изнаоѓање компромисен приод, имено измените на Уставот, иницијативите за потпишување билатерални договори за границите, договор за пријателство и соработка итн, оценети се како израз на добра волја и почитување на европските принципи за однесување. Ги разбираат при- чините заради кои Република Македонија не може да се откаже од името: заштитата на националниот идентитет и спречувањето на аспирациите од страна на соседите. Тие аргументи се уважуваат. Но, грчкиот став е реалност и во интерес е и на Република Македонија ЕЗ да донесе одлука во согласност и

со Грција. Секое поинакво решение, по нивно мислење, би создавало дополнителни и долгорочни проблеми.

5. Доколку се постигне компромис и ЕЗ ја признае Република Македонија, веднаш ќе започне брз и широк проект за меѓународно признавање, за прием во ООН, за прием во меѓународните финансиски организации и институции и значајна економска помош на Република Македонија.

6. Ако не се постигне одлука и признавањето повторно се одложи во Единбург, тогаш и активноста во ОН би се одвивала со по- големи тешкотии. Во таков случај ограничени се и дометите на економ- ската помош.

7. Заради сето тоа Република Македонија најдобро е пред состанокот во Единбург, пак по нивно мислење, да изрази спремност за извесна модификација, односно за додавка на името за надворешна употреба. Со оглед на фактот што Република Македонија целосно ја одбива можноста за промена на името тогаш како чин на добра волја тогаш може да изрази спремност само на името за надворешна употреба да внесе додавка на сегашното име. Таквата спремност би била во полза на активностите на земјите пријатели на Република Македонија во нивните настојувања за меѓународно признавање и би извршила силен притисок при одлучувањето во Единбург и во рамките на ОН. Таквата одлука не се бара од Република Македонија да ја донесе сега, туку после состанокот во Единбург, зависно од неговиот исход.

Тоа беа изнесените предлози од страна на Велика Британија односно од ЕЗ.

Да констатирам, соочени сме со следните објективни факти:

- одлуката на ЕЗ е релевантна за проблемот на меѓу- народното признавање во целина;

- не постои целосна сигурност дека земјите од ЕЗ, членки на Советот за безбедност, нема да ја блокираат одлуката во ОН;

- долгото одлагање на признавањето не става во невозможна економска ситуација со последици што се реална закана за социјалниот мир, демократијата и меѓунационалните односи;

- долгото одлагање ја прави несигурна нашата позиција во регионот.

Кои се нашите можни чекори:

- Не се откажуваме од името Македонија. Никој нема право, ниту претседателот на Републиката, ниту Владата, ниту Парламентот да се откажат од името Македонија. За тоа не постои ниту уставна основа ниту политичко или морално право. Последиците од таквата одлука би биле закана за идентитетот на македонскиот народ, за стабилноста на државата и нејзиниот опстанок во реалното опкружување.

Аргументите на Република Грција дека името Македонија имплицира територијални претензии се крајно неосновани. Република Македонија е суверена и независна држава со уставно утврдени граници. Подготвени сме да потпишеме билатерални договори со Грција за непроменливоста на границите и за пријателство и соработка.

Конкретно, во врска со импликациите од името: Одредувањето Република значи се лоцира Република Македонија како државно - правен субјективитет, а не идентификација со целиот географски регион. Заради дополнителен чекор кон компромис и како израз на добра волја, би можеле

да ја изразиме подготвеноста за додавка на името за надворешна употреба со термин што уште попрецизно ја лоцира државната територија, иако тоа е непотребно, со името на главниот град во заграда. Одлука за тоа би се донела зависно од исходот на состанокот во Единбург. Тоа не би барало промена на Уставот на Републиката.

- Да продолжат активностите за прием на Република Македонија во ОН и да се остварат нови контакти, зависно од исходот дна состанокот во Единбург.

Кои се можните исходи од Единбург и нашето поставување по нив:

а) ЕЗ да ја признае Република Македонија со предложеното компромисно име за надворешна употреба, со додавката Скопје во заграда.

- Во тие услови Собранието би ја донело одлуката за додавката во името на Република Македонија за надворешна употреба. Веднаш би започнале активностите во ОН и приемот во меѓународните политички и финансиски организации.

б) втор случај може да биде ЕЗ повторно да го одложи признавањето на Република Македонија со став дека сеуште не е изнајдено решение прифатливо за сите страни.

- Во тој случај, ние би започнале веднаш со активностите во ОН за признавање под нашето име.

в) Европската заедница да констатира дека не е постигната согласност за признавањето на Република Македонија, но дека секоја членка на ЕЗ може поединечно да го решава ова прашање.

Во тие услови Собранието не е должно да донесе било каква одлука за додавка во името. Веднаш би започнале активностите за прием во ОН и другите меѓународни институции и организации.

И, на крајот, заклучок:

Што е до сега постигнато?

Прво, овие преговори дефинитивно покажаа дека Лисабон- ската декларација со која се бара од името на државата да се брише зборот Македонија е неспроведлива и отпаѓа. Нашите аргументи беа уважени.

Второ, во било која солуција името Република Македонија си останува. Не се менува уставот. Во случај да не признае Заедница- та, што значи тоа признавање да биде од страна на 12-те членови во тој случај и само за надворешна употреба после името Република Македонија во заграда би следела додавката (Скопје). Тоа е отстап- ката која, во тој случај, би можела да се направи за разрешувањето не само на проблемот на непосредното признавање, брзото и непосредно признавање на нашата држава, туку и за трајни добрососедски односи и соработка со Република Грција.

Трето,уште еднаш со тоа би ја демонстрирале нашата добра волја, а ако таа изостане од страна на нашиот јужен сосед и ЕЗ и сета меѓународна заедница уште еднаш ќе се уверат во тоа кој го оневозможува средувањето на приликите на Балканот и мирното сожителство на балканските народи.

Според тоа, името Република Македонија, нашиот национален идентитет и достоинство сме ги бранеле и ќе ги браниме и натаму консеквентно, убедени дека е тоа наш долг пред сегашните и пред идните генерации.

Од се што е речено произлегува дека денес не треба да се донесува било каква формална одлука. Во меѓувреме ќе чиниме се што е во нашата моќ до Единбург да ги убедиме сите членки дека сега е моментот Македонија да биде призната од целата Европска заедница.

По одлуката во Единбург Собранието ќе го каже својот конечен збор, дали се исполнети условите за формална одлука.

Веднаш по состанокот во Единбург ќе следи процедурата за прием на Република Македонија во ОН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од повеќе пратенички групи сум замолен после излагањето на претседателот да дадам пауза од еден час.

Нека се симне излагањето од стенограмот да се подели на пратениците, веројатно е кратко еден час, нека биде повеќе, со работа можеме да продолжиме во 16,00 часот.

Збор побара господин Стефковски**:**

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Навистина чувствуваме потреба да се направи една пауза заради одредени консултации во нашата пратеничка група, бидејќи за прв пат денеска официјално од претседателот сме информирани за активностите што се правени на полето на меѓународното признавање на нашата Република и честото споменување во неговата информација на зборот "компромис", па така што ќе произлезе дека ќе бидеме македонци само во рамките на Република Македонија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме сега....

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

....и "скопјани" во странство.

Оттука, потребни се нови договарања и консултации во нашата пратеничка група. Бараме пауза, како што реков од еден час и мислење од Владата на Република Македонија по излагањето на претседателот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме во 16,00 часот, затоа што излагањето на претседателот треба да се симне од стенограмот.

(Седницата прекина во 13,45 часот.)

(по паузата седницата започна со работа во 16,15 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со претресот, да се договориме како ќе го води- ме претресот.

Предлагам секој пратеник да може да зборува еднаш.

Дали се прифаќа тоа? ( од место некој од пратениците предлагаат дискусијата да трае пет минути) пет минути, тоа е малку.

(Благоја Ханџиски од место предлага дискусијата да трае 15 минути).

Значи, прифативме секој пратеник да зборува еднаш (реакција на пратениците во салата меѓу кои имаше предлог дискусијата да трае пет минути)

Не пет минути, не се прифати тоа.

(Пратеникот Ханџиски од место предлага 15 минути) Господинот Ханџиски предлага 15 минути.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, ми се чини дека нема место на почетокот на расправата да се договараме за некакви правила според кои ќе ја водиме расправата. Ние сме пратеници во еден повеќе партиски парламент. Исто така се работи за прашања кои што се од витално прашање за државата, ми се чини уште позначајни од донесувањето на Уставот и апелирам до сите пратеници да не прифаќаме некои вакви претпоставки кои што не ни се потребни. Повеќето од нас имаат потреба да го кажат своето мислење и нема многу да си поласкаме ако прифатиме некои вакви ограничувања по еднаш, по пет или десет минути. Ми се чини дека таквите ограничувања се непотребни и смешни. Апелирам да ни се дозволи како пратеници да го кажеме својот збор.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се разбереме. Овде ние постапуваме во согласност со деловникот. Деловникот предвидува можности за ограничување

Ограничувањето е секој пратеник да може еднаш да се јави и ние ограничуваме заради тоа што на секој друг треба да му се овозможи да се јави. Ако некој се јавува неколку пати, а еден нема да дојде на ред еднаш да се јави, тоа не е добро. Затоа го предложив тоа и тоа се прифати.

Сега господинот Ханџиски предлага нешто друго, да видиме во што се суштината, во што е тој предлог

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, сложеноста на ситуацијата, актуелноста на политичкиот момент, функциите на ова наше заседание секако налагаат дека треба ефикасно да работиме. Претпоставувам дека претседавачот на Европската заедница кој што го составува дневниот ред за Единбург сеуште целосно не го дефинирал карактерот на прашањето за признавање на Република Македонија и ќе сака јавноста да знае каков е ставот на Парламентот за степенот до кој што сме стигнале во разговорите

Од тука би сакал да предложам навистина за ефикасно работење да зборуваме максимум по 15 минути заради тоа што сум убеден дека за петнаесетина минути навистина се што се сака може да се искаже при што би апелирал и на тоа да се повикуваме на реплики само ако бидеме поименично спомнати.

Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ова за репликите е и инаку во ред, туку за овие 15 минути. Да не бидеме така да речам тврдо за 15 минути туку еден повик до сите да не бидете преопширни и да зборувате така да може и друг да каже.

Значи, пратеник има право еднаш да зборува и одмерено долго, да не претерува премногу долго за да може и друг да каже

Ве молам кој се јавува за збор.

За збор се јавува господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Даме и господа, јас сметам дека натамошниот тек на оваа седница ќе има далекусежни последици за нашата држава и од аспект на процедурата сум пред следново прашање: За наједноставно нешто да кажеме засегањето или зафаќањето по квадратура земјоделска корисна површина или шуми во овој Парламент се бара мнение, мислење, гледиште на Владата, потоа се бара став на матичното собраниско работно тело и навистина сега би сакал да знам зашто нас како на претставнички дом не ни се нудат такви гледишта и дали тоа се темели на некакви одредби на Уставот или пак во оној наследен деловник за работење, па да можеме да продолжиме со расправата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Голубовски има процедурално прашање.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Пардон да не ги мешаме прашањата што господин Голубовски мисли да прашува. Јас би сакал моето прашање по однос на процедурата прво да се уточни и да знам за она и што го засега во државното ткиво темелно има ли потреба или нема потреба од мислење од Владата, а исто така и од став од матична, ако постои таква комисија во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, на дневен ред ние оваа точка ја ставивме по барање на претседателот на Републиката, а врз основа на неговото уставно право да

го информира Собранието и само е тоа постапка и процедура. Владата ако дава мислење може да даде мислење, но за нас тоа е еден од материјалите овде но и релевантно е тоа мислење. Само не информира претседателот. Водиме расправа да му се овозможи на претседателот да чуе што мислиме ние за понатаму. Инаку, ние немаме акт кој треба да има некоја постапка во согласност со Деловникот. Ние имаме само информирање и така е, видете во Уставот ќе видите што пишува таму.

**ЈОРДАН БОШКОВ :**

Донекаде јас ќе бидам упорен. Каква е тогаш целта на расправата. Дали Собранието донесува некакви заклучоци, дали од тоа произлегуваат некакви акти кои што се понатаму обврзни за претставниците на македонската држава и воопшто зошто да продолжиме кога со расправа бидејќи информацијата како таква веќе е добиена целосна и изворна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа точка се става претседателот да го информира Собранието бидејќи претседателот оценил дека има потреба за тоа. Тоа е право на претседателот и ние ја ставивме точката. Расправа има доколку сакаат пратениците нешто да кажат во врска со Информацијата за да му користи на претседателот во понатамошната работа. Ништо понатаму, нема акти. Никаков акт не е на дневен ред. Тоа е познато. Така да во расправата ќе учествува оној кој сака и оној кој што има нешто да каже и ништо понатаму.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Реакциите од типот на господин Јордан Бошков се сосема на место. Ние расправаме за многу сериозно прашање,дури се поставува  прашањето

од сериозноста на прашањето дали сме компетентни воопшто да расправаме како Парламент на една ситуација која што не е до крај јасна во која функција е свикан Парламентот. Ние овде слушнавме од претседателот на Собранието дека една од можностите, тоа е мое толкување, една од можностите е дека само ќе бидеме информирани. Тогаш претседателот можеби ќе требаше да се обрати до македонската нација, до јавноста и ќе бевме информирани после толку време кога веќе не бевме во тек никако во сите тие настани. Бидејќи сметам дека тоа не е денешната цел што се собравме, се работи за тоа Парламентот да се вовлече во игра, во процесот на признавање, и на се она што е постигнато да му се даде одредена легитимност, јас сакам да поставам прашање, во интерес на целисходноста што ќе останеме понатаму и дали треба да останеме, дали досега претседателот на Република Македонија во процесот на признавање во своите активности кои што знаеме дека ги одвива се држи до овластувањето со Уставот што се предвидени? Дали нема....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали нема ве молам тие прашања вие поставете ги во учеството во расправата.

**ВЛАДИМИРГОЛУБОВСКИ:**

Тоа е важно прашање на почетокот заради тоа што ние може да дојдеме во ситуација да дадеме алиби на едно однесување од која ситуација подоцна потешко ќе излеземе. Јас би сакал навистина да знаеме што денес ние ќе работиме? Ќе усвојуваме ли информација или штом ќе заврши расправата без никакви заклучоци ќе одиме и ќе кажеме слушнавме што било досега направено, немаме никаква одговорност за тоа што е направено, не даваме никакво покритие дали е во рамките на една

програма на надворешната политика која што ние на една од поранешните седници ја донесовме. Со еден збор немаме никаква одговорност за тоа што го слушнавме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам прашањето на одговорност се знае за секој функционер како се поставува. Прашањето на одговорност дали на претседател дали на министер, дали на претседател на Влада итн., се знае како се поставува. Овде имаме постапка утврдена со Уставот. Претседателот на Републиката има право да се обрати на Собранието да го информира и го информира. Доколку пратениците да расправаат по информацијата, може да расправаат и тоа е се што е на дневен ред, нема ништо понатаму.

Ако сакате друга седница треба некој да покрене точно каков документ треба да се донесе. Ќе закажеме седница во постапка во која треба и тогаш документ ќе донесеме.

За збор процедурално се јави Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Процедурална забелешка сакав да поставам уште на почетокот на седницата пред да го изнесе своето излагање претседателот на Републиката, меѓутоа не добив збор и ја користам можноста во рамките на излагањето на пратеникот Бошков да го кажам она што сметам во врска со целта на денешното заседание на Парламентот, заради тоа што и претседателот на Собранието кажа дека претседателот на Републиката може само да ја искористи можноста расправата на пратениците да ја искористи во функција да утврди како тие мислат.

Пратениците по однос на името на Република Македонија нејзиното меѓународно признавање, мислења, смислија и го утврдија со соодветни акти така да немаше основ оваа седница да се свика заради некое

формално правно покритие за она што министерот за надворешни работи го најави преку телефон во својата изјава од Лондон. И, во тие рамки сакам да укажам на следното, како процедурална забелешка. Барајќи во врска со излагањето тоа го добивме да се почитуваат членовите 483, 485, 486 и 487 од Деловникот на Собранието,нормално постојниот деловник а кои се однесуваат на главата за односите на Собранието и претседателот на Македонија.

Во член 483 став 1 се вели "односите меѓу Собранието и претседателот на Македонија се засноваат врз правата и должностите утврдени со Уставот и врз принципите на меѓусебната соработка во нивното остварување".

Член 485 "претседателот на Собранието им ги упатува на пратениците предлозите,иницијативите за решавање на прашања од општо значење за Републиката од надлежност на Собранието што претседателот на Републиката ги претресува и утврдува. Известувањата на претседателот на Републиката по прашањето од неговата надлежност".

Член 486 "Собранието ги разгледува ставовите, предлозите, мислењата и известувањата што ги поднел претседателот на Републиката и по нив зазема ставови и заклучоци" и единствено и во смисла и во рамките на овие цитирани одредби на деловникот јас ја сфаќам и забелешката на пратеникот Бошков. Тоа го кажувам Собранието да заземе конкретни ставови и заклучоци по Информацијата односно експозето на претседателот на Републиката како и премиерот и да ги извести пратениците за добиениот извештај од специјалниот пратеник господинот О"нил на министерот за надворешни работи на Англија господинот Даглас Херд кои елементи за одговор беа поставени пред Владата а во врска со подготовките за извештајот на амбасадорот 0"нил и евентуално на тоа што одговори Владата на тоа. За истото пратениците да бидат известени писмено.

Ова го поткрепувам со следното образложение: Заради тоа што имаме умешност во водењето на седниците, заклучувањата по расправата да се прилагодат во зависност од потребите пред се кога се работи за експозеата на претседателот на државата. Ова ќе го илустрирам само со два примера цитирајќи од оние елементи од стенограмите на седниците на овој парламент.

Првиот пример, на 31-та седница кога Собранието распра- ваше на 10 и 11 јануари за точка Информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за меѓународната политичка активност на Република Македонија, пратениците го ислушаа излагањето, експозето на претседателот никој не се јави за збор и по заклучувањето на претресот претседателот на Собранието го предложи следниот заклучок. Тоа се цитати од стенограмите.

Под точка 1 "Собранието ја усвојува информацијата на претседателот на Република Македонија за меѓународната политичка активност на Република Македонија" која беше на некој начин повторно усно изнесена и под

2 "Собранието му дава целосна поддршка на претседателот на Република Македонија за активностите што ги презема на меѓународен план за афирмирање и признавање на суверена и независна Македонија".

По гласањето со 98 гласа 11 за" никој против и четворица воздржани претседателот на Собранието констатира дека Собранието го усвои предложениот заклучок. Што значи ние по усно поднесени информации од претседателот некогаш сме и заклучувале, а заклучоците ни ги предлагал претседателот на Собранието.

И второиот пример на 41-та седница одржана на 7 август 1992 година како прва точка имавме повторно Информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за разговорите водени со премиерот на Сојузна Република Југославија Милан Паниќ. Расправа по информацијата имаше. Во моето излагање упатив забелешка Собранието да донесе заклучок само ја прими на знаење информацијата на претседателот а не да ја усвојува и да гласа по неа. Притоа треба да се има во предвид какво беше расположението на мнозинството пратеници за да претседателот на Собранието расправата ја заклучи повторно во истиот стил како што тоа сега го предлага, со следното: "Оваа точка на дневен ред е поставена врз основа на уставното право на претседателот да го информира Собранието кога оценува за потребно. Не постои уставна можност и основа негова информација да биде прифатена или неприфатена. Затоа нема можност ние за тоа зашто да се загрижуваме. Со тоа го известивам господинот Петров она што го зборуваше какво е неговото мислење." Не постои уставна основа да се прифати или да не се прифати информацијата од претседателот. Тој има право Собранието да го информира по сопствена оцена еднаш годишно е должен инаку по сопствена оценка има право. Овие работи ги кажувам затоа што Собранието, еве повторно цитат од претседателот на Собранието. "Овие работи ги кажувам затоа што Собранието со овој заклучок не може да го задолжува претседателот да го повикува овде да информира заради тоа што претседателот не е извршен орган на Собранието. Ова го кажувам заради тоа што имаше живи иницијативи од некои пратеници да го повикаме претседателот да даде информација. Таква можност со Уставот не постои, но претседателот процени и тоа го искористи."

Иако претседателот на Собранието еднаш оттука кажа дека ниту Собранието ниту неговите работни тела немаат право да го толкуваат

уставот во конкретниот случај тој самиот си го протолкува  по теркот што самиот си го цитирав за да ја извлече ситуацијата меѓутоа во една ситуација постапивме на еден начин со заклучоци, во друга ситуација како и сега се предлага само да се помине.

Тогаш се поставува прашањето за мене лично како што и пратеникот Бошков го постави што е целта на денешното заседание и затоа барам претседателот да се придржува и да ги почитува цитираните одредби од Деловникот и Собранието сепак да донесе одделни ставови и заклучоци по прашањата што се наметна на дневен ред.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да појаснам, да се разбереме. Точно е тоа дека во јануар работејќи уште по стариот устав така постапивме. Но ми беше преговорено од правниците зошто така постапуваме кога е битно поинаква ситуацијата на претседателот во сегашниот устав отколку што беше по поранешниот устав и уставните амандмани и деловникот кој што е усогласен со уставните амандмани. Оттаму на тој начин постапивме во август, точно така а јас не го толкував уставот туку само го прочитав и кажав точно како пишува господинот Петров ако се потруди ќе види точно како пишува. И затоа и сега постапуваме на ист начин како и во август. Ете тоа е работата. Инаку, ако ние овде по чисти надлежности на претседателот ако сакаме да исфорсираме наши заклучоци, ние можеме да предлагаме заклучоци ќе свикаме седница по постапка по која треба да ја закажеме итн. ако се однесува на претседателот и на претседателот, ако се однесува на Владата, на Владата, но по утврдена точка во согласност со Уставот од чиста надлежност на претседателот, се разбира не можеме да ставаме други работи кои едноставно не се во согласност со таа точка. Ние немаме име на Македонија или незнам што итн. Ние имаме  информација на

претседателот на Републиката Македонија за текот на разговорите со претставници на претседателството на Европската заедница. Ние ништо не одлучуваме. Ние имаме овде таква точка. Затоа ве молам натаму да одиме.

Молам кој се јавува за збор. Отворам расправа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**:

Морам да признаам како пратеник, во едно љубопитство очекував закажување на една ваква седница од историскиот пренос преку Телевизија со сјајниот коментар на господинот Лапе кој пренесуваше од поздравувањата пред Даунин 10 и мислам дека и премиерот на Англија и некои други во негова придружба можеа слободно да ги испратат и до Лондонскиот аеродром нашите претставници бидејќи тие навистина направија добар бизнис.

Излагањето на нашиот претседател кое што вешто структурирано и кое што не може да не се признае дека содржи голем степен на оптимизам за разлика од сите други настапи и најави за ситуацијата во Македонија и во врска со Македонија како да сака да ни каже дека токму тоа излагање што денес ни се прелага ќе ги реши сите проблеми на Македонија, а проблемот е толку мал, само треба да го промениме името на Република Македонија.

Од друга страна таквото излагање просто сугерира дека македонската надворешна политика во овој период била непогрешлива и нема причина воопшто да се разговара за некое подобрување и да се побара поддршка од некој радикален пресврт во таа политика од македонскиот парламент како партнер на парламентарната демократија на една институција како што е претседателот на Република и македонската влада, но за да се даде

оценка која што би можела да биде навистина објективна не може да се коментира само предлогот директно во врска со промена на името на Република Македонија туку треба да се пријде на исти таков начин како што содржеше по методологија и самото излагање на периодот кој претходеше до оваа седница што за жал немаме прилика да го оценуваме како пратеници во македонскиот парламент.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**:(Продолжение)

Мора прво да се констатира дека сите активности, особено во контекст на меѓународното признавање се одвиваат во еден поместен однос на институциите на власта, надвор од уставно- дефинираните односи и практично во Македонија егзистира претседателски систем, наместо парламентарна демократија за која се определивме. Тоа за последици имаше состојба на недозволиво долг вакум на отсуство на Парламентот од сите овие важни процеси, па дури и на Владата, а истовремено уште еднаш се потенцираше уште една вистина во однос на Македонската Влада дека оваа Влада на- вистина со големи проблеми ќе може да си ја врши својата функција, бидејќи највиталните ресори (Министерството за односи со странство, внатрешни работи и народна одбрана) се под јурисдикција директно на претседателот на Републиката и се надвор од автономијата на Владата.

Ние во последниот период за цело време бевме соочени со контраверзите на македонската надворешна и внатрешна политика во еден постојан стил на демантирање од страна на нашиот претседател на сите свои настапи , интервјуа, политички потези, а особено противречни изјави кога тие изјави беа наменети за македонската јавност од оние кои што беа наменети за надвор. Исто така, доминантна карактеристика на надворешната политика која што ја креираше и води нашиот претседател е една нелогична упорност и еден впечаток на водење политика со принуда. За да бидам појасен ќе го кажам накусо само примерот кој што ја оддава технологијата за наметнување и реализација на ставови, а која што се содржи и во својата прва фаза само со промовирање во форма на гласина,

потоа во еден период откако вознемирувањето ќе стивне и ќе се подзаборави тоа што било најава на крај излегува дека таа гласина била вистина и дека зад таквите замисли навистина стои човекот зад кои што претпоставуваме дека може да посака на таков начин да ги решава политичките состојби во Република Македонија. Така беше со двојазичноста која што најпрво се најави, а потоа и се реализира во Република Македонија, а особено типичен пример кој што има и тоа како врска со процесот на меѓународното признавање на Македонија е донесувањето на новиот Македонски устав.

Македонскиот народ беше потценет пред очите на Европската и светската јавност кога нашиот претседател го гарантираше текстот на Уставот уште во нацрт фаза. Вие знаете дека ние моравме и да прегласуваме некои членови затоа што тие не биле презентирани во таква форма претходно. Ако е тоа така, а јас верувам дека прифаќате дека тоа е вистината на која што укажав тогаш и проблемот со името добива едно значење кое што ќе не натера сериозно да размислиме и да разговараме од потребата за оценување на вкупната политика која што се води во Република Македонија. Тоа што Единбург се совпаѓа со кризата на состојбите во Република Македонија можеби е среќна околност доколку најдеме сили да преставува пресвртница позитивна во идната политика на Македонија.

Сметам дека оценката на македонската државна политика може уште тука да се лоцира исто така и одговорноста на средствата за јавно информирање кои што служеа на ваков стил на водење на политиката во Република Македонија и за кое во еден ден во една анализа и со утврдување на фактите ќе мора да се побара одговорност за

уназадувањето на позитивните процеси во Република Македонија и за застојот на демократскиот развој.

Исто така, имам забелешка на тоа што претседателот на Република Македонија не повика на општ национален и државен консензус , не ги повика политичките партии, а одбра еден друг пат за кој што веќе се искажа во македонската јавност.

Неприфатливо е за мене, исто така, во близина на државниот врв, а практично како експоненти на политиката која што ја води државниот врв да се отвораат просторите на средствата за јавно информирање на тези кои што ја дестабилизираат ситуацијата во Република Македонија, во случајот на однесувањето на министерот за односи со странство Денко Малевски и неговата сопруга, ја спомнувам од друг аспект, како научен работник, кој што заедно изнесуваат тези за тоа дека Македонија е мултинационална држава, за консензуална демократија, а истовремено знаеме и господинот министер, и тоа не беше дематирано јавно рекол психички не може да прифати Македонија да биде самостојна држава и надвор од Југославија. Во контекст на тоа не може да се одбегне одговорноста на оние кои што го охрабрија да отстапи од својата отстапка и да го остават на таква важна функција каде што се решава практично нашата судбина како држава.

Но, што всушност добива Македонија ако претпоставиме на хипотетична претпоставка со евентуална промена на името. Македонија објективно не може ништо да добие бидејќи проблемот со војната во Босна долгорочно не може да се стави под контрола, тоа значи дека нашата северна граница и понатаму ќе остане блокирана, а Република Грција и сама кога би останала во самиот процес на признавање и која, нормално, се подразбира ќе ја држи блокирана јужната граница, фактички ситуацијата

за Македонија во ништо нема да биде променета. Дури ни финансиските средства кои што се најавуваат се повеќе едно очекување , посакување надвор од објективноста бидејќи финансиска помош од Европската заедница , каде што Грција веќе Турција подолги периоди ја држи под контрола со вето, нема зошто да не претпоставиме да таков механизам ќе функционира и во случајот на Македонија. Значи, се работи за еден политички потег кој што не може да се брани. Македонија не добива ништо, дури ни претпоставка ако самата си го ограничи суверенитетот и си ја доведе во опасност самостојноста со промена на името дека навистина ќе ги реши проблемите она што се сугерира на обичниот човек кој што е под товар на социјалните проблеми и на кој што му се сугерира дека уште утре е можна војна. На сопствениот народ на кој што му се сугерира дека нема перспектива и што се убиваат сите креативни иницијативи и се она што може да предизвика позитивни процеси во Република Македонија.

Зошто да не кажеме дека Европа не ја одржува шансата за признавање на Македонија, затоа што ги почитува принципите што таа ги изгради и што се втемелени и во начелата на ООН. Дека таа одамна ги напушти тие принципи кога се однесуваше тоа со Македонија туку поаѓа од сопствениот интерес, од страхувањето дека војна ескалација во Македонија ќе биде надвор од процесот на мирот во Европа каде што нивните глобални интереси ќе бидат засегнати. Тоа е вистината зошто Европа воопшто разговара со Македонија и одржува шанса за разговор во еден процес за признавање. Ако е тоа така, ние тогаш треба да ја извлечеме од тука нашата аргументација затоа што Македонија има најмалку да изгуби од било кој сосед и помалку од која држава во Европа. Ние мора да опстоиме на своите принципи што ги донесовме и овде во Парламентот дека промена

на името на Македонија од она што го утврдивме како Република Македонија немаме право и не смееме да мислиме да покренуваме таква процедура. Бидејќи веќе и од нашиот државен врв се најави дека шан- сата треба да ја гледаме во прием во ООН тука се поставуваат две прашања. Зарем толку не можеше да се согледа тој факт уште пред повеќе од една година, а уште повеќе затоа што имаше укажувања за можностите дека во ООН нашите шанси се поголеми .

Второ, во случај на неуспех во Единбург македонската политика не смее да остане со својата содржина и стил како досега. Таа мора радикално да се измени и наместо да поаѓа од инфериорноста на македонската позиција, што наивно поверувавме дека некој ќе не сожали и ќе ни ги решава проблемите таа политика мора да поаѓа од самопочит на македонскиот народ и да заслужиме да бидеме респектибилни како народ и како држава кои што уште сега ги воспоставува своите функции и која што со висок степен на веровватност дава уверување дека Европа нема да има проблеми од старателство покасно за Република Македонија. Оваа држава може да функционира само во сопствениот национален систем и дека има јасно определена цел, а ние тоа го направивме и со референдумот кога се изјаснивме за самостојна и суверена Македонија. Единбург исто така го покренува и најважното прашање , тестот колку за тоа Македонија успеа демократски да се развие, а тоа е во случај на неуспех на македонската политика доколку не дојде до признавање таа политика не само што треба да се смени, туку државниот врв и сите оние што учествувале во креирање на таквата политика сосема е нормално и морално и етички да поднесат оставка.

Останува само да изразам жалење затоа што кога би се впуштил во други прашања што не можат да служат како поткрепа на она што го кажав би била изгубена суштината од еден план. Ние мора да седнеме и отворено да разговараме од една временска дис- танца на разговорите во Охрид , повлекувањето на армијата веќе ситуацијата станува појасна има нови податоци и може да се согледа политичкиот процес во една друга светлина. Ние мора да го преиспитаме овој период зад нас за да не правиме грешки во иднина и да обезбедиме еден пат кој што ќе обезбеди влегување на Македонија во Заедницата на слободни држави во Меѓународната заедница.

Да заклучам со тоа дека и покрај тоа што излагањето на господинот претседател содржи не само прифатливи туку афирмативни пораки, но заради тоа што зад скриено сепак стои тенденцијата да се протури еден предлог за промена на името. Лично ќе гласам против прифаќање доколку дојде до такво изјаснување и предлагам на целиот Парламент да го отфрли во целина.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, прашањето околу името на нашата држава и можниот додаток, како што слушнавме овде со придавка не е ниту партиско, ниту пак е прашање на претседателот на Републиката и на овој Парламент. Ирационално е , нашето име е Република Македонија. Ова би било преседан во досегашната историја со менување и настојување на одредени политички, регионални асоцијации да на една држава и наметнат промена на име. Мислам дека нашето ненавремено приклучување, и не би рекол нашето туку ненавременото приклучување на актуелната власт околу независноста на Република Македонија се изгубени чекори. Водењето на надворешната политика во едни тесни рамки, мислам како наследство од

минатото без пошироки политички консултации со политичките партии околу можно изнаоѓање на еден консензус околу прашањето на Република Македонија и непромената на нејзиното име, мислам дека доведе до една ваква ситуација да некој си зема за право да дава, дозвола, така да кажам во името на нашата држава да се додава и некоја придавка. Без разлика што се вели за надворешна употреба, секогаш името на една држава повеќето е за надворешна употреба, отколку за внатрешна, затоа што за внатрешна потреба сите граѓани многу добро си знаат како им се вика државата и на која националност и припаѓаат итн.

Повеќе некаде од година дена за странските средства за информирање изјави околу и за Република Македонија даваат само одбрани луѓе, па дури и се дозволуваше и историчари со титули, доктори, магистри итн., да даваат дури и политички изјави. Тука би спомнал само еден професор кој настојуваше околу признавањето на Република Македонија место историски да дава политички изјави. Госпоѓата сигурна Нада Проева итн., која велеше , ми се чини за Чикаго трибиум беше , вели ќе видите на следните избори колку партијата ВМРО-ДПМНЕ ќе добие гласови итн. Мислам дека такви неодмерени, неодговорни изјави придонесуваат за Република Македонија и нејзината надворешна политика да се третира , на еден би рекол непримерен начин. Вчера слушнав на ББС, во една емисија на српски јазик вели на Балканот имате само две држави кои се сеуште комунистички во кои владеат бившите комунистички партии. Тоа е Република Србија и Република Македонија. Добро е што ми го спомнаа името како Република Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

А денес на нашево радио слушнав една мисла на еден радио-новинар кој вели: "Знаете што ни сервира "Нова Македонија", денот започнува со "Нова Македонија", а новинарот кажа "јас ќе речам денот започнува со она што ќе ни го понуди "Нова Македонија", а јас би додал и македонската телевизија затоа што за нив има само една вистина т.е. нивната вистина. Мислам дека овој Парламент во целина го отфрли оној дел од Лисабонската декларација во кој што се бараше промена на нашето име. И тоа, ако дел од овие пратеници во овој Парламент го негираат и мислат поинаку дека може да се додаде придавка, верувам дека многу често и за многу малку време си го менуваме нашето мислење.

Јас би се запрашал што значи Република Македонија со таа придавака што на некој начин овде се сугерира, ние да се предизјасниме, така ни беше објаснето од господинот претседател, во заграда Скопје. Какви се можните импликации понатаму? Европските држави имаат долгогодишна дипломатија. Ние имаме дипломатија повеќе од една година или една година како независна држава во водење на независна дипломатија. Ми изгледа дека во овој случај ако нашата дипломатија прифати една ваква придавка дека е наивна дипломатија, а не обмислена и дипломатија на една држава која себеси се смета за некој фактор, независно дали мал или голем.

Овде ни се сугерираше, јас морам да се запрашам што значи дека Република Македонија нема да прифати име во кое нема да биде содржан и терминот Македонија, што значи би рекол на една мала врата ни се сугерира да прифатиме некоја придавка, т.е. некоја заграда.

Плашењето со социјални тензии и опасност за демократија итн. со можниот развој на настаните во Косово со можна војна, морам да

констатирам дека постојат, но мислам дека не може да се применат со компромис т.е. прифаќање од наша страна на некоја придавка во името на државата. Тоа се само настојувања за мене за оправданоста на една политика која доживува се повеќе неприфатливост од страна на Македонците и сите граѓани кои живеат во Република Македонија. Мислам дека барањето за прием во Организацијата на Обединетите нации на нашата Република, Република Македонија е единствено меродавно решение затоа што Европската заедница е една би рекол повеќедржавна т.е. континентално регионална групација која за жал морам да констатирам економски и воено е доста силна, но тоа не ја оправдува да диктира кој како ќе се вика т.е. да биде наметнат а несакан кум. Ирационални се таквите забелешки на Европската заедница, без разлика на нивната моќ и економска и воена и дипломатска. Таквите залагања се косат со меѓународно- правните норми и она што таа Европска заедница досега ги учеше сите посиромашни и помали држави, т.е. почитувања на граѓанските права и слободи итн. Самата Европска заедница со настојувањето една држава да си го промени името, затоа што една нејзина членка се залага за тоа, а јас не сакам да елаборирам овде од кои причини таа нејзина член- ка се залага затоа што сите вие тоа добро го знаете, мислам дека навистина уште еднаш ќе повторам е ирационално. Јас би рекол само во услови на изгубена војна, т.е. на поствоените конференции се диктираат услови кон државата или државите кои во таквата војна доживеале пораз. Ние сме една држава која сега засега не била нападната од ниедна таква држава, што значи дека услови како држава, а се деклариравме како независна држава, дури треба да си кажеме овде дека добивме признание од десетина земји, значи не сме непризната држава туку можеби сме не пошироко призната држава, а сме призната држава. Секогаш Македонија и во минатото можеби без разлика што имала повеќе непријатели, меѓутоа,

се наоѓаат и пријатели. Европската заедница може да одлучува единствено дали ќе ја прими или не Република Македонија во своето членство, тоа е нејзино право, без разлика што гледам - и господинот претседател на една ваква моја за- белешка се насмевна и господата од оваа страна т.е. овие како што ги нарече еден од пратениците, "бившите комунистички партии кои се на власт" а знаеме дека се на власт сега, без разлика на тоа, меѓутоа, во меѓународното јавно право секогаш се знае како и кој е тој што одлучува една држава да биде примена во тие меѓународни институции. Пред се нам ни треба пошироко меѓународно признавање, а тоа е Организацијата на Обединетите нации. Мене ми е жал што и покрај залагањата на нашата партија требаше ми се чини навреме и пред се и над се нашата дипломатија, која реков дека на некој начин ми делува дека е наивна и мислам дека е наивна, пред се и над се требаше да бараме признавање од Обединетите нации, пошироко признавање и контакти со сите држави и овде го кажавме ние уште пред година дена, и во Азија, Африка, Јужна Америка, без разлика колку се тие силни или не се силни, без разлика дали го диктираат и кој го диктира светскиот поредок, меѓутоа, ако тие држави од Европската заедница се залагаат за некоја правдина, правдината се состои во тоа. Мислам дека претседателот на Република Македонија ниту нашата дипломатија нема право да дава ветување на било кого околу името на Република Македонија. Името на нашата држава е и си останува Република Македонија.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас ќе започнам со едно мало уводно излагање во интерес на ова со македонскиот фолклор кој нашиот македонски народ го испеа и создаде многу народни песни во

текот на борбите, во текот на радоста, во текот на се, а сега му дојде времето на тие песни да-им ги измениме имињата. На пример, како ќе ја пееме песната "Земјо македонска", Земјо скопска или Земјо штипска? (Во салата настана смеење). Како ќе се пеат двете најнови песни што ги измислија Охридски бисери каде вели: "само една има Македонија". Значи не била само една Македонија, сега ќе имаме скопска, штипска, битолска, преспанска и којзнае уште колку македонии. Пелагонска ќе ја бараме да се вика, таму има повеќе репа и затоа. Или оние двете - "Македонци, чувајте го името, македонско име нема да загине" или онаа "Оган да го гори тој што ќе ми збори за промена на името". И што сега ќе зборуваме понатаму? Ка- де е онаа носталгија на оној македонски иселен народ во прекуоќеанските земји кои деноноќно мисли на оваа Македонија и ова македонско име? Треба прво на нив да им преведеме текст како да пишат та- му скопска или како ќе се вика Македонија. Еве, јас сметам дека уште со неразјаснетите ставови на Тупурковски кога за таквите ние го анатенисавме дека никој не смее да спомне промена на македонско име и дека во Австрија зборувал за тоа и е човекот - не е разјаснета работата што стана, не е дадена анализа, не е дадена информација ни од него ни од врвните луѓе, а сега се предлага од истите луѓе смена на името скопска Македонија. Дали ние сите велевме и во Уставот и секаде и на седниците и во песните и секаде дека никој нема право да одлучува за менување на името. А кој сега, изгледа одеднаш, до вчера во Битола се колнеа луѓето и велевме дека не е можно никој денес да може сам да се осуди, не сам, туку свеста ќе го јаде да помисли и до вчера никој не мислеше дека претседателот или Денко Малески ќе дадат таква мисал за промена на името, а да не мисли дека ова не е промена на името. Таа заграда може да биде со цртица повлечена, а ако прстот му го даде на непријателот, отиде и раката. Тој тоа сака, малку по малку, и сетне ќе си

оди и другото. Никој не може да рече дека тоа не е. Како ќе се води таа меѓународна коресподенција со двете имиња. Јас незнам дали може да имаме име за дома и име за овде друго. Јас сум тој и за овде со името и за во странство, и за тука и за секаде. Тоа не е вистина дека така ќе стане утре дека тоа не ќе се продлабочи. Старите итри лисици знаат, тие постепено постепено, ќе си дојде на легало и она другото. Скопска, па друго, па трето и ајде. Дали не е тоа зачеток дека ние сега прв пат признаваме Македонија. Во сите песни испеавме дека само Македонија е. Јас еднаш дискутирав овде за непризнавањето дали е причината само Грција и сега пак ќе го повторам тоа. Точно е тоа дека таа сака да манипулира и да не се признае никогаш, ама којзнае и ние дали не згрешивме тогаш за тоа признавање кога се изјаснија Германија, Италија и Франција да не признаат, а ние одржав- ме тајни договори во Охрид и којзнае дали таму капата не беше скроена, а се чекаше свечениот чин сега да се клај капата на глава.

Овие денови се одржаа трибини на неколку места меѓу кои во Штип и Битола имаме доста средби. Народот секаде се изјаснува и со акламации, со аплаузи дека нема никаде да дозволиме да се менува името. Признавањето треба да следува само под ова име и се прашувам кога доста голем број држави не признаа под ова име, како што е Турција, Бугарија, Русија, Хрватска, Словенија и други, дали со ова ние сега не правиме девалвација и на нивните одлуки, дали не треба сега тие да ги менуваат тие одлуки да не ја признаат Македонија, ами треба да менуваат сега не, и ние сега ќе ја признаеме скопска Македонија. Смешни излегуваме во светот. Оваа срамота не знам каде ќе се чуе, која е таа нација, кој е тој народ што си дозволува вакво нешто. Не памти историјата во светот никаде не се чуло, најпростите африкански и азиски народи, ене ги голи и боси

умираат и не сакаат да се чуе нивното име да се промени. А ние се сметаме овде Европјани, цивилизирани балканци и веднаш со неколку лаги и веднаш ајде. Ами ако не не признаат и потоа? Утре ќе речат друго име да предлагаме, ќе манипулираат со нас. Кој не сака, кој ни го мисли доброто, јас сум сигурен дека и под ова име побрзо ќе не признаат, почесни ќе бидеме, похрабри, повесели отколку вака цинички да се пробиваме на другите кои ни го мислат лошото. Од каде сега ќе ја фрламе оваа листа, кога министерот Малески во претходната Влада се изјасни - суверена држава после мене, јас сум југословен, па тие сега - затоа треба да го менуваме името, дека тој така велеше таму? Зар таму не е разбрано од другите држави во Европа што е зборувано кај нас. Зошто господинот претседател не повика од него да си поднесе оставка штом вели така за една Македонија - министер за надворешни работи. А се велеше само ако треба да се бира, пет пати него ќе го бираме. И што сега, изгледа зошто немаше никакви вести и информации на телевизија, само Лапевски поздравува "Здраво - здраво" добредојде, добре си ојде. Јас незнам таму нешто се зборуваше. Што се зборна таму на пример, дали се зборува да се смени името, дали се вршеше притисок на господинот претседател, не- ка се каже и тоа, нека се induced нешто по, ако не така да се напад- не Лондон, туку нешто друго можеше да се рече. Да се запознаеше јавноста. А ние, одма од таму се оди и со некоја скроена капа и ај- де плаќај сега на овие, на Парламентот ќе наложиме, ќе мислиме дека ние овде не ги разбираме работите, ами не мора да го усвојуваме, не треба да го донесеме, ама мора да мислиме да го смениме името и ако го смениме името можеби ќе очекуваме признание. Можеби ќе очекуваме - тоа во граматиката идно време се вика. Ете и така на пример. Кој ќе го сноси овој срамен грев на овој македонски народ што си играме ние со него ашитци, знаете што се ашитци, имате играно сите.

Јас не верувам дека имаме едно име за тука, едно за таму, утре ќе водиме меѓународни договори, финансиски, коресподенции, признавање и други работи. Како ќе ги водиме сега со едно име за тука, едно за таму. Значи ние измислуваме работи нови, нови научници стануваме во светот и изгледа треба светот нас да не прати, а ние нив. Јас сметам да се отфрли оваа информација. Да не стане збор за овие заклучоци, туку да се чека исходот на Конференцијата во Единбург и можеби ако таму се одлучи за поединечно признавање само тоа е спасот, а никако ние да му се додвараме со промени на имиња овде. После тоа ќе видиме како ќе се одвива ситуацијата.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (продолжение)

И за вакви работи по мое мислење нема личност во Македонија која може да поднесе ваков срам, ваков грев освен македонскиот народ на свои референдум. Тој го носи тоа свое име, тој може да рече како ќе биде, ако не,не треба менување, не смее да се менува. Ние немаме друго име и ние мораме да одиме само под ова име. Јас ви велам дека сто пати ќе бидеме побрзо признати вака цврсто ако стоиме, а не вezден да преправаме, утре ќе ни речат и друго да менуваме, можеби ќе речат нешто друго и костимот да го смениме, па да не признаат. Затоа немојте, го молам овој парламент да размисли да не дозволува ваква игра, туку разумно да се размисли, да се чека можеби побрзо ќе не признаат под ова име, а не под друго име.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, македонскиот народ деновиве по кој знае кој пат во својата илјада годишна историја се наоѓа на крстопат. Меѓутоа, длабоко сум уверен дека овој крстопат е еден од последните. Токму заради тоа пред нас кои што ја имаме таа среќа, но и одговорност да бидеме не само современици на себитијата кои што ја одредуваат судбината на македонската држава и иднината на нашите млади поколенија во неа, туку со нашите одлуки директно да влијаеме на таа иднина. Се поставуваат истите дилеми пред кои што се наоѓаа основоположниците на нашата борба за само самостојност и државност низ вековите и посебно во пресудните години од Берлинскиот конгрес до денес. По кој пат да се тргне? По кој пат да се поведе народот? Што не чека на тој пат? Можеше ли да тргнеме по друг пат, има ли тој пат излез, или не води во ќорсокак, ќе издржиме ли на тој пат, ќе имале ли сила или ќе потклекнеме, ќе ја изгубиме верат во себе, ќе се предадеме, ќе дигнеме

раце од се, и ќе дозволиме да не носи бурата како вејка на ветрот. Тие што водат еден народ во вакви налудничави времиња немаат право на емоции, на страв, на колебање, немаат право на грешки во чекорите затоа што ако се изгуби чекорот со времето, со шансите што еден народ ги има во 1000 години, тие не се повторуваат, а грешките не се исправуваат, штетите остануваат трајни. Ако сите и го сакаме доброто на Македонија, ако сите сме спремни да дадеме се од себе, конечно да ја обезбедиме нејзината државност, да ги оствариме вековните идеали и крајната цел на нашиот народ зошто секој поединец цели да создаде фамилија, да остави потомство, а секој народ цели да создаде држава, да си обезбеди дом под сонцето не само што треба да ги поднесеме подеднакво жртвите што се поднесуваат пред олтарот на ваквата крајна цел на еден народ, туку и да ја споделиме одговорноста при донесувањето на одлуките што можат да значат се или ништо, иднина или небиднина. Ако сите ги имаме истите сознанија за состојбите во кои што се наоѓа нашата држава денес, за внатрешните и надворешните фактори кои што влијаат пресудно на нејзината иднина, не верувам дека ќе се разидеме во изборот на патиштата по кои што можеме да го изодиме патот до успехот и не верувам дека ако така постапиме ќе погрешиме. Напротив, само така пред оние надвор кои што со право или без право одлучуваат за нашата иднина ќе оставиме впечаток на разбрани луѓе, на зрел државотворен народ, на народ кој што знае што сака, кој што се бори само за правдата и вистината и е спремен на тој пат да истрае до крај. Не помалку е важно и тоа што со ваквиот пристап ќе го охрабриме и сопствениот народ, ќе му ја вратиме вер- бата дека го водат одговорни и разбрани луѓе, а не политиканти и аматери кои што не знаат што сакаат, кои што не можат да се носат со проблемите и се борат евентуално само за власт. Има ли воопшто смисла таа борба ако по наша вина, заради наши грешки ја изгубиме државата и си го оставиме

сопствениот народ единствен бездомник во Европа, не зборувајќи воопшто за сите надворешни и сите внатрешни фактори какви што се распаѓањето на поранешна Југославија, проблемите кои што произлегоа со трансформациите на политичкиот и економскиот систем, нашето неискуство во парламентарната демократи^а, недостатокот на нашите државни традиции, војните во нашето соседство, блокадите и др. кои што влијаат на нашите одлуки и на целокупната наша надворешна политика. Ќе се осврнам само на факторите кои што директно влијаат на признавањето на РМ. Се почна со донесувањето на одлуката за референдумот околу која што како што знаете постоеја бројни ди- леми и различни гледишта, што за среќа ги надминавме. И резултатите од Референдумот кои покажуваат дека 98% од тие што излегоа на Референдумот се изјаснија за самостојна и суверена македонска држава. Со тоа граѓаните на РМ јасно побараа "урбанистичка дозвола за градба на сопствениот дом и со донесувањето на Уставот. На тие што светската заедница им даде мандат да издаваат дозволи за градба на нови држави во Европа им ја поднесе целата документација со која пред Бадинтеровата комисија и докажа дека има целосно право да го изгради својот дом зошто е проектиран спрема најстрогите светски и европски стандарди. Дури тогаш се .појавија проблемите познати и на нашата и на светската јавност. Тие се многу слични на проблемите што би ги имал секој граѓанин на Скопје кој има плац во центарот на градот и ќе побара дозвола да гради куќа. Ќе му се бараат стотици потврди, ќе се бара согласност од 10 месни заедници, ќе му бараат и ќе му приговараат и ќе го попречуваат граѓани кои што живеат стотици метри подалеку од него, а најмногу сопствениците на соседните куки кои што ќе тврдат дека ќе им ги засени видиците, дека ќе им го земе погледот. Најдобро е плацот да си остане слободен, за почетокот во него да си играат нивните деца, а подоцна ако може и да се прошират со трајни градби. Македонската земја се наоѓа во

центарот на Балканот и јасно е дека сите соседи сакаат таа земја да стане двориште на нивните палати. Поминало времето кога им се дадени дозволите да ги прошират своите домови во нашите источни и јужни земји. Тие неправди денеска не можеме да ги исправиме. Еден наш сосед кој што има вековни тапии на ваквите желби се најде во групата на тие што треба да ни ја издадат дозволата за градбата на нашиот дом. Со обилна поддршка на некои членови на таа група повеќе од 120 години успешно не попречуваа во тоа, иако основоположниците на борбата за македонската државност уште во 1878 година со членот 23 од Берлинскиот договор успеале да издејствуваат одлука за давање автономија на Македонија. Познато е колку востанија се дигани, колку војни се водени, колку жртви се дадени и колку напори се вложени за да се реализира таа одлука. Но, познато е и тоа дека само еден дел од тоа наше право се оствари дури со одлуката на АСНОМ во 1944 година. Напорите на нашиот злочест јужен сосед продолжуваат до денес и не само што не стивнуваат, туку и добиваат на силина. Заради бројните заеднички интереси и со обилна поддршка на некои нивни осведочени пријатели ја убедија ЕЗ да ја донесе Лисабонската декларација со која јасно ни се укажа дека дозвола за градба на македонската држава на име Македонија нема никогаш да биде издадена. За нас беше сосема јасно дека издавањето на дозвола, односно дека признавањето на државата без името Македонија значи и нејзино постепено умирање, зошто дури тогаш им се дава право на соседите да ги сметаат и народот и државата за сечии и ничии, а пред се за свои. Затоа 6 дена по донесувањето на таа Декларација јасно се искажа нашето Собрание дека го отфрла делот во кој што се зборува за тоа и јасно кажа дека нема да прифати никакво признавање на РМ без зборот "Македонија" во нејзиното име. Името е идентитет на нашата нација, нејзино признавање

е минато и иднина и никој нема право да го избрише нашето минато и нашата иднина. Разговорите со ЕЗ за кое што денес разговараме тргнаа од тие позиции. Новиот претседавач на заедницата Велика Британија од позициите да ја спроведе Лисабонската декларација, а нашата делегација во името на нашето право и во името на вистината. на нивна страна беа нивните посебни и заеднички интереси, пријател- ските обврски спрема некои наши соседи и моќта и силата што ја има секој на кој што му е дадено правото да суди и да пресудува, а наша страна беа само правдата и вистината. Водени од своите внатрешни интереси, потребите да се потпише договорот во Мастрихт за обединета Европа и да се сочува единството во ЕЗ се определија за водење на долготрајна и исцрпувачка политика зошто очекуваа дека ќе изгладнеме, ќе не сосипат социјалнтие немири, не ќе успееме да го сочуваме мирот и ќе потклекнеме на ваквите безпризорни притисоци. Но, ете сеуште издржуваме. Правдата победува споро, но вистината за неа полека, но сигурно иако попречувана од Грција со потплатувања со повеќе милијарди долари продре во целиот свет. Овој народ денес од светската јавност се третира веќе како народ херој. Со одолговлекувањето на признавањето на РМ уште повеќе се усложнија и онака сложените состојби на бившите југословенски простори, се проширувaa пламените јазици на војната што можат да го зафатат Косово и Македонија и што сигурно ќе предизвикаат нова балканска и Европска војна. Јавното мислење и некои европски земји сфатија дека пламентие јазици на војната можат да ги зафатат и нив и дека всушност и самите ги разгоруваат, затоа што со непризнавањето на Македонија ги подгреваат аспирациите на сите оние што не својата, ги прават се понервозни и спремни да преземат некои очејанички потези што ќе значат сеопшта војна. НО, таа војна ќе се води на Балканот, на територијата на Македонија, ќе загубат сите како што рече некој овде, меѓутоа, најмногу ќе загубиме ние,

кој што може да загубиме и се она што е создавано низ вековите. Затоа сфатија дека со признавањето на РМ многу од тие неизвесности ќе бидат разрешени и последните 30-тина дена влегоа во желба да изнајдат решение за ирационалниот проблем на името што ни го наметна Грција. Англиската дипломатија со својата традиција, искуство и знаење му пристапи на овој проблем посебно сериозно. Требаше да приближи 2 брега, едниот на кој што пишува "Република Скопје" и ништо друго и другиот на кој што пишува "Република Македонија" и кој што нема никаква друга отстапница. Спрема првите имаа лични обврски, а спрема нас само грижата на совеста и одговорноста за евентуалниот неповолен развој на настаните. Ги убедуваа безуспешно своите пријатели, вршеа притисок и врз нас зошто останувањето на почетните позиции значеше и без излез.

Последните разговори покажаа дека не може туку така лесно да се избегне мечот на правдата и вистината и дека не може да се бара од еден народ да се обезличи и да го изгуби својот идентитет. Барајќи решение го доведоа во прашање единството во Европската заедница и дури некои свои пријателства. Тие сили во ЕЗ кои што се совесни, пријателски расположени спрема РМ и кои имаат и сопствени интереси во РМ бараат поддршка да го решат проблемот без да се наруши достоинството на Македонскиот народ, да се сруши неговиот идентитет и да се преземе неговото право на сувереност и државност, бараат да расправаме за спремноста откако ќе не признаат да донесеме одлука за додавање на географскиот атрибут "Скопје" во меѓународното име на РМ со што се зачувуваат нашиот идентитет, наци- јата, правото на овој народ на сопствена држава без промени на Уставот, без наметнување на промени во нашето комуницирање спрема светот и што е уште поважно што овде беше посебно потенцирано и без проеми во нашето комуницирање спрема сите тие

држави што не признаа  под името 11РМ" и што ќе не признаат понатаму исто така под името РМ. Дали изразувањето на ваквата спремност е наша голема отстапка и дали е достојна на влогот меѓународно признавање на РМ и прием во ООН. Без дилеми, да. Иднината на Македонија се решава и во Един- бург, иако таму можеби нема да дојде до целосно признавање на РМ, но и во ООН каде што Советот за безбедност ќе расправа за нашата молба за прием во наредните 2 недели. Таа молба како што ние е познато е дадена под името РМ. Се поставува прашањето, ако има сигнали дека приемот скоро може да се обезбеди со додавката на атрибутот "Скопје" до името РМ, за неговата меѓународна употреба, тогаш најмалку што може да направиме е да изразиме спремност да ја додадеме таа додавка откако ќе не признаат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не може да се додаде таа додавка! (Зборува од место).

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ако и се оддолжи постапката прашањето на признавањето, ве молам, завршувам независно од упадицата на мојот почитуван колега Голубовски, ако и се оддолжи таа постапка прашањето на признавањето на РМ повторно ќе се решава во ЕЗ и во ООН, затоа што ЕЗ во Советот за безбедност има два постојани члена и тоа е Франција и токму Англија со која што се водени овие разговори. Може ли со еден непромислен потез иако со изразената спремност не губиме баш ништо, туку создаваме можност да добиеме се, да му покажеме на светот дека Британската дипломатија е неспособна, а утре да одиме пак кај нив и да бараме да не поддржуваат и да го решаваат овој наш вештачки создаден проблем. Сигурно не. Ќе дигнат раце од нас и ќе не вратат да си го решаваме проблемот со Грците кои што се оличение на најтврдоглавата коза на гредата по која што треба да поминеме, оличение  на данајците од кои што

треба да бегаш и кога ти даваат дарови и кои што се спремни тие разговори да ги влечкаат со децении. И да не признаат и да не примат во ООН долго време нема да имаме пристап во ниедна Европска асоцијација и институција со исклучок на ЌЕБС каде што можеме да поминеме со правото консензус минус еден, затоа што Грците ќе стават вето секаде и по секоја цена ќе не блокираат целосно, затоа што санкциите со Србија додека траат нема да изгубат ништо, ќе ѕвечкаат со оружје, ќе не провоцираат. Значи, не чекаат уште потешки денови, а на овој народ треба да му обезбедиме мир и поголема сигурност. Притисоците врз него веќе се неиздржливи а ние мораме со некого да соработуваме и тоа со тие што имаат моќ и сила пак заради некои свои интереси да не помагаат. Подадена е рака и треба да искажеме спремност дека ќе ја прифатиме. Друга прилика тешко дека ќе имаме и затоа одговорноста на сите нас овде е огромна и подеднаква. Ова Собрание го избриша идеолошкиот предзнак од името на РМ, ова Собрание има право и да се сложи при надворешната употреба на името РМ да се додава во заграда и атрибутот Скопје и да донесе одлука за оваа промена откако ќе не признаат во Единбург 12-мината и откако ќе не признаат, односно примат во ООН.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа оваа вечер имам намера да говорам за он што го чувствувам во душа и она што го разбирам како државник. Основ на работа во политиката е и запазување на законитоста. Да, претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров е овластен да ја претставува Републиката надвор. Меѓутоа, за промените што имаат уставна одредба е овластено Собранието. Не можам да се согласам со тврдењето и на господинот Киро Глигоров и на еден говорниците пред мене, дека само со додавката Скопје не треба да се менува Уставот.

Од овдека почнувам и ќе завршам со своите генералии на крај. Член 1 од Уставот што го донесе ова Собрание јасно и гласно кажува. Тоа е името на државата, Република Македонија е суверена и самостојна демократска и социјална држава. Името е таму.

Член 6 гласи главен град на Република Македонија е Скопје

Ако оваа додавка некаде ја носиме ќе треба да ја избришеме од Уставот.

Значи веднаш на член 1 ќе треба да му додадеме дека и се вика, дали е заграда, ќе говорам после што значи заграда и слично. Тоа се тие одредници од Уставот каде на нас не ни дава за право ние овдека било што да изменуваме. Промената на Уставот се врши од ова Собрание со 2/3 мнозинство.

Во член 68 оф Уставот јасно кажува, Собранието на Република Македонија, говори надлежност, прво што е го донесува и го изменува Уставот. Како ако менуваме име на државата, не треба да го менуваме Уставот. Ве молам, дали некој ќе го менува или не, тоа е друго прашање. Меѓутоа, кога ќе го напише и ќе се потпишува под него, тогаш сигурно дека тоа му е име и презиме

Член 79 јасно кажува во став први, претседателот на Република Македонија ја претставува Републиката. Веднаш одејќи на- таму во член 84 говори вака : "претседателот на Република Македонија го определува мандаторот за состав на Владата, ги поставува или ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство, ги прима акредитивите итн. Никаде во оваа одредница на претседателот на Републиката не му дава за право, водејќи ја политика да го менува името на Републиката. Ова се норми кој ги гледам јас од Уставот. Реков дека ќе се претавам со име и презиме. Досега често пати сум говорел што ми е занимањето. Денеска намерно ќе кажам дека сум Стојановски Душанов Томислав . Што сакам со ова да кажам ? Средното име ми е татковина. Значи татко. Ако сега напишеме Република Македонија па повлака Скопје, да ве прашам вас овдека кои кога и колку пати се ставил со името во потпис на татко. Нашиот господин Киро Глигоров никој не му го спомна таткому туку секогаш се кажува Киро Глигоров. Па ќе ни остане татковината Македонија и ќе остане Република Скопје и често дипломатско оправдување и извинување простете ќе се претвориме во Република Скопје. Тоа е едниот момент што не ми дозволува, ако некој мисли дека е добро може да греши, така треба и да се разбереме. Што сакам понатаму да кажам? Господа, немојте многу лесно да се правиме јунаци. Ние донесовме повеќе резолуции и одлуки овдека. Дека името нема да се менува, јас се прашувам што да беше гаранција да такво име ќе биде, па Грција ќе не признае, не. Ова доаѓа отпосле. Ќе видиме какви ние сме јунаци. Борбата си добива на бојно поле, а не од кога ќе се заврши војната. Ние ако досега не потклекнавме да останува Република Македонија како што сме, така ќе останеме и до крај, а некој нека се испрашува што ќе биде и нека мисли што сме ние. Кој го задржува правото дека е Македонија? Грција. Грција во Европската заедница се заканува, ако нема консензус,

согласност да бидат признаени без именката Македонија, се помине на нејзино признавање, што е заканата дека ќе затвори границата према Македонија. Господа, едно е вистина замижете вие сега, направете еден ѕид према соседот. Дали вие кон соседот го заградувате, или сами се заградувате. Таа Грција преку Македонија треба да излезе, да оди некаде ова е само сега инструмент на војна . И ние не треба таа војна да ја прифатиме со страв. Не треба да покажеме, да потикнуваме. А тоа дали ќе има војна или не, јас сакам да говорам и за тоа. Господа треба да видиме кој ќе ни биде тој што ќе војува против нас. Ние на никому не му се закануваме дека ќе војуваме. Ние 45 години имавме измислен во боксот футинг непријател, сенка . Па и сега ли ќе имаме ќе не нападнат. Ние сме достоинствени, јас дадов во еден раз-овор ваква изјава. Што ќе правите вие македонците како ќе се борите. Ниту сте економски јаки, нити политички ниту воено. Ги прашав французите дали тие како французи немаат достоинство. Нашата војна е достоинството. Ние сме чекале сто години со достоинство и со достоинство пак ќе нудиме војна. Беше прашање дали вашиот претседател така ќе ја води војната. Да, како македонец со достоинство и нема да поткленкнам на никој и сум уверен дека сега ако не друго се работи за некоја уцена или заблуда.

Постојано се говори да му дадеме можност на некого. Дами и господа дали се прашуваме дали на некој нас ни дава можност кога избира да не не биде. Не, ние ќе треба да работиме, да докажеме дека навистина постоиме . Имаме економски интерес за нив и тие за нас. Територијално постоиме, затоа што и тие постојат. Ако вољно не постоиме нивната војна сила каде ќе оди ако нема против сила. Денеска без отпор, нема напад. Тоа е правило на физика. Јас ќе препорачам ова да не се прифаќа господинот Ханџиски нека бара реплика, тоа е негово право, не сакам да го оспорам, дека ако

подклекнеме ќе покажеме јунаштво, затоа што ќе избегнеме непријатности и ќе се признае државата. Господинот Ханџиски во неговото излагање во ниеден момент не ни пружи реален доказ, можност што и пред кој ако ова се употреби што добиваме. Само евентуално можност . Ќе му подклекнеме на овој, па тој ќе се со- жали. Жалениот никогаш не живеел повеќе од смртта. Најтешка работа е некој да те жали. Сите нека те кудат, во тоа е силата на човекот. Јас не го делам тоа мислење дека треба некој нас од сожалување да не признае. Треба да не признае како фактор, ако друго не е барем како географски фактор. Затоа постоиме и господа треба да ги разбереме ние Грците во едно. Тие свикуваат, имаат пријатели, тие се членови на Европската заедница и повторно свикуваат митинг, собираат 100 градоначалници да ги уверуваат европјаните дека само името Македонија е за нив. Тоа е нашиот проблем, а не Европска заедница. Проблемот е што тие сакаат да го задржат името Македонија, а понатаму со тоа да го вратат на сила договорот од 1913 година од Букурешт. Со тоа не треба да се согласиме, туку да останеме доследни без додавки, без ништо име и презиме Република Македонија во два наврата е потврдено 8 септември, прашањето беше во првиот дел јасно и гласно. Дали сте за самостојна независна и суверена Република Македонија, Со име и презиме. Се определи народот. Вчера или завчера дневниот лист на Нова Македонија вршел некоја анкета. Има еден круг на кој се дава процентот за оние кои се за промена на име, кој се неодредени и кои се да не се промени. За непромена се изјасниле 76%, за промена 6% неодредени 18%. Имаме анкета на оние што сакаат да имаат држава Македонија без друго име и презиме. Па ако ни дале мандат да ги претставуваме тие луѓе, односно македонците и граѓаните на Република Македонија, ни дале мандат, ние не можеме тој мандат да го злоупотребиме. Мора да ги застапуваме во рамките на нивното овластување, а нивното овластување е име Република Македонија.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, малку сум возбуден, ми се чини дека падна и последната историска карта. Не треба повеќе да се лажеме. Едно време кога кажував некој од вас се смеевте, но се што сум рекол во метафора се ми излегува на дело и видело, и се што ќе излезе, секоја метафора треба да биде закон на оваа држава. Кажав да бидеме или не. Редно е зевгарот, ако се сеќавате на една метафора што ја кажав, кога ги впрегнуваме воловите спротивно на страните да ги доведеме до еден правец. Се што ќе се случи отсега натаму, во оваа напатена земја првин сме виновни сите ние според мене. Правиме една историска грешка на сите луѓе кои живеат и живееле на оваа земја. Кога зборуваме за историска грешка ќе речеш мајката доста Митко зборуваше затворија устата не сакам да го кажам тоа. Сакам да кажам една гола вистина , една вистина која не треба да ја забораваме, да го исфрлиме интригаштвото од оваа земја Македонска, било од која партија да е, со интрига, со лага со крадење , со кариеризам со сиклофандија држава не правиме. Не може да биде некој спасител, а некој да биде нападнат и да биде виновен за тоа. На нас постарите многу јасно ни е, тоа го нагласувам да го слуша овој народ односно луѓето кој живеат во оваа наша татковина и во цела- та дијаспора, и сите луѓе кои се отидени од некоја причина надвор од оваа земја. Демагозите нека престанат со демагогија. Јас кажав било од која партија. Во овој момент не зборува од името на партијата на ВМРО-ДПМНЕ, зборувам од името на совеста, бидејќи доста му е на овој народ демагогии, мачења, лаги , затвори итн. В идете во што е работата. Кога детето плаче добрата мајка од плачот знае што бара детето. Нашата земја плаче, а некој сеир си гледа. Мајката пие кафе кај комшиката. Да престанам со метафорите и да навлезам во вистината односно и моите метафори не се ништо повеќе од една голема

вистина  со која се служеле, не сакам да се наречам филозоф, не сакам да се наречам ни пророк, иако ви кажав од тоа имам нешто што ме загрижува, меѓутоа, треба да знаеме една работа. Нашата совест бидејќи сме избрани од народ, а не сме избрание од нешто нечовечко, тој народ нас не доведе тука и ни даде полна доверба . Не да се караме, не да се расправаме туку да го избавиме нашиот народ ,овие луѓе, оваа земја на еден пат на една правда во сите полиња од неговиот живот, а надворешната политика да ја водиме правилно, како што го бараат луѓето од оваа земја. Од овие редови потекнуваат владите и претходната и сегашната. Лично јас не сум задоволен од дипломатијата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (продолжение)

Видете зошто не сум задоволен? Затоа што дипломатијата наша, според она што сум го читал јас лично и слушано по радиото и по телевизијата, нашите дипломати паѓале во дилема дали да кажат дека - а бре ние сме тие што ја водиме политиката, или пак да паднат во некоја дилерија, во некоја дилема со која ќе се извлечат - сиромашки сме ние, ајде ако може ние да направиме. Ова пазарлак не е.

Нашата дипломатија, како што некој рекол порано се заснива врз она што ние се мачевме да го дадеме во Уставот, во нашите закони и заклетвата што ја дадовме во овој Парламент дека ќе ја створиме таа држава, независна самостојна Македонија. Тоа треба да биде целта на дипломатијата. Меѓутоа, ми се чини мене тука нашата дипломатија потфрли. јас, од ова место, го молев тогаш претседателот на Републиката, ми се чини и претходната Влада дека нешто ни фали во некои две-три министерства. Ми се чини така беше. Молев некој од тие министри да дадат тука отчет и во друг свет, во демократски држави кога ќе видат дека на некои од министрите, да ми простите вие господа, не му оди работата, тие автоматски си даваат оставка.

Меѓутоа, ние сме малку подруги луѓе, малку се враќам од темата, столот ни е добар, го зажежевме, море не можат да не фрлат ни со триста кучиња, ако сакаат нека лаат и бесни кучиња нас не не тераат. Такви сме ние по природа, балканци.

Донесените акти од ова Собрание, очито се гледа во донесените акти дека ние сме тие што ја баравме таа наша држава. По барање и по повик од

нашиот народ. Тоа недобро го изврши нашата дипломатија. недобро. еве во што е суштината на тоа што го зборувам:

На неколку седници, на неколку патувања во Европа и надвор дипломатијата како да недораснала да ги исполни целите за кои беше поставена. Тие гласила што доаѓаа од надвор, ми се чини дека не беа лага. беа вистина дека нашите дипломати не сакаа пред овој народ да кажат се што рекле таму и го сокрија тоа и од нашето Собрание. Тука е најголемата грешка.

И една друга работа што не треба да ја заборавиме, не треба да се води, господа, дипломатија со стари сфаќања. Не! кога зборувам за стари сфаќања јас сметам и вие знаете, многу пати сум зборувал, не можеме да мислиме на тоа дрво кога го реков, што паднало, а го посадил мојот дедо и да мислиме уште таму а да водиме некоја дипломатија за тоа дрвце што ќе го садиме сега. Се знае, тоа умре, а дипломацијата наша е да го растеме и негуваме ова дрво што сега ние го посадивме. Да не мислиме на бивша Југославија туку на оваа држава што ја создаваме , а на некој начин сакаме да ја дигнеме на нозе.

Се поставува прашањето што после Единбург? Јас сум крајно убеден, ние имаме до сега направено две -три кардинални грешки.

Прво, ние сме признати од некои држави. Пред овој аудиториум, од ова место сум рекол, не признаа неколку држави што се темели и поттик да не признаат и други држави. Со никакво обележје не го одбележавме нивното достоинствено признавање на оваа земја. Реков, ништо повеќе не ќе не чинеше ако околу Собранието или на Плоштадот на по еден јарбол се вееше нивното почитувано знаме. И тоа не сме го направиле.

Многу трошиме за симпозиуми, многу трошиме за некои награди, многу трошиме. Тоа ни е останато навика. Де ова да направиме, де овој да го викнеме, де ова да сториме, а малку, малку даваме на тоа што треба да дадеме. да ги фатиме сите патишта, не да молиме, да молиме достоинствено за признавање. не на едно место. На повеќе места. Тоа е надворешната дипломатија.

А, на внатрешен план да бидеме малку поширокогради и да ги исполниме ветувањата на овој сиромав човек, наш сиромашки човек. Јас знам, ако малку избегав од темата, ако не признаат, ние ќе имаме помош. Само ни фалат две работи, два закони, што немаме единствена национална банка во Македонија и немаме закон за заштита на странските вложувања. Затоа луѓето ќе речат, ајде да не ве навредам сега да не се навредам и самиот, луѓето не ни даваат и не може да до- биеме.

Што после Единбург? јас сум убеден дека во Единбург ќе стане збор за нас. Ќе стане збор и тука ние ќе наидеме на јако противење на јужниот сосед. Ќе ги употреби сите средства да ни попречи во работава, но, свесен сум дека полека , полека односно веќе вториот, третиот ден ќе почнат да не признаваат држави што се благонаклонети на нашата кауза и нас не почитуваат. Од тоа ич да не се плашиме. Тоа ќе стане.

Не смее ме луѓе, ама никако не смееме, грев ќе ставиме на душата ако макар и една запирка промениме од нашето име. Тоа ќе биде голем грев.

Јас знам што се Грците. Добро ги познавам. Горе - долу ја познавам и грчката дипломатија. Ако една буква доадеш на твоето име од

Анастасијадис утре ќе те кажат Анастасис. Исто ќе се случи и со нашата држава.

Од името на народот, од името на сите луѓе кои живеат во оваа земја ќе ве молам никаков компромис за менување на името Македонија. Ако тоа го направиме, верувајте, луѓе не сакам да ве убедувам, знам дека сите се чувствувате како мене, сите што сте тука, ќе направиме кардинална историска грешка со која ќе не проколнуваат сите наши подоцнежни поколенија и тие деца постојано ќе имаат сопки од такви лоши соседи. Тука малку треба да се замислиме, јас малку се задоцнив, се зафатив малку повеќе да не си играме со судбината на нашата историја. Никој не смее да ни ја поцрнува историјата. Никој не смее да ни ја одземе историјата. Никој не смее да ни ја одземе Македонија, барем ова катче во кое веќе ја обновуваме историјата. Во ова катче кога веќе го имаме во наши раце не смееме да го дадеме на некој друг. Не бараме од Грција да се вика Грциј а-Атина. Тоа не го бараме . Ние, ја признаваме Грција како држава, немаме никакви територијални претензии и нема да имаме никогаш затоа што такви сме по при] рода и сакаме само да имаме отворени граници.

Дали ние сме грев спрема тие луѓе? Не. Јас ве убедувам дека не. Ќе бидеме сите многу помирни, јас ве убедувам, не ве убедувам туку ве уверувам дека сите ние тука, кои сме внатре, ако се признае Македонија таква како што сакаме сите, ние ќе бидеме сите, оти сме исти, оти сме луѓе, ќе бидеме многу помили, ќе имаме стран капитал ќе се отворат работи , ќе се прави железницата од тука, малку ќе избегам од темата, за каде оди таму за Бугарија, ќе се на- прави Вардар, таму што ќе се прават централи, ќе се отворат многу работи и нашиот човек ќе има работа. Богатствата ќе му служат на нашиот човек.

Јас, да ви кажам право не земам таков грев врз душата да ставам таква придавка на мојата држава. Се би прифатил, ама никогаш нема да прифатам да ме принуди некој со сила да ставам придавка на мојата држава исто како да ставам придавка на моето име. Не. И никој од вас ми се чини нема. Не сакам да ве убедувам, но тоа е грев. Угледот на еден народ, со тоа ќе завршам, угледот на еден народ, угледот на еден човек се гледа од домаќинството. Угледот на државата се гледа кои ја управува државата, какво е нејзиното име и перспективите на државата ќе бидат такви какви што ќе бидеме ние, луѓето.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, македонци или скопјани, име кое можеби ќе биде верификувано на претстојниот самит на дванаесетмината во Единбург, но без согласност на македонскиот народ, барем за она второто. Но, сигурно со согласност на мудрото македонско раководство на чело со господинот Киро Глигоров и неговата продолжена рака Денко Малески кој со никакво уставно право и без верификација на македонското Собрание се одлучија да ги преземат сите ингеренции околу промена на името на Република Македонија. А, и многу повеќе од тоа, едноставно речено се однесуваат апсолутистички - еден човек, една држава. Не би сакал да се задржам на досегашната неуспешна работа на господинот Киро Глигоров околу водењето на македонската држава како на внатрешен, така и надворешен план која, според мене е катастрофална. Примери има без број. Така што излишно и воопшто да се спомнат. Впрочем многу добро се познати на јавноста Илирида, Бит Пазар, непризната Македонија и редици други грешки и пропусти што исклучиво одат на штета на националните интереси на македонскиот народ и македонската држава.

Но, вредно е да се проанализира најновата состојба во која се најде Република Македонија, пред се благодарејќи на мудрата или подобро кажано премудрата политика чиј главен креатор е господинот Киро Глигоров, овде во оазата на мирот која утре може да стане пустина на смртта. Нормално, во соодејство со режимските средства за јавно информирање.

Кога сум кај средствата за јавно информирање долго време македонскиот државен врв врши терор врз свеста на македонскиот граѓанин прикривајќи ја правата вистина околу проблемот со поширокото меѓународно признавање на република Македонија. И понатаму вината се приврла само врз другите , а не врз себе си.

Следствено, македонското државно раководство не сака да ги согледа и сопствените грешки. Еден од посвежите примери за манипулациите штос е вршат врз македонскиот народ преку средствата за јавно информирање е веста на МАКПРЕС од Брисел објавена на 9.11.1992 година, во “Вечер” и “Нова Македонија” дека министрите за надворешни работи на ЕЗ донеле одлука дека членките на ЕЗ ќе пристапат кон поединечно признавање на Република Македонија. За да само еден ден подоцна, по интервенција на британскиот претставник, истите тие средства ја демантираат таа лага.

Се прашувам, господа присутни во ова Собрание, како е можно одлуката на шефовите на државите и владите на ЕЗ да ја менуваат нивните министри за надворешни работи? Вакви манипулации, или ќе бидам пообјективен, вакви лаги не верувам дека биле пласирани ни во земјите со најголема диктатура.

И, најсвежиот пример за далаверите на режимските средства за јавно информирање е текстот објавен во"Нова Македонија"од  8.12.1992 година,

под име "Молк и шпекулација", потпишани со иницијалите СЈ и ЖС каде што пишува, цитирам:

"Официјален став на нашата дипломатија е дека нема пазарење со името Македонија и дека е апсурдно барањето на Грција да се прави отстапка од тоа, бидејќи тоа е дел од историјата, од националниот идентитет и, на крајот на краиштата дел од Уставот на државата" .

А, вчера на радиото во 15,30 часот директно го слушнавме јавувањето на незаменливиот пројугослвоенски ориентиран македонски министер за односи со странство Денко Малески дека дал согласност околу името на државата Република Македонија (Скопје). Предходно цитираното од "Нова Македонија" е во потполна спротивност со изјавите на Денко Малески за македонското радио.

ПО оваа смисла голем дел од вината за сегашнава состојба, барем во републикава, со и околу признавањето на Македонија има при- паѓа и на средствата за јавно информирање со исклучок на некои кој можеби се малку пообјективни.

Кога сме кај името што веќе се промовира Република Македонија (Скопје) што за мене е апсолутно неприфатливо и понижувачко, а за господинот Денко Малески верувам и за неговиот претпоставен или наредбодател господинот Киро Глигоров претставува гест на добра волја на македонската држава кое, сигурен сум, катастрофално ќе се одрази врз целокупниот живот на Републиката, а најтрагично врз свеста на секој македонец. Што значи и губење на националниот идентитет надвор од рамките на Република Македонија.

Затоа господа, се прашувам што ќе биде со македонците во Егејска, Пиринска Македонија, како и македонците во дијаспората. Дали тие ќе се викаат "Скопјани" и ќе го изгубат идентитетот за кој вековно се бореле и ќе се борат. Во овој контекст се наметнуваат повеќе прашања:

Кој е тој во Република Македонија кој има кредибилитет да прифати промена на името Република Македонија и кој му го дал тоа право.

Какви се гаранциите дека со прифаќањето ан името република Македонија (Скопје), што за мене е исто понижувачки, ќе бидеме поединечно признати од членките на ЕЗ и ОН?

Која беше целта на отстранувањето на Тупурковски поради наводно прифаќање за разговор околу промена на името со Алојз Мок?

Која беше улогата на трочлената делегација од Кабинетот на господинот Киро Глигоров при посетата во Атина и што е таму договорено

Тоа се прашања на кои треба да одговори господинот Киро Глигоров, кој за жал не е тука, пред ова Собрание и пред македонската јавност.

На крајот, со кое право господинот Малески сугерира во вчерашното јавување во Брисел прифаќање на името Република Македонија - Скопје од страна на македонското Собрание.

Неговата улога како министер за односи со странство и неговата ЈУ-опција добро ни е позната и воопшто не ме чуди што прифати таква солуција околу името. Да барале европјаните да се викаме и бушмани господинот Малески тоа би го прифатил. Но, најболното од сето тоа е што господинот претседател на РМ господинот Киро Глигоров го згрози

македонското достоинство до темел. Не остави место да се израдуваме на македонската држава.

Со кое право прифати да не прекрстуваат кога еднаш сме крстени како Македонци. Улогата на Свети Јован крстител нема никој право да ја превземе. Впрочем и многу не ме чуди, вљубеноста на нашиот претседател во Комунизмот е очигледна. А, таму класното беше над националното. Денес, класнот е на питачки стап.

Дали е тоа иднината на македонскиот народ, иднина која ми изгледа се поцрна и поцрна како на политички така и на економски план? И, последната девалвација на денарот од 30% говори сама за себе. Впрочем треба да се слушне и инвеститорот, господинот премиер Бранко Црвенковски, како Македонија ќе ја извлече од кал ако веќе размислува и воопшто за тоа или наумил да не заглиби до гуша.

Но, би се навратил на името Македонија и придавката или додавката Скопје што еднодушно ја прифати и господинот Глигоров и неговиот емисар во Европа Денко Малески. Во оваа смисла би сакал да го потсетам господинот Киро Глигоров кој многу пати ги повторил дека никој во Македонија нема право и кредибилитет да прифати промена на името. Затоа беше донесена и Декларација од ова исто Собра- ние дека името на Република Македонија е непроменливо.

Верувајте господа, вчудоневиден сум, истите ние кои ја донесовме Декларацијата денеска треба да гласаме за промена на името. Каков апсурд на мудрата анационална политика на господинот Глигоров.

Господа пратеници, македонскиот народ таквото однесување секојпат со гнасење и презир го одбивало, Така секогаш било и така ќе остане.

Но, господине Претседателе кад згрешивте, колку невистини кажавте во овие скоро две изминати години? Дали опозицијата е виновна за вашите

неуспеси? Во Собранието имате мнозинство, работите што сакате, но не во интерес на македонскиот народ и каузата. Кој тогаш ви пречи? Опозицијата! Вашата способност или нешто трето, недефинирано барем за пошироката јавност.

Затоа изјавувам дека не сум во состојба и дека одбивам да учествувам во валканите игри околу Македонија, поддржана и од нашето државно раководство.

Затоа авалирам до сите пратеници да покажеме достоинство како македонци и да не подлегнеме на притисоците што се сервираат од надвор и од внатре. Да се вратиме на Климент и Наум, на Македонската црква, на македонските преродбеници и револуционери на Гоце и Даме, Ченто и плејада други кои не коленичеа како што некои коленичат овде пред никого и по цена на своето животно опстојвуање.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да кажам неколку збора во однос на денешнава седница која имаше две точки од дневниот ред. Првата за верификација на мандатот и втората која сега ја дискутираме и која има основно елементарно значење за македонската нација.

Првенството би сакал да кажам дека не би сакал да учествувам во игра во која одредени субјекти ќе искажат одредени ставови, работата е унапред договорена во смисла на тоа што и покрај она што е со факти и со тежина изречено пред македонската јавност сепак коалицијата ќе ја заврши својата работа односно основната цел за што е свикана оваа седница ќе се постигне. Ја ценам конкретната состојба, значењето која го има истата во однос на тоа да ете денеска пред нас се наоѓа информација во однос на формалното значење на овој термин е тоа да по информацијата се носат одредени заклучоци кои заклучоци чисто се сомневам баш денеска донесени односно се сомневам дека истите ќе стасаат пред Единбург, односно истите можеа да имаат тежина која не ќе има никакво значење за Единбург. Ова го викам, а сметам на тоа сепак ако се изгласа на крајот она што е предвидено и што беше во писмената информација на господинот претседател дадено, ќе укажам на тоа дека нашата пратеничка група имаше свој состанок, дека никако не може да се согласи со тој факт и со таква презентација пред Европската заедница, пред европската и светската јавност во однос на оваа алтенрнатива која што се нуди пред Европската заедница, односно уште утре веднаш ВМРО-ДПМНЕ ќе испрати со свој меморандум до Европската заедница во кој ќе ги каже работите онака како што повеќемина дискутанти овде ги изнесоа односно непопусливиот став на нашата држава.

Сметам дека до овој момент е водена катастрофално лоша надворешна политика. Факт е тоа да во изминатиот период остварени се

многу контакти со министри од Европската заедница, како главни координатори англичаните и факт е тоа дека се барани одредени компромиси со кои на некој начин би се решил овој проблем. Меѓутоа сосема изненадувачки е фактот што го добивме пред два дена во однос на она што беше понудено пред македонската јавност во однос на компромисното решение да покрај Република Македонија стои во заграда или како сакате со цртичка Скопје. Ако терминолошки влеземе кое е суштинското значење на оваа работа веднаш ќе ми стане јасно дека се работи за една држава односно која се вика Македонија односно Скопје. Јас се прашувам од каде овој став и од каде ова право на господинот претседател да го предлага пред Европската заедница. До кога ќе се крши Уставот на Република Македонија, до кога ќе газиме на сопствените декларации и да се потсетиме само на декларацијата што ја донесе овој Парламент непосредно од Лисабон во однос на вака актуелното изразено прашање како треба истото да се решава односно нашиот непопуслив став. Работите стојат толку нелогично што јас за кратко ќе се вратам во историјата и ќе ве потсетам на букурешкиот мир кога се решаваше судбината на Македонија, кога истата таа се парчеше. Ќе ве потсетам на тоа кога овој букурешки мир кој е постигнат и во однос на прашањето на поделбата на Македонија сепак тој договор не е потпишан од големите сили односно прашањето за Македонија и натаму за Европа е отворено, а исто така ќе ве потсетам на еден од главните арбитри кој го решава баш тоа македонско прашање беше и големата Русија.

Зошто се навратив назад и да ве потсетам за она што се случува сега. Факт е дека сме признати од двете земји и тоа своевремено големи империи, Отоманската, Руската империја. Факт е дека тие земји не признаа под ова име, Република Македонија. Факт е дека една земја од големите

арбитри ја признала својата грешка и помоглала на овој народ. И сега што станува, пред Европската заедница се нуди друга опција односно веќе веднаш слободно можам да кажам девалвирање на една голема сила и останатите држави кои не признаа така што се појавува една збунетост, пред Европа излегуваме со еден нов став неразбирлив, неприфатлив за македонскиот народ и граѓаните кои живеат во оваа држава така што ова прашање навистина и самата Европа би ја збунило.

Тука во писмената информација на господинот Глигоров дадени се три алтернативи со тоа што во првата алтернатива се повикуваме да дадеме согласност и за додавка на името. Во втората алтернатива дека може да настане случај дека на Единбург нема да се донесе одлука односно нема да се донесе прифатливо решение за двете страни и прашањето ќе се одложи. Трета алтернатива, дека Европската заедница односно членките на Европската заедница индивидуално можат откако ќе утврдат дека не може да се најде консензус по ова прашање ќе пристапат кон индивидуално признавање на Република Македонија.

Третата алтернатива ми излега сосема нелогична и веројатно така ќе биде едноставно од причина што апсолутно не можеме да веруваме дека консензус во никој случај не може да се постигне, ја знаеме улогата на Грција во тој поглед, можете и вечерва да погледате на телевизиските екрани како ќе реагира целокупната грчка јавност односно граѓаните на Грција, тоа е народ со посебен менталитет по однос на овие прашања и посебно ја искажува својата волја. Меѓутоа факт е дека сепак а јас верувам дека во Единбург нема да се постигне ново решение кое што се нуди меѓутоа да е нанесена огромна штета во смисла на тоа што нашава дипломатија овој пат направи страшна грешка со тоа што прифати компромиси по однос на ова прашање така што веќе Европската заедница отвори адут дека може да си игра, односно да поставува веќе  услови, да ни

наметнува услови во однос на тоа како ќе не признае и кога ќе не признае. Тоа е непоправлива грешка и затоа она мое укажување во однос на тоа дека ВМРО уште утре со свој меморандум до Европската заедница јасно ќе стави до знаење дека освен елементарното основно прашање најприродно прашање дека нема друга алтернатива, а јас верувам дека Европската заедница сепак кога тогаш ќе ја признае Македонија, можеби не сите членки но повеќето сигурно ќе ја признаат, меѓутоа треба работата да ја поставиме онака како што прави една држава која што е во формирање.

Се поставуваат неколку прашања. Што со македонците кои што не опкружуваат и оние што се во дијаспората. Јас мислам дека Македонците кои што се наоѓаат во дијаспората тука сосема малку значење им се дава, а сметам тие многу помагаат во однос на поддршката за меѓу- народно признавање. Ние едноставно тие луѓе ги игнорираме и сега со ова што се нуди сега сигурно ќе ги збуниме и сега македонците во дијаспората веројатно ќе се изгубат бидејќи не ќе можат и самите да се препознаат и онаму каде што треба официјално да реагираат и онаму каде што треба официјално да се претставуваат навистина ќе ги збуниме тие луѓе односно наново ќе ги прекрстиме.

Што со Македонците кои што се во нашето соседство. Македонците во Пиринска, Беломорска Македонија што со нивниот идентитет, што со овие најнови реакции кои што ги слушаме во однос на пописот во Бугарија. Што да кажат сега тие Македонци? Дека се тие скопјани. Што се поставува прашањето со издадените пасоши. Ние сме сведоци дека Министерството за внатрешни работи бар така беше преку јавните гласила искажано да пушти во оптек десет илјади пасоши. Доста луѓе добија пасоши. Значи пак корекција и на пасошите.

Ќе кажам неколку збора во однос на денешното известување од Владата.

Навистина кога го читав текстот од Владата морав да го споредам со текстот што го даде господинот претседател и најдов многу малку разлика односно утврдив дека се работи за горе долу идентичен текст, како главна суштина на овој текст е поддршката односно еве ќе цитирам малку: "изразувајќи подготвеност за надворешна употреба на нашето име Република Македонија да се додаде во заграда името на главниот град Скопје", Што да се каже за оваа Влада. Јас ќе кажам само не- колку збора. Голема штета е што Македонија дозволи да ја води Влада претседател кој не познава економија.

Состојбите во кој што се наоѓа Македонија, стопанството, животниот стандард на населението се навистина загрижувачки. Оваа Влада во однос на претходната влада во однос на стручност и ефективност далеку заостанува и што може да понуди пред овој Парламент освен тоа да дава поддршка и на промена на името очекувајќи дека ако Европската заедница се согласи да покрај Република Македонија стои Скопје ќе ја добие очекуваната економска помош односно ќе може и натаму оваа Влада со таа помош да се докаже пред народот дека еве навистина нешто чини и во интерес на народот. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам на ваква организираност и таа помош ако дојде лесно и брзо ќе заврши, а нашата штета во однос на името и идентитетот ќе си остане трајно како изгубена.

Што останува ако Европа не не признае. Јас мислам дека тоа е веќе видено сценарио. Како што кажав економската и социјалната положба е страшна едноставно останува да се делува на овој народ со психоза на страв, да се измислуваат непријатели дека овој народ ќе биде нападнат дека ние сме загрозени, дека сме блокирани итн. Сметам дека крајно време е почнувајќи од тука па и натаму да заборавиме на одредени коалиции ако веќе се поставуваат прашања од основен интерес за оваа држава малку да размислуваме онака како што треба  време е веќе да не се замараме со

одредени работи, факт е дека сме признати, факт е дека сме држава, суверена држава во која треба да градиме економија сега треба да градиме стопанство, треба народот тука добро да живее и повеќе да не се занимаваме со вакви работи во однос на тоа да веќе народот веќе цел месец го замара медиумот, народот многу очекуваше од Единбург па задутре веројатно ќе се случи нешто друго и како што кажав пак ќе се вратиме на психозата на страв а економијата ни заостанува. Треба да се градат односи во смисла на тоа да се договориме и да прифатиме одредени работи дека треба да се пост ват едноставно на своето место, да се избере соодветна влада која ќе може и која ќе се грижи да создаде македонска држава ако веќе е присутно и евидентно однесувањето на Грција и претеето дека ќе ја затвори и северната граница треба да се наоѓаат нормално начини према источната и западната, тука има припадници од националностите секако тие живеат на овие територии во овие рамки, јасно ни е на сите дека промена на границите што ќе настане, меѓутоа отвореност на граници може да настане во однос на транзит,сообраќај, информации на луѓе на капитал на роба итн, да не навлегувам во тие работи.

Меѓутоа, во однос на ова уште еднаш ќе ве потсетам ако се мисли да се постигне ефект со оваа информација да се дискутирало пред Парламентот дојдена е како признание од една или две земји во Единбург со додавката на Скопје тоа ќе биде ненадоместлива штета за македонскиот народ и со таа додавка да се инсистира понатака во Обединетите Нации тоа; ќе е крајниот жиг на конечно упропастување на овој народ кој со векови си ја барал својата држава. Сметам дека овој Парламент нека е прашањето а јас не одам толку во формалност меѓутоа мора или да се повика на декларацијата која истиот парламент ја донесе веднаш по Лисабон со тоа

што уште еднаш да се потсети Европската заедница дека јасно остануваме на изградениот став во однос на ова прашање или пак со една посебна одлука или заклучок како сакате или известие, како сакате, меѓутоа јас сум до знаење да се стави до Европската заедница нашата позиција и нашето барање, па нека уследи признавање и понатаму. Јас верувам дека признавање ќе добиеме.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, културата на луѓето не се мери само по наобразбара и по положајот што го заземаат во државата, се мери по нешто друго што се вика однос кон другите луѓе и во овој парламент и кон нас како пратеници. Можете да видите вие овде од одредени луѓе личности од Владата и од политичкиот врв на Македонија ја напуштија оваа сала иако ние бевме трпеливи, културни да ги сослушаме макар што две години тие успеваат постојано да не лажат и постојано да не лизгаат на кора од мраз.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам имате збор на темата.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**:

Јас незнам господинот Тито Петковски на која тема сака да дискутирам, не сакам да ја погодам неговата тема. Не разговарам за 45 година, дискутирам за оваа точка која е на дневен ред и по извештајот на претседателот на Републиката Киро Глигоров, кој за мене навистина категорично и јавно пред цела македонска јавност го отфрлам како неоснован, нецелисходен за она што две години ние се залагавме во овој парламент и она што го имаме како надворешна дипломатија и навистина е за срам на македонскиот народ, а, ќе прашате зошто? Има аргументи само послушајте ме ако сакате, ако сте малку вредни сте вие што останавте

овде, на другите не мора да им придаваме голема чест затоа што излегоа надвор со нивната големина и величина, а верувајте дека се празни, немаат голема големина.

Да се вратиме наназад на состојбите во Република Македонија. Вие добро се сеќавате дека со Лисабонската декларација ние очекувавме признавање на Република Македонија, но се случи тоа што не требаше да се случи не бевме признати и ние нормално како луѓе во овој Парламент загрижени за таа состојба и за она што се водеше како надворешна политика од ресорното министерство на Република Македонија ние во овој Парламент побаравме една расправа за водењето на надворешната политика на Министерството за односи со странство и таа седница траеше три дена и ние овде убаво расправавме и полно аргументи истакнавме и кога овде изнесовме полно вистини дека навистина таа дипломатија не беше во ред многу наши пратеници од левата и десната страна без разлика на партиската припадност јас овде не сакам овде да го потенцирам навистина се сложија со констатацијата дека таа политика не беше доволно агресивно водена, не беше смислена, ебеа вклучени сите оние кадри од областа на дипломатијата што Македонија ги имаше внатре во Републиката и надвор на сојузно ниво итн. Но, тоа помина иако ние инсистиравме на сето она што беше како аргумент дека Македонија не беше призната заради недоброто водење на политика, на таа надворешна политика денес по една цела година од таа Лисабонска декларација повторно се враќаме на истиот проблем, но сега со едно друго наличје.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:(**продолжение)

А, тоа друго наличје е следното. Кога ние одржавме седница во овој Парламент донесовме една наша декларација против таа Лисабонска декларација дека Македонија нема да го мени името. Ние цврсто застанавме овде и господинот претседател на Република Македонија дури рече за името на Македонија застанаа и нашите Албанци од Република Македонија. И за секоја чест. И рече тие се темелот на оваа држава . Во ред. Дали господа пратеници, тоа не ви звучи како бумеранг што се случи тогаш и она што денес повторно како бајата манџа ни го сервира господинот претседател на Република Македонија. Тогаш не се согласувавме со промената на името, бевме категорични, претседателот на Републиката го организира и митингот во Скопје со автобуси, со возови да се иде, Македонија не го дава името, сега наеднаш на очиглед на цела македонска јавност, на сите граѓани од Македонија, на сите оние луѓе што се наоѓаат распрскани како шрапнели по светот Македонци сега ние да нудиме промена на името и Република Скопје. Ние и така овде во овој Парламент често пати се јадевме како незнам што заради тоа што само од одредени подрачја сервираат министри, само во овој град на Република Македонија се сконцентрира голема власт, голема моќ, големи институции итн., но испадна сега дека навистина некој од страна јужниот сосед бил во право дека навистина треба да се викаме Република Скопје. Дали ова вас господа пратеници ви служи како доволен аргумент. Дали треба пошироко да го елаборирам? И за друга несреќа. Ние рековме дека не го менуваме името, меѓутоа, ако добро се сеќавате треба да бидеме чесни и достоинствени како луѓе тогаш се провлече и една информација дека

специјалниот пратеник на Република Македонија господин д-р Васил Тупурковски со посредство на Америка преку Австрија пронесол вест во Македонија и во македонското раководство до господинот Стојан Андов и не знам кој други дека Македонија во Лисабон ќе биде призната под еден услов ако го земе името Северна или Нова Македонија а со тоа индиректно преку Австрија и преку тие други Европски институции на Македонија ќе и се даде соодветна парична помош. Но, тоа што и се случи вие добро го знаете. Егзекутиран беше тој специјален пратеник. Не навлегувам во тоа која е неговата вина и која е неговата заслуга. Апсолутно не ме интересира , меѓутоа, тогаш јавно беше укажано, дури и на одредени наши пратеници од пратеничката група дека господин Тупурковски тргува со македонското име. А ние како координатори, во директни разговори со претседателот на Републиката ни беше кажано Македонија ако го смени името тоа е најопасната игра. Тогаш сите аспирации спрема Македонија од соседните држави, оние што не делеа 1913 година со Букурешкиот договор повторно апетитите ќе пораснат. И за жал сега наш еден голем апсурд во овој век ни се случува. Ако 1913 година Македонија во тој Букурешки договор потполно decидно ја пишува само Македонија ни Република, ни Република Скопје, туку етничка целина која е делена на три дела секаде стои Македонија, ние денес после толку години кога веќе имаме еден континуитет како држава во рамките на СФРЈ па и сега како самостојна држава со прогласувањето на 8 септември итн., ние повторно се враќаме на нешто што не не води кон добро. Апсолутно. И да ги поткрепам овие аргументи што можат да ни послужат и да и послужат на цела македонска јавност како релевантно ќе го спомнам и другиот фактор.

Место ние да ја зајакнеме таа надворешна политика, место ние да ја зајакнеме и внатрешната политика и да започнеме да градиме соодветни односи со сите национални малцинства во Македонија, ние и како пратеници и како политичари, политички врв отидовме на рушење на постојната македонска влада, претходна компетентна која имаше добра програма, економска програма, програма која за извесен период даде и добри резултати и според кои ако денес таа влада опстојуваше и сето она се спроведеше што беше интенција и заложба во почетниот момент сигурно дека денес Македонија ќе имаше просечна плата од 400 марки во Македонија, а не да спаднеме на вакво економско ниво и да бидеме волку зависни и повторно да ни се сервира нешто што во почетокот го отфрливме како анатаема. Тоа е страшна трагедија за нас. И навистина почитувани дами и господо ние треба да бидеме свесни и совесни за оваа состојба во која се наоѓаме денес. Тука не би сакал јас во овој моемент некои луѓе да ги напаѓам , затоа што навистина ние најнезгодно во ваква ситуација кога ќе бидам доведен, во краен момент кога сум потпрен до ѕидот, немам отстапка да морам некои од нашите луѓе да ги критикувам. Но во овој момент навистина немам друг излез како човек. И навистина јас не знам господинот претседател на Република Македонија и господинот Денко Малевски, дали сериозно размислуваат да си дадат оставка дефинитивно. Со тоа да дадат знак на Европската заедница и на светот дека треба да си одат од политичката сцена и дека само на тој начин ќе не признаат. Зашто она што беше договор во Англија со Мејџер кој знаете вие и во Грција веќе ја пласира тезата Северна или Нова Македонија, господинот Глигоров дал компромис дека ние можеме да ставиме едно тире па Скопје. Тоа е недопуштиво, недозволиво, ниту јас имам право тоа да го направам како

пратеник, ниту некој друг , а истото тоа треба да се прави и кога е во прашање државата, територијата и народот на една држава. Ние во никој случај не треба да кажеме т.е. да се откажеме од сите оние македонци што се наоѓаат во соседните земји, а аналогно на тоа и од она што претставува како национален идентитет зашто ние сме сраснати со ова име и не може да има делба , поделба апсолутно. Затоа Ве молам треба да бидеме трезвени и треба да бидеме во овој момент на една завидна висина затоа што и народот , верувајте кога вчера го чу ова наеднаш промена на името на Република Македонија, јас вечерта само имав 10-тина јавувања од познати и непознати луѓе. Тоа беше еден прав шок за нашиот народ. И навистина верувајте дека овој момент ако не постапиме така тактички и така добро како што треба да постапиме верувајте дека ќе биде краен момент кога народот во Македонија ќе го покаже она што не треба да го покаже и она што ние и никој во Македонија , и јас како човек апсолутно не го посакувам затоа што имам и сопствени деца за гледање, имам и мајка и татко како и сите вие што имате . Секој си го сака своето, си го цени и го почитува, а јас најмногу од се да ви кажам си ја сакам и својата земја и својот народ. Без својот народ навистина нема ни држава , нема ништо. Затоа Ве молам, сите бидете свесни на висината , на задачата што треба да биде.

Да завршам, нека им служи на чест на овие луѓе кои навистина сакаа во овој момент да ме чујат, она што сакав да го истакнам и последно и конечно да завршат. Апсолутно не треба да допуштиме промена на името. Едноставно ние треба да извршиме целосна демистификација на власта во Република Македонија. Целосна промена на власта. Ние имаме способни

кадри, имаме способни луѓе кои што ќе дојдат и верувајте Македонија само така може да оди напред. Инаку, со вакви конфузни создадени односи, со една ваква недефинирана политичка состојба, економска, социолошка, социјална и не знам каква, нас ни нема крај. А инаку, господине Ханџиски навистина ве почитувам и како академски граѓанин и како колега, меѓутоа за она што рековте да не се радувате данаиците кога ви даваат. Јас не се плашам од тоа што ми даваат моите јужни соседи. Јас се плашам колку во мојата држава ние работиме. Колку ние сме единствени како луѓе. Ние покажуваме во секој момент овде пред народот дека не сме единствени. Тоа мене ме плаши. Не ме плашат данаиците што ми носат на поклон тафти. И во Републиката има луѓе што ми носат поклони така. Ние треба да бидеме свесни и совесни како да се одбраниме и како да се заштитиме, зашто ниту нашата заштита не може од надвор да ни ја гарантира , ако ние не бидеме компактни сите во Македонија. Ни нема спас верувајте. Ни нема спас. Она што беше 1913 година може пак да се случи, ако ние повторно оние процеси што се создадоа во Македонија ги рушиме. Имаме позитивни процеси од таа поделба од 1913 година со Букурешкиот договор. Бугарија не призна . Беше една земја што не делеше. Русија беше главен арбитер како царевина. И таа не призна. Ние не треба да поминеме преку тие прашања така лесно и едноставно. Тоа сакав да го кажам и ве молам ако сакате за реплика да ми реплицирате чисто , намерно, искрено и човечно.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Денес идејќи на оваа седница дојдов со многу големо чудење и голема неизвесност. Чудно ми дојде овие денови како одеднаш Македонија да ја загуби мудрата политика, одеднаш да ги изгуби мудрите чекори, мудрите мислења. Како тоа да во Македонија големите инвестиции

пропаѓаат за ова многу кратко време. Резултатите на тие мудрости во последно време гледаме дека се нула. Како во внатрешната политика уште повеќе и во надворешната. Две години на овој мачен народ, две години се лаже со помош на комунистичките средства за информирање, се лаже од тие што привидно го водат кои не се избрани директно од народот, туку се резултат и производ на политички игри и лаги во овој Парламент. Мудроста и мудростите во последно време почнаа да се губат. Но, за да се остане на власт, како што е тоа остаток од стариот систем си дозволија истите тие водачи на оваа политика без никого да прашаат да го менуваат името на Република Македонија. Секојдневното плашење на народот со некаква војна е само сокривањето на неспособноста на сегашната моментална власт во Република Македонија како во внатрешната така и во надворешната политика, исто така, и сокривањето на пљачкосувањето што му се случува на македонскиот народ во последно време. Ваква информација јас како пратеник избран од народот не можам да прифатам и не можам ни да смислам да прифатам, бидејќи такво нешто за мене е едно срамно предавство за македонскиот народ. Што би рекле за истото ова што се случува овде денес , нашите Македонци во Австралика, Америка и Европа. Секој момент се јавуваат стотици и телефони вртат, како сношти слушнале на вести дека се променува името почнале од Мелбурн од Сиднеј. Нормално е секогаш во секој демократски свет кога некоја работа пропадне, како што пропаѓаат инвестиции кај нас, пример како што е најважно денес за нас е самото меѓународно признавање на Македонија, тие што ја пропаднале таа работа и таа задача што им е доверена од сиот Македонски народ треба сами да ја напуштат политичката сцена за кое е и крајно време.

Иако народот се лаже дека во секој момент треба да бидеме признаени, а народот сега почна и секоја недела да очекува дека ќе биде признаен, треба да се запрашаме зошто тоа не се случува, зошто еве веќе година дена оваа Република не е признаена. Дали е името на Република Македонија, дали пак е причина, и тоа е вистинската можеби постојниот комунистички систем во Македонија, кој Запад решил да го сруши секаде и го сруши. Систем комунистички, заедно со неговите водачи кој упорно го водат и упорно сакаат да го задржат. Секогаш досега во овие две години се прават непромислени и многу негативни потези со многу трајни последици на штета на целиот македонски народ. Треба да си напомнеме дека името на оваа држава е Република Македонија, а на народот Македонски. Секој што сам си зема право да преговара и решава против волјата на македонскиот народ, сметките ќе треба за многу брзо време да ги положи точно на тој народ. Се прашувам како и на кој начин ќе ги положи тие сметки. Уште еднаш би напомнал и ќе кажам дека името на Република Македонија никој не може и не смее да го менува зашто за мене тоа е најголемиот дел за македонскиот народ.

**ДОСТА ДИМОВСКА**

Почитувани пратеници, последниве два-три дена од средствата за информирање разбравме зачудувачки и противречни информации околу прашањето за признавање на Република Македонија и условите кои беа поставени од страна на Европската Заедница. За жал како пратеници на македонскиот Парламент немаме никакви навремени писмени информации од страна на македонската Влада и нејзиниот ресорен министер за надворешни работи господинот Денко Малески, ниту пак од страна на претседателот на Републиката, освен пост-вестум откако ќе се случат настаните. Ставени сме како пратеници во многу неповолна состојба да расправаме за прашања кои според мое мислење се поважни од Уставот

без да се запознаеме за активностите на министерот за надворешни работи, без да го погледаме Извештајот на господинот Робин 0"нил. Нешто попрецизно можевме вчера да разбереме од изјавата на македонското радио на Денко Малевски и од денешниот печат. Се поставува прашањето кои ги става во подредена положба пратеници и кому монополот на информациите му дава можност пратениците да бидат манипулативна маса, а уште повеќе македонскиот народ. Кој е тој поединец или партија што си дава право сам да одлучува за војната или мирот, за признавањето или непризнавањето, па дури и за промена на името на државата. Такво право не е предвидено ниту со Уставот, ниту со кој било законски акт. Јас ќе се повикам на стенограмот од пресс конференцијата на шефот на Британската дипломатија господинот Даглас Херт пренесена во денешниот печат, поточно во весникот Нова Македонија, во кој стои дека претседателот Глигоров му рекол на Робин 0"нил дека по- ранешната ЈУ-република Македонија е потцртано, е подготвена да го смени своето име во Македонија - Скопје. Имено, господинот Херт вели понатаму дека тоа не одговара на Лисабонските заклучоци бидејќи името сеуште го содржи зборот Македонија. Завршен цитат.

Тука веднаш почнува прашањето кој ги овластил претстав- ниците на Република Македонија да даваат вакви предлози. Општо познато е дека Македонскиот Парламент донесе декларација во која го отфрла делот на Лисабонската декларација во кој како услов за признавање е побарана промена на името на Македонија. За ваквите постапки неопходно е Парламентот да ја утврди одговорноста и да се побара оставка од учесниците во ваквата, да кажеме, трговска работа со националните и државните интереси.

Уште повеќе загрижува фактот што ни под понуденото име Република Македонија нема да биде признаена, туку ќе се бара натаму во втора фаза уште отстапки, а тоа е отфрлање на зборот Македонија од името. Нашата Република ќе се сведе на град држава. Последиците од доведување во прашање националниот идентитет нема сега да ги разгледувам, тие се повеќе од очигледни. Зошто ваков преврт кај луѓето кои до вчера изјавуваа и не убедуваа дека Република Македонија нема да прифати промена на името. Ми се чини дека тука некои говорници истакнаа дека името нема да се брише туку ќе се додаде само во заграда зборот Скопје и дека со тоа фактички се останува на Декларацијата што ја изгласаа пратениците во Македонскиот Парламент. Тоа е невидена манипулација. Ние јасно во Декларацијата што ја изгласавме во Парламентот кажавме дека делот од Лисабонската декларација во кој се бара промена на името не го прифаќаме. Додавката е суштинска промена на името. Ми се чини дека се настојува по секоја цена владеачката гарнитура во Република Македонија да опстане на власт се со цел да не ги сноси последиците од својата погубна политика создавајќи психоза на војна кај народот и дека немаме друг излез освен да го мениме името.

Втората причина од ваквиот вешт маневар е вината за своите неуспеси. Не случајно денешнава седница се одржува два дена пред заседанието на ЕЗ. Вината за повторно непризнавање, за своите неуспеси да се префрли на националните партии, да се наметне пред јавноста впечатокот дека ете ние сме за мир, за признавање, за малку ќе не признаеа само да го променевме името. Ама ете има такви екстремисти кои заговараат војна и заради нивната несогласност повторно нема да не признаат. Иако како што вели господинот Херт предлогот на Киро Глигоров не одговара на Лисабонските заклучоци. Што значи и под тоа име нема да

не признаат. Грција јасно кажува дека ќе се спротивстави. Тогаш зошто ваква девалвација на Македонија. Зошто се доведува во прашање достоинството на Македонците. Кој си дава за право да си игра со свети нешта, да ја скрнави историјата. Ќорсокакот во кој се наоѓа Република Македонија е последица на погрешната политика, на господинот Киро Глигоров и владеачката гарнитура и се состои во ненавремени подготовки за осамостојување на Македонија, во отсуство на демократски промени, во доцнење на референдумот, создавање на забуна со референдумското прашање за што јасно говори првиот извештај на господинот Бадинктер. Па потоа се одеше во Европската заедница да се интервенира да се дообјаснува, за што било референдумското прашање на што се однесувало. Исто така, се доцни и со актите за целосна сувереност на Република Македонија, во Уставот што го донесовме се дефинира, да се отфрли дефиницијата на Македонија како држава на Македонскиот народ и граѓаните , имено се отфрлитн. национален устав. Потоа , се одеше на тактизирање со Платформата Глигоров - Изетбеговиќ и се создаде во пошироката и светската јавност една претстава со што изгубивме многу од времето кое што требаше да го исползуваме за афирмација на барањето македонско за признавање на независноста на Република Македонија. Имено, со оваа Платформа се создаде претстава дека ставот на Македонија е всушност за сојуз на суверени држави.

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (продолжение)

Исто така, се алудираше да не бидат признаени Словенија и Хрватска, натаму се направи најголема грешка со амандманот кој што беше прифатен во Декларацијата на ЕЗ на 18.12.1991 година во кој што стоеше дека нема да бидат признаени оние држави чие што име на државата ќе асоцира на територијални претензии. Тоа постфестум ни беше соопштено на пратениците во Парламентот како голема победа на македонската дипломатија. Од сите овие причини не можат да ја прифатам информацијата која денес ја слушнавме од Претседателот на Републиката Киро Глигоров, а воопшто сметам дека нема место да се разговара за некоја промена на името на Републиката.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас имам убедување дека Информацијата на претседателот беше една чита фактографија за се што се случува во потрагата за признавањето на Македонија и дека истата нема некои аспирации кои што отстапуваат од нашите досегашни определби. Инаку, лично мислам кога е во прашање името Република Македонија во заграда Скопје ако го експлорираме ова со една размисла РМ би била синоним на Скопје. Таква работа ми се чини е анахрона и неприфатлива без оглед што е и вон нашиот домет. И покрај сите наши желби и укажувања ЕЗ може да го стори она што сака да го стори. Заради тоа што во политиката човек може да биде силен ако има сила, ако тоа не го поседува мора да биде мудар. Нашата мудрост овде се состои да имаме и алтернатива и на  оваа определба мораме да бидеме

поцврсти. Кога зборувам за алтернатива мора да имаме една проценка дека можеби предлогот се залепивме за Европа, а не го побаравме доволно цврсто правиот простор, држави меѓународен субјективитет на држави признаваат ООН. ЕЗ е економска тврдба сигурно и со политички аспирации. Македонија направи една трезвена отстапка и кажа дека нема територијални претензии. Впрочем и сите програми на политичките партии на сите овде што седиме во Парламентот беше зас трансформација на македонското општество во демократско по терк на Европа со сите параметри за трансформација да личиме на европските земји. Ако ја погледнеме Европа истата има лоша традиција досега.

Прво, и двете светски војни се почнати во Европа.

Второ, и Европските земји не биле, па сеуште не се настроени многу добро едни спрема други. Европа била и се уште останува континент на судири. По двете светски војни Европа нешто научи, а сигурно и на сите им помогна во тоа што умееше да учи и Европа е континент кој изврши кодификација на вродените човекови права. На малцинствата наместо самоопределување во замена го стави во оптег корпусот на човековите права, а на народите им дозволи да го реализираат правото на самоопределување. Со распадот на Ју-заедницата Македонија си го врати делот од својот суверенитет што го имаше дадено во бившата југословенска заедница. А Македонија е и регистрирана во бившата федерација како РМ. Според тоа, Македонија потребно е да се насочи спрема ООН и да бара, тоа е нејзино право да биде верифицирано. Впрочем, Македонија ги почитуваше сите европски постулати на раздружување. Раздружувањето од бившата југословенска држава Македонија го направи на мирен, демократски толерантен начин, односно

по сите атрибути што ги пропишуваше Европа. И на крај за нас факт дека сето тоа е изведено по европски терк и во согласност со меѓународното право, круна на сето тоа беше пресудата од Бадинтеровата комисија. Меѓутоа, сигурно дека ние не сме моќни да ја измениме политичкатаволја на ЕЗ. Но, сосема логично е дека ЕЗ не си ја почитуваше сопствената комисија иако во својот извештај претходно пишуваше дека одлуката на Бадинтеровата комисија е конечна. Секако дека Европа не беше странка во постапката, меѓутоа, мислам дека тука Европа беше погрешен арбитар. Познато е дека кај македонскиот човек омразата не е единствена емоција. Тоа не е знак дека ние сме безосеќајни, туку сме толерантни и тоа на оној начин како што сакаше и бараше Европа. Сега Европа, а не би можеле да речеме Европа пред се би можеле да речеме за Грција дека бара промена на името. Од морален аспект секако дека не е добро, меѓутоа, исто така ова за мене значи и една повреда на државниот и националниот суверенитет кое што не е примерно. Европа не учеше дека војната е изживеана синтагма, Европа не учеше дека исто така силата е изживеана синтагма, Европа не учеше дека нема да се менуваат границите. Меѓутоа, што е правата вистина на бившиот ју-простор. Критичната маса на свршени работи е доста насобрана и голема. Се поставува прашањето дали под апстрактниот и возвишен принцип непримена на сила и непроменливост нас границите можат да се подвргнат овие свршени работи. Европа сеуште тоа не го има докажано на дело. На мирен и демократски начин неможе да го постигне. На ју-просторот се уше е присутна војна и сила. Се поставува сигурно за нас прашањето дали Босна е изолиран инцидент, или предводник на нови инциденти. Европа е на потег и мора да најде решение за тоа. Бидејќи се поставува прашањето  ако не си во можност да спречиш

злочин како да си негов соучесник. Европа не е отргната сеуште од оваа одредница. Сега се поставува прашањето која е единствената и преостанатата супер-сила после ладната војна во светот. Одговорот е сосема јасен дека е тоа САД. Па и ООН се сеуште стара структура која е породена во времето кога постоеле две супер сили. И таа не е сеуште преструктуирана. Мислам дека целокупната и етичка и морална одговорност и севкупна одговорност лежи на САД како чувар на западната совест. За Македонија расправите во Лондон, во Лисабон, па и во Единбург мене ми личат сеуште на нов Версај или нова Јалта. По канонite на класичните грчки трагедии после прологот и катарзата следи епилог. А кој е тој? Промена на името. Нешто што Македонија нема совест да го стори, ниту може да го стори, ниту смее да го стори. Меѓутоа, во политиката мора да постои мудрост и ако нешто не прифаќаш мораш да имаш друга алтернатива. Мислам дека нашата алтернатива сега се ООН и совеста на САД.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, дозволете ми најпрво како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ и како македонец да го изразам својот огромен револт, незадоволство, протест заради настаните кои деновиве се случија во врска со поширокото меѓународно признавање на РМ. Моето незадоволство е дотолку поголемо што ете ни се случи тоа што најмалку го очекуваме, да го менуваме името, а со тоа дефинитивно да бидеме уништени и како народ и како држава. Денешната расправа во Парламентот јасно и недвосмислено покажа каде не води и до каде не доведе мудрата политика на г-динот претседател Киро Глигоров. После 1000 годишно постоење, после многу војни што ги војувавме за својата слобода и држава, после многубројните

жртви што ги дадовме, денес ние се наоѓаме на отворена провалија во која треба да се урнеме и како народ да ја погребаме нашата славна историја. Тоа што низ векови не им успеа на многубројните завојувачи, освојувачи, окупатори да не асимилираат, уништуваат и обезличат, еве се обидува на очиглед на сите нас да го стори нашиот мудар и премудар претседател Од нас како пратеници денеска се бара да дигнеме два прста, да аплаудираме и да станеме соучесници на овој антимакедонски срамен и предавнички чин. Простете господа, но јас немам таков мандат или овластување од македонскиот народ. Ве прашувам вас сите, посебно господинот претседател има ли тој таков мандат добиен од народот, од граѓантие на Македонија, кога?

Дами и господа, дадената согласност од страна на претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров и министерот за надворешни работи Денко Малевски да се промени името на РМ, да се придаде некаков доставок, наставок, РМ во заграда Скопје е уште еден доказ повеќе за нивната континуирана и протиуставна и протизаконска политика што ја водат и на надворешен и внатрешен план. Името на РМ е уставна категорија запишана и определена во Уставот. И за евентуална негова промена претходно мора да биде променет Уставот за што единствено е надлежно Собранието на РМ. Затоа логично се поставува прашањето кој го овластил и со кое право г-динот Глигоров дал согласност за промена на името, без претходно да го праша Собранието, или народот, односно кој му дал право да се поставува над највисокиот правен акт во државата, Уставот на РМ. Вакво самоволие е недопуштиво и забрането во секоја правна и демократска држава, особено кога се во прашање највисоките национални

државни интереси за што претседателот Глигоров треба да поднесе најголема одговорност. Со ваквиот чин повредени се највисоките национални чувства и достоинство на секој Македонец во Македонија и надвор во дијаспората. Илјадници наши граѓани деновиве се обраќаат во ВМРО-ДПМНЕ и најенергично бараат да се спречи овој срамен и понижувачки чин за македонскиот народ. Ваквата постапка на претседателот Глигоров за мене не беше неочекувана. Веќе 2 години нашата надворешна политика е ексклузивно право и привилегија само на двајца луѓе, на Глигоров и Малевски кои си земаа преголема одговорнсот врз себе да одлучуваат за судбината на целиот македонски народ, при тоа до ден денес пред ниеден орган истите не дадоа отчет за својата работа и не ја поднесоа одговорноста што ја заслужија за очигледните промашувања на овој план. Владата и Собранието на РМ се целосно изолирани од тој процес. До ден денес ние како пратеници не добивме ниту еден писмен документ, или извештај за многубројните посети, договори, преговори во странство, за стратешките интереси на нашата дипломатија, или за правците на нашата натамошна акција за признавањето на Републиката. Тоа го баравме повеќе пати. Пред 2 месеца баравме извештај за посетата на Роберт 0'нил кој сеуште не сме го добиле, а денес без срам и со невиден цинизам од нас како пратеници се бара да бидеме учесници на оваа антимакедонска политика, да минуваме и да аплаудираме на најмудрата глупост што досега сум ја сретнал. Отсуството на глобална национална стратегија на надворешен политички план,сомнителните јавни, или полујавни преговори со Милошевиќ, Паниќ, Ругова, тројните преговори со Албанците итн. македонската држава ја донесоа до трагичен ќорсокак од кој тешко ќе се извлечеме. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ повеќе пати јавно

укажуваа на погрешната политика која ја води претседателот Глигоров. Очигледно некои луѓе немаа ниту слух, ниту очи да го видат тоа што сите го гледаат, а се случуваше околу нас. Кога Словенија и Хрватска се бореа за своето признавање господинот Глигоров ја пишуваше Платформата Глигоров - Изетбеговиќ. Велеше дека ние имаме свој пат и сеуште се бореше за зачувување на Југославија. Г-динот Денко Малевски јавно изјавуваше "суверена Македонија да, но без мене". И денес ние ќе се чудиме зошто ни се случува ова и зошто ни се заканува опасност целосно да ја изгубиме и државата и народот. Веќе 2 години овие двајца го анимираат македонскиот народ дека Македонија ќе биде призната денес, утре, за 3 месеци за 6, за една година, а цело време работат на тоа Македонија да не биде признаена и пак биде вклучена во некоја мини федерација, или поточно Србославија. Очигледно вториот дел од Референдумот прашање кое за г-динот Глигоров е сеуште актуелно, иако со македонскиот устав е неможно. Господинот Глигоров не даде ниту едно разумно образложение зошто сега предлага промена односно додавка на името кога ЕЗ тоа воопшто не го бара како услов за признавање. Има ли некаква гаранција претседателот дека ако го смениме името, односно ако го додадеме "Скопје" во заграда ќе бидеме признаени. Не. Таква гаранција не постои. Тоа се гледа и од информациите што овие денови ги добивме од Единбург. Неколку земји категорички изјавија дека нема да го сменат ставот што го застапуваат при донесувањето на Лисабонската декларација. На сите им е јасно дека од признавањето нема ништо. На сите, освен на претседателот Глигоров кој пред 3 месеци категорички тврдеше дека Македонија сигурно ќе биде признаена на Самитот во Единбург. Затоа прашувам, што значи неговата согласност за промена на името и дали со

тоа сака да и се додвори на Грција и на нејзиниот премиер Мицотакис. Без оглед на тоа јас сум уверен дека Грција нема да дозволи признавање на македонската држава дури и целосно да го смени името и да го исфрли зборот "Македонија".

Со сегашната постапка ние фактички одиме на рака на грчката политика иако сега дозволуваме оваа глупост, по 2 месеци ние истите пак овде ќе бидеме доведени пред свршен чин да расправаме за отфрлање на името Македонија од името на нашата Република.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ**: (продолжение)

Ве потсетувам дека пред година по предлогот на господинот Глигоров ние го променивме штотуку донесениот Устав, станавме единствена држава во светот која има одредба во уставот дека нема територијални претензии кон соседите. И повторно не бевме признати. И ова да го направиме повторно нема да бидеме признаени. На сите треба да им биде јасно се додека државата ја водат некомпетентни луѓе и се додека комунистите сеуште се на власт, Македонија нема да биде признаена. До само пред неколку месеци господинот Глигоров изјавуваше дека до промена на името не доаѓа предвид, дека тоа ќе значи губење на националниот идентитет, обезличување како народ. Што е причината за една ваква одлука? Јас вистинска причина не гледам, освен ако не се работи за нечие доларско подмитување. Впрочем господинот Глигоров е должен и нас овде како пратеници и на целата македонска јавност да објасни со каква цел беа праќани одредени тајни мисии во Грција, мисионери , што е договорено и преговарано со австрискиот министер за надворешни работи Алојз Смок, што содржи неговото писмо до господинот Глигоров , зошто е отстранет д-р Васил Тупурковски, дали некогаш дошло до тајна средба меѓу господинот Глигоров и грчки државници.

Претседателот Глигоров посебно ќе треба да објасни зошто толку долго се доцнеше со поднесувањето на предлогот за прием на Република Македонија во ООН. Дури година дена по одржаниот референдум. Ќе мора да каже и зошто досега не се воспоставени дипломатски односи со оние земји кои досега ја признаа Македонската држава под нејзиното вистинско име како Република Македонија. Зошто целокупната активност на нашата дипломатија исклучиво е насочена кон Европската заедница, а не и кон останатите Европски други земји во светот кои одамна изразија спремност

за наше признавање. Без оглед на одговорите, на сите нас ни е совршено јасно за целокупната активност на господинот Глигоров и Малевски која беше и остана Македонија да биде принудена да се приклучи кон Југославија. Тоа е стратешката определба на Грција за која Македонија може да постои само како составен дел на Југославија, а не како посебна држава. Во прилог на ова стои и фактот што господинот Глигоров веќе подолго време постојано го плаши народот со војна, а со самоволно повикување на сините шлемови во Македонија, без одлука на Парламентот и Владата е извршена опасна и перфидна пресија врз македонскиот народ, за да биде замолчен кој знае по кој пат и прифати се она што ќе му се скрои, односно од неговото мудро раководство. Како тоа го објаснува господинот Глигоров. Македонија од оаза на мирот, како што тврдеше со месеци, наеднаш да се претвори во потенцијално воено жариште. Во сите досегашни настапувања, ниту еднаш не е расправано ниту покрената иницијатива за тоа да се расправа во парламентот кој е единствено надлежен да тврди дали на Македонија и претстои воена опасност. Затоа повикувањето на сините шлемови не само во спротивност со неговите поранешни тврдена, туку и ценам претставува негов последен обид по секоја цена да ја сочува личната власт.

Од досегашното искуство сосема е јасно дека сините шлемови никому не донеле среќа ниту мир. Тоа барем се гледа и на примерот од Босна и во Хрватска. наместо нив на Македонија и се потребни пријатели меѓу големите и демократски земји, а не тајно шурување со Србија, до степен на грубо кршење на резолуцијата на ОН за ембаргото и санкциите против неа.

Почитувани пратеници ова е историски миг за Македонија. Денеска ние како пратеници, како македонци ,треба да ја покажеме својата национална свест, својата одговорност пред македонскиот  народ и пред

историјата да ја покажеме својата гордост што припаѓаме на една славна нација и да не дозволиме утре нашите и идни генерации да не осудуваат како национални предавници

Што се однесува до господинот претседател Киро Глигоров можам да му порачам само едно: последен момент да си замине од политичката сцена, тоа е единствено добро што во овој момент може да го направи за Македонија.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Господине претседателе господа пратеници, дами и господа, најпрвин дозволете ми бидејќи точно по една година, во декември минатата година заминав од ова Собрание, еве точно по една година се враќам во ова Собрание и на самиот почеток би сакал да ве поздравам сите вас. Самиот немав намера денеска да се јавувам, како мое прво влегување во македонскиот парламент, меѓутоа за жал самата седница која денеска се одвива, одлуките кои треба да се донесат денеска во овој македонски Парламент кои имаат повеќе од тежина на една уставна одлука, можеби поголема тежина од самиот Устав кој го донесувавме, тоа од една страна, а од друга страна нешто што сметам дека конечно еднаш засекогаш треба да се прекине во Македонија и тоа чисто од демократски основи, принципиелни основи, навистина мораме еднаш засекогаш да му ставиме точка. За што се работи? Пред неколку години во Македонија беше популарна една книга од Џорџ Орвелс се викаше Осумдесет и четврта година. Во таа книга едно од најинтересните места, беше местото на министерството за информации, кое министерство за информации не се грижеше за ништо друго освен за денешните изјави на големиот водач да ги претопи во минатото, односно веднаш се применуваше на фалсификување на сите оние изјави кои таа денешна из^ава на големиот водач во минатите неколку децении можеше со нешто да ја побие и да и пркоси на таа идеја.

Зошто го спомнувам тоа . Вие сигурно знаете дека постоеше една синтагма, Орвелова држава. Се плашам дека таа Орвелова држава на еден тоталитарен систем ни се случува сега и нам, а имено мораме да кажеме дека вакви чуда од самото создавање на овој Парламент и формирањето на првата Влада на експерти, а преку донесувањето на Уставот на Република Македонија, преку учеството на нашата војска во ЈНА , па до сега што е најсвежо, тоа е повикувањето на еднострaното повикување на сините шлемови во Македонија и до она што сите ние вчера можевме да го чуеме и за што сигурно јас верувам дека нормален човек не може да не се изненади . Имено за што се работи? Се до завчера и тоа буквално до завчера, никој во Македонија не смееше да помисли, на памет да му дојде идеја дека може името на Република Македонија да се смени. И одеднаш вчера, пак ќе повторам, буквално вчера , го слушаме гласот на министерот за надворешни ра- боти во улога на кореспондент на Македонското радио, најпрвин на радиостаницата, а потоа и на телевизискиот дневник во 19,30 часот кој со еден тивок ладнокрвен глас зборува дека ние можеме да го прифатиме името Република Македонија Скопје, дека тоа е дипломатска победа на нашата политика, дека е тоа еден далекосежен чекор на нашата политика, дека со тоа страшно се крева рејтингот на нашата политика во светот и дека ако имаме среќа можеме да бидеме и признаени. Не е тука ништо интересно, интересна е самата ситуација која ни се случуваше во последната година. И имајќи ја во мене претставата ма Орвеловата 1984 година, прво што денеска се занимавав е навистина да ги прочитам весниците на Нова Македонија, навистина да видам дали она што беше изјавувано во минатата година е точно таму како што е напишано, или веќе нашите средства за јавно информирање се погрижиле да не убедат дека ние фактични цела година се убедуваме да ја добиеме токму оваа дипломатска победа, а тоа е Република Македонија Скопје. Можам да

кажам дека сум задоволен што во весниците сеуште не е променето тоа, меѓутоа како што имав прилика да го прочитам извештајот на Владата на Република Македонија, и како што имав прилика да чујам еден од претставниците на Социјал демократскиот сојуз, веќе тука беше и јавно изречено тоа дека фактички веќе почна променатата на документацијата во Република Македонија. Имено се почна со онаа декларација што ја донесе овој македонски Парламент веднаш после Лисабонската декларација во која јасно се отфрли Лисабонската декларација. Значи веќе дојдовме на оној половичен степен да се уверуваме сите нас, да ја уверуваме целата македонска јавност дека таа декларација што ја донесе македонскиот Парламент пред една година всушност, не била за промена на Македонија туку значела само терминот Македонија треба да се задржи. Значи веќе почнавме да го чувствуваме принципот на Орвеловата држава и јас се надевам ако не го прекинеме овој парадокс, овој циркус што ни се случува во Македонија, сега и да го почнеме прекинувањето на тој парадокс денеска, уште многу такви случаеви ќе ни се случуваат и едноставно ќе бидеме уверувани дека ние едноставно за ова што сме зборувале досега сме го оствариле како најголема дипломатска победа.

Денеска чувме една голема работа. Тоа е и она што најинтересното веќе неколку часа го дискутираме. Самата помисла за дискусијата што значи сигурно некој доволно прави анализи, сигурно претставува голем аларм, значи веќе неколку часа дискутираме дали името на Република Македонија треба да се промени во Република Македонија Скопје. Се поставува прашањето прво на самиот чин на промената на тоа име Република Македонија Скопје и се поставува прашањето на една цела политика која ја водеше Македонската надворешна политика во минатите две години и кој еве денеска ја круниса та своја политика  со овој предлог кој денеска го доживеавме во македонскиот Парламент.

Она што сигурно најмногу не загрижува што во извештајот немаше ниту една доза на самокритика, немаше ниту една доза на некакво извинување на сето она што се правело изминатите две години, или било каква критичка нота за се она што се случуваше или барем на начинот како што бевме водени. Меѓутоа, јас не можам овој пат да го апстрахирам самиот чин, она што ни се случува во последните два дена и она што се случуваше во минатите две години, затоа што тие две работи не можат да се отфрлат, односно не можат да се оделат една од друга. Затоа морам да потсетам на некои елементи кои за жал доведоа до една таква политика и до она за што ние денеска овде сите сме доведени да размислуваме по тоа прашање. Овде на самиот почеток на денешната седница беше поставено прашањето и постојано неколку пати беше цитирано за Лисабонската декларација. Ја имаме Лисабонската декларација и она што се случува до Лисабонската декларација до денеска е предмет на нашата работа. Јас напротив, пред да преминам на она што се случуваше од Лисабонската декларација до денес не можам а да не го потсетам овој собир овде зошто е донесена Лисабонската декларација. Да го поставиме прашањето зошто македонската дипломатија дозволи таа Лисабонска декларација да биде донесена.

Од тука одговорот сигурно нема да биде долг и нема да биде матен затоа што документите се надевам дека сеуште постојат во македонските средства за информирање и документацијата на Владата на Република Македонија. Најпрво се поставува прашањето како се однесуваше целата македонска државна политика а посебно надворешната политика на Република Македонија во периодот од формирањето на овој парламент па до таа таканаречена фамозна лисабонска декларација. Мора да се даде одговорот. Прво, на 25 јуни 1991 година Словенија Хрватска прогласија независност и самостојност и побараа меѓународно признавање.

До 25 јуни Словенија и Хрватска ги обиколија сите поголеми светски држави и подготвија теренот за своето признавање. До 25 јуни македонската надворешна политика не излезе од Македонија. Не мрдна на ниту едно место надвор од Македонија да воспостави било какви врски. Од 25 јуни до 15 јануари кога беа конечно признаени Словенија и Хрватска, другите бивши Југословенски држави водеа жестока борба за меѓународно признавање на нивните држави.

Што правеше македонската надворешна политика од 25 јуни до 15 јануари. Се занимаваше самата со себе. Се направија 4-5 надворешни посети , сите за жал во присуство на Југословенскиот амбасадор или некој југословенски претставник. За што се зборувало на тие средби сигурно можеме да претпоставиме дека се зборувале за се и сешто , само не за меѓународното признавање на Македонија и конечно тоа беше оној фамозен период на онаа декларација Глигоров Изедбеговиќ.

Повеќе од 7 месеци целата Македонска држава преку средствата за јавно информирање беше убедувана дека платформата Глигоров Изедбеговиќ е најприфатениот документ во светот. Повеќе од 7 месеци сите нас не клукаа со информации во телевизискиот дневник во 19,30ч-преку гласилата, преку сите изјави на државните политичари, дека Америка се воодушевува од платформата Глигоров- Изедбеговиќ, Франција се воодушевува од таа платформа, буквално нема држава што не ја прифаќа таа платформа и дека е тоа е решение за Југословенската криза. И на крајот што се случи? Се случи таа платформа Глигоров Изедбеговиќ после 6 и 7 месечно тапкање на цела Македонија за таа платформа денеска ја третираме само како мртва хартија и еден сигурно од најсериозните гафови на македонската дипломатија, не само на нашата туку и може сигурно во европските анализи да влезе. Седум месеци стоевме на место. Се поставува прашањето кое да речеме  сигурно треба да се анализира што во

тоа време македонската дипломатија бранеше. За сето време се занимававме со спасување на Југославија и ништо другог освен спасување на Југославија. На 8 септември имавме референдум за самостојно независна Македонска држава а на 28 август, значи само 10 дена пред референдумот за самостојност на Република Македонија, министерството за надворешни работи подготви меморандум до Европската заедница кој гласеше за местото на Македонија во Југословенската заедница. Десет дена пред референдумот за самостојност на Република Македонија. Ние од Министерството за надворешни работи издаваме официјален меморандум за местото на Македонија во Југословенската заедница.

Се поставува прашањето, што сигурно исто така е интересно, зошто после референдумот за самостојност и независност на Република Македонија уште неколку месеци, практично до нова година, целата наша активност на надворешен план и понатаму упорно продолжи да го брани документот, односно платформата Глигоров Изедбеговиќ. После референдумот за самостојност и независност имаме тромесечен период каде што повторно секој ден се повторуваше платформата Глигоров Изедбеговиќ, спасување на Југославија и ништо друго. Конечно дојдоа тие последни месеци, месец или два пред 15 јануари, кога веќе ан сите им беше јасно дека Словенија и Хрватска ќе бидат признаени, ние не почнавме со ништо да се занимаваме, туку последните 2 месеци ги поминавме во наша борба и активност, како Словенија и Хрватска како држави да не бидат признаени. Дури не се срамевме да даваме и јавни изјави во одредени гласила за таа наша политика.

Сега се поставува прашањето кое при мојата оставка беше поставено овде. Фактот дека македонската надворешна политика во тој период до 15 јануари кога беа признаени првите Југословенски држави, што не можеше да сфати дека борбата на Словенија и Хрватска за нивно признавање е

само нивна борба, а дека Македонија мора независно да се бори за своето признавање. Што се случи? Дојде 15-ти јануари Словенија и Хрватска беа признаени како држава, Македонија ја доби Бадинтеровата комисија и еве до ден денеска се фалиме со таа Бадинтерова комисија. Јас се надевам дека таа Бадинтерова комисија само нема да остане мртва хартија, се надевам дека сепак ние ќе направиме многу повеќе за македонската држава да стане реалност. Меѓутоа, не- можеме ние да ги апстрахираме тие моменти на борбата, бидејќи сепак не е долг период , се работи само за две години во кои секој ден се случуваат крупни работи и се донесуваат крупни одлуки.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ** : ,(ПРОДОЛЖЕНИЕ )

Се поставува воопшто прашањето зошто Македонија дозволи на 15 јануари да го испушти возот кој Словенија и Хрватска го трасираа во меѓународната политика? Не беше потребно ништо да направи Македонија освен навреме да побара меѓународно признавање. Што направивме ние? Десет дена пред заседанието, пред 15 јануари го побаравме првото меѓународно признавање на страмежлив начин. Се поставува навистина прашањето што е тоа што се случуваше до 15 јануари. Јас само ќе ве потсетам затоа што сметам дека во Македонија се се прави колективниот ум едноставно да ги заборави настаните. До 15 јануари преку македонската телевизија секоја вечер слушавме коментари за сепаратистичката Словенија и Хрватска, за националистите во Словенија и Хрватска и едноставно, секоја вечер на македонската телевизија слушавме вицеви и шеги како Туѓман бил примен во некој ходник или Кучан бил примен од Геншер бил примен во дворот. Тоа е целата надворешна политика што ја имаше Македонија во тој момент. Ништо друго. И, едноставно, седење дома во Македонија. Се занимававме, ако земеме глобално што направивме за таа прва година, глобалното може да се подели и вака: осум месеци ја спасувавме Југославија, два месеци се боревме Словенија и Хрватска да не бидат признати а десетина дена зборувавме за самостојна Македонија.

Од 15 јануари до 15 јуни декларацијата во Лисабон уследија нови шест месеци. Што правеше македонската надворешна политика во тие шест месеци? Секоја вечер преку македонската телевизија, преку средствата за јавно информирање слушавме - Македонија ќе биде признаена во четвртокот, Македонија ќе биде признаена во петокот, Македонија ќе биде признаена на први, Македонија ќе биде признаена на 31, Македонија ќе биде признаена на 18. Буквално шест месеци целото македонско граѓанство беше хипнотизирано секоја вечер од изјавите дека

Франција се воодушевува од мудроста на нашиот претседател, Германија е практично импресионирана како Македонија успешно ја води својата политика, Америка дава најдобри изјави, Лорд Карингтон дава изјави дека Македонија води најпаметна политика на Балканот и пошироко. Шест месеци ги слушавме тие информации и едноставно живеевме и го чекавме дека во среда или во четврток Македонија готово ќе биде признаена. После тие шест месеци ја добив- ме Лисабонската декларација.

Се поставува основното прашање и затоа јас сакам оваа вечер да прекинеме една апсурдна ситуација во Македонија и да памтиме што зборуваме конечно, еднаш, да памтиме кој за што се залага и да памтиме кој за што треба да има одговорност. Значи шест месеци поминавме ние во класина хипноза, а тоа што го правеше македонската телевизија посебно и весникот "Нова Македонија", јас верувам треба да влезе во сите анали на пропагандната активност на една држава. Тешко може да се спореди и со стаљинистичкиот систем, тешко може да се спореди и со фашистичкиот систем.

Во таа смисла се поставува прашањето, тоа беше периодот во кое македонското прашање не се разгледуваше како сега, на шест месеци, туку се разгледуваше секој месец на состаноците на министрите на Европската заедница. Секој месец. Затоа ние чекавме од први до 15 па на 30.04. Сега резултатот го чекаме на шест месеци.

Се поставува прашањето зошто, кога една Холандија имаше расположение и симпатии кон Македонија, кога една Данска имаше расположение и симпатии кон Македонија,Италија имаше расположение кон Македонија, Германија имаше расположение кон Македонија, зошто ние во тој меѓупростор, нашите државни раководители не направија интензивна активност токму во тие држави. Ако не друго, тогаш да не дозволевме

барем таа Лисабонска декларација да биде донесена. Зошто, ако во тој период имаше и најмал знак од било која држава или од бројните посети што се правеа во тоа време зошто македонскиот државен врв, македонската Влада не ја апелира во тој период целата македонска Јавност, сите македонски граѓани да станеме да демонстрираме, да даваме некакви изјави, да ја спречиме таа Лисабонска декларација. Лесно е сега да зборуваме и да даваме оправдувања - еве, имаме Лисабонска декларација, мораме да го смениме името. Меѓутоа, зошто никој не сака да го постави прашањето - зошто таа Лисабонска декларација воопшто беше донесена?

Во времето кога Лисабонската декларација беше донесена ние сеуште имавме комунистичко знаме. Во времето кога Лисабонската декларација беше донесена ние сеуште немавме концепција што ќе правиме со нашата војска, што ќе правиме со нашето економско осамостојување, што ќе правиме со нашите граници и, буквално на секој чекор стоеше во Македонија името Југославија, југословенското знаме или симболите на југословенската држава. Дозволивме еден период во кој никој, односно имаше еден празен простор за работа во кој можеше да се менуваат работите, едноставно да помине покрај нас.

Она што е најкарактеристично, за сето тоа време до Лисабонската декларација Македонија не отвори ниту едно свое претставништво во било која европска земја, дури ни во такви центри какви што беа Брисел, Њу Јорк - ОН, или Стразбург каде што е Европскиот парламент. Се поставува прашањето зошто Македонија за сето тоа време немаше едно единствено свое претставништво што ќе ги застапува македонските интереси?

Со жалење можам да констатирам дека еве, ваквите претставништва, дури пред два - три месеци за прв пат се отворени. Јас се надевам дека тие

сепак ќе имаат некаква своја функција.

Дојде Лисабонската декларација. Од Лисабонската декларација до денеска еве, поминува уште нова половина година. Повторно ние секој ден, преку македонските медиуми слушаме Македонија е нај- високо ценета, сите воодушевуваат и понатаму од македонската полити- тика, сите даваат изјави за македонската политика, во сите држави јавноста е определена за Македонија, стои цврсто зад македонското прашање и едноставно, еве, последнава недела го чекавме признавањето во Единбург.

Меѓутоа, место признавањето во Единбург доживеавме еден ладен туш од кој ладен туш сите ние сега се свестуваме. Се поставува прашањето, повторно за македонската активност во изминативе шест месеци од Лисабонската декларација па до ден денеска. Секој ден слушаме дека Мицотакис отишол во една или друга држава. Во истото тоа време посетите на нашиот претседател можеме да ги наброиме буквално на прсти во овие шест месеци во однос на претседатели односно сред- би со претседатели на држави.

Се поставува основното прашање кое можеме да го поставиме не само во овој период од шест месеци туку и пред Лисабонската декларација, што е тоа што се случува со активноста на надворешен план на македонската политика? А, тука постојат само два одговори: или нашиот македонски претседател не сака да го примат во ниту една европска држава или пак нашиот претседател и министерството за надворешни работи не бараат такви приеми и такви посети во кои ќе се актуализира признавањето на Република Македонија. Факт е дека трет одговор на меѓународната активност на Република Македонија во последната година едноставно нема. Тоа се тие два одговори што можеме да ги дадеме. И едниот и другиот самиот по себе се доста поразителни за македонската надворешна политика.

Тоа е што се однесува за самата активност, за самата желба, за самите идеи и за самата борба за самостојноста на Република Македонија.

Меѓутоа, независно од таа меѓународна активност, од таа

дипломатска активност која се гледа постојано, не можеме а да не ги поставиме и основните прашања, суштински прашања:

- зошто Македонија не сака да се однесува како самостојна држава;
- зошто Македонија не го заокружува својот внатрешен систем;
- зошто Македонија не ја принуди Европа да види дека таа е вистинска држава во Европа и на тој начин по пат на политика на свршен чин да го добиеме тоа признавање на Република Македонија

Не сакам да спомнувам многу примери, ќе кажам само неколку:

Прво, зборуваме за сувереност на Македонија, а сеуште јавно зборуваме дека целиот воздушен простор на Република Македонија е под контрола на Белград и на СР Југославија. Се поставува прашањето како можеме да зборуваме за реална сувереност на Република Македонија кога да речеме, еден од главните сегменти на една сувереност, на една држава сеуште е под контрола на друга држава

Во таа смисла сметам дека сите други ситни примери што можат да се набројат оваа вечер не треба да се спомнуваат, а ќе спомнам само уште еден пример на кој треба сите ние сериозно да се замислиме.

Според Уставниот закон на Република Македонија, во член 14 сеуште јасно и децидно пишува - надворешната политика на Република Македонија ја води СФР Југославија. Тоа не е нешто што се случило пред една година, пред три месеци. Тоа е актуелен Устав на Република Македонија.

Сега, јас би ја прашал Владата, господинот претседател, се поставува основното прашање кого ние тоа лажеме дека се бориме за тоа меѓународно признавање на Република Македонија кога до ден денеска во актуелниот Устав на Република Македонија ни пишува - нашата надворешна политика ја води СФР Југославија. Се поставува прашањето за кого зборуваме дека бараме меѓународно признавање кога и најмал проблем некој македонски иселеник во Австралија или во Германија да го има до ден денеска го уаптуваме да му го реши проблемот југословенскиот конзулат или југословенската амбасада во таа држава. Тоа е работа што ја гледаме секојдневно.

И, конечно, кога зборуваме за меѓународното признавање на Република Македонија, да го поставиме она што е најсуштинско, зошто нам ни е потребно меѓународното признавање на Република Македонија? За да имаме една декларација што ќе ја урамиме и ќе се фалиме потоа или после таа декларација за меѓународно признавање на Република Македонија да воспоставиме дипломатски односи со државите што не признале, а после тие дипломатски односи да воспоставиме и економски односи. Мене ми е мошне мило што левиот дел на македонскиот Парламент го отвора Уставот и се надевам дека може многу јасно да го прочита членот 14 и да се увери дека, навистина, сеуште одговорна за нашата надворешна политика е СФР Југославија.

Се поставува прашањето, значи, зошто ни е потребно признавањето? Зар да имаме една декларација повеќе во шифоњерите на македонската Влада или да воспоставиме директни конкретни односи? Јас ќе спомнам само еден пример. Америка никогаш не ја призна Кина со декларација, да рече еве, тоа е декларацијата со која Америка ја признава Кина. Кисинџер направи посета на Кина, после таа посета разменија амбасадори и Америка и Кина едноставно се признаа. Зошто  го спомнувам тој пример? Затоа што

Македонија до сега, колку што знам, е признаена од десетина држави. Се поставува прашањето зошто до ден денеска со ниту една од тие држави не се воспоставени конкретни дипломатски, економски и културни, комуникациски или било какви односи? Што чекаме, да речеме, со една Русија, со една Турција, Бугарија, што чекаме сега да се случи Европската заедница да не признае па ние да испратиме и размениме дипломатски претставништва кои еве, ќе почнат да работат односно да ги отвораат пазарите пред се зборувам за пазарите, затоа што економската состојба денеска ни е најкритична

Значи, очигледно се работи за некоја свесна блокада однапред или се работи за една нерасчистена политика која очигледно дека не знае, односно не знае каде да се ориентира и на кој начин да го бара сето тоа. Тоа е она што се однесува за досегашната активност на меѓународен план на македонската дипломатија и на конкретната сувереност на македонската држава

Сега, конечно да се вратам на она што сега е најконкретен наш проблем. Тоа е проблемот на менување на името на Република Македонија во име Република Македонија (Скопје).

За изненадувањето и за одбраната на здравиот разум кој јас лично, да речеме, не можам да се помирам сеуште како буквално до завчера ни зборуваа дека таа идеа е забранета а вчера ни кажаа дека е тоа слободна идеа и дека еве можеме најнормално да зборуваме за таа идеа .и сметам дека е тоа навистина прашање на совест на сите парламентарци овде, меѓутоа не можам, независно од тоа а да не дадам неколку коментари

Прво, се поставува прашањето, основното прашање, овде на самиот почеток беа кажани неколку работи во кои јас можам да кажам  дека лично

не верувам и не знам како би се тоа извело, од принципот дека тоа само ќе се усвои, па нема да влезе во македонскиот Устав, па дека тоа ќе важи само за надворешна употреба а за внатрешната употреба е другото име. Тоа се само приказни. Јас сметам дека е ова само прва фаза пред да се прекршиме. Меѓутоа, независно од тоа, не можам а да не поставам неколку принципиелни прашања вечерва, а јас сметам дека секој човек и секој парламентарец КОЈ има малку морално достоинство овде, мора тоа самиот на себе да си го постави како прашање, не пред другите да го поставува прашањето

Се работи за едноставното прашање зошто ние оваа вечер сме собрани да дадеме покритие на една политика која ја водеа за сето време, можеби не еден човек, но двајца луѓе. И, дали ние можеме да учествуваме во давањето на поткрепа на една политика која на македонската држава, да не ги набројувам економските и другите политички, само проблемот на меѓународното признавање го водеше практично на приватен начин сами, во дуел две години и на крајот еден ваков резултат кога не доведоа до целта, едноставно го свикаа Парламентот и сите нас овде да им дадеме поткрепа на еден пораз и по можност тој пораз да го претвориме во една висока победа, од која после треба да тримфираме сите ние.

Затоа јас овде го поставувам прашањето, веќе слушнавме дека Европската заедница добила потврда од македонска страна дека најчесто се спомнува името на претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, дека добила потврда дека Македонија ќе го прифати извештајот на Робин 0'Нил, а тоа е дека Македонија го прифаќа името Република Македонија (Скопје).

Се поставува прашањето не само на уставната одговорност, меѓутоа чисто и на моралната одговорност и јас затоа еве овде, отворено ќе ја

запрашам македонската Влада - Кога вие господа министри во македонската Влада ја дадовте таа одлука дека Македонија може да го смени името? Јас денеска добив извештај дека денеска, сабајле нај-веројатно сте имале седница на која сте го прифатиле тој извештај. Меѓутоа ви го поставувам прашањето не заради јавноста, туку заради самите вас како личности, затоа што можам да ви кажам дека ќе заврши- те како претходната Влада на Кљусев, тоа е кога ќе дојде најгустото, едноставно од вас ќе ги исперат рацете, а главниот виновник и понатаму ќе остане негибнат на македонската политичка сцена.

Зошто ви го поставувам тоа прашање? Ви го поставувам за- тоа што едно од најодговорните места за да донесе таква одлука е самата Влада. И, сами си знаете колку пати до сега сте го разгледувале тоа прашање, колку пати сериозно сте го размислувале, дали сте донеле одлука или, дали и вие како и сите нас овде што сме парламентарци, денеска во 9 часот ве свикале и ви кажале - потврдете ја таа одлука што двајца луѓе ја водеа цело време во Република Македонија. Ако претседателот на Република Македонија имал поткрепа за едно такво прашање да одлучи сам во името на вашата Влада, тогаш може да се зборува дека се работело, еве, за една тајна дипломатија, тајна политика или незнам што, која морала да биде скриена за македонската јавност. Меѓутоа, ако се работело за приватна политика што ја водел сам еден човек во Република Македонија, јас можам да кажам дека таква грешка не може да се прости никому. А, сметам дека и вие самите како министри на Владата конечно еднаш за секогаш треба да седнете и ја разгледате својата позиција дека сте политичка институција во Република Македонија и дека конечно треба да заземате политички ставови. Бидејќи за тоа сте одговорни и според Уставот и според сите закони што постојат во оваа македонска држава.

И, значи7 се поставува првото принципиелно прашање кој е тој круг на луѓе во Република Македонија кој си ја земал таа храброст на Европската заедница да даде согласност дека македонската држава и македонскиот народ се согласува со една таква опција. Тоа е основното принципиелно прашање што мора да се расчисти вечерва овде. Тоа е првото прашање.

Второто прашање што исто така мораме да го поставиме, тоа е прашањето дали тоа е барање од страна на Европската заедница или тоа е иницијатива на некој човек од Македонија. Ако е барање на ЕЗ тогаш мора да постои писмен документ со кој таа ЕЗ, колку што го бара тоа исто толку нуди и гаранции дека, доколку се спроведе тој чин на промена на името на Република Македонија, дека таа Република Македонија ќе биде признаена како држава.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Јас како што можам да разберам од сите овие разговори кои што ги слушав овде, очигледно дека ни едното ни другото го немаме досега во Македонија.

И сега конечно за самото име повторно да се навратиме. Веќе во светската јавност и во македонската јавност нашироко е пробиена Информацијата дека Република Македонија се согласила со името Република Македонија во заграда Скопје. Се поставува прашањето на она што во оваа надворешна дипломатска трговија сигурно мораме да го имаме и предвид што е тоа што Македонија го доби со тоа што во јавноста, во светската јавност ја прошири Информацијата дека Република Македонија се согласува со Република Македонија во заграда Скопје. И веднаш можеме да претпоставиме, прво, јасно се чу дека Грција има цврст став и дека тоа име нема да го прифати.

Второ, исто така колку што беа, ако беа пренесени добро информациите вчера преку средствата за јавно информирање, исто така се чу дека Даглас Херт, министерот за надворешни работи и претседавач на ЕЗ изјави дека Европскиот совет оценил дека она што го направи Македонија не е доволно и уште не е во согласност со Лисабонската декларација. Што добивме? Добивме едно крајно, мизерно опаѓање на целото достоинство на РМ, на македонскиот народ и на македонската држава како целина. Што добивме? Добивме сега нови месеци, нови неколку месеци во кои повторно сега Грците со едни огромни адути во своите карти ќе ја убедуваат ЕЗ дека еве овие се согласиле Скопје да го прифатат, значи тоа не е ништо за нив и само Скопје да им остане на крајот. Тоа е тоа што ќе го добиеме. Ниту ЕЗ ќе не признае, ас уште помалку ООН.

И кога сме кај ООН, повторно сакам да разобличам една игра која сега повторно сега во пакет овде ни се сервира, да сме го прифателе името Република Македонија во заграда Скопје, ако не помине во Единбург, тогаш ќе помине во ООН. Ако не помине во Единбург, тоа нема да помине ни во ООН. Меѓутоа, се поставува прашањето каде бевме досега да зборуваме за ООН. Зошто прашањето нас признавањето на ООН Македонија не го постави кога го поставија Словенија и Хрватска. Зошто признавањето во ООН Македонија не го постави кога го постави Босцна. Зошто прашањето на признавањето во ООН Македонија не го постави во тој меѓу простор во Лисабонската декларацијас и конечно од Лисабонската декларација до денес. Која е причианта на едно одлагање скоро од една годинас и половина на приемот на македонската држава во ООН. Очигледно, повторно се работи за енкои игри и сега ни се сервира како втор план, ако непоминало во Единбург ќе поминело во ООН. Се поставува уште една замка што ни се нуди вечерва и тоа како условно да го прифатиме името Република Македонија во заграда Скопје. За жал, проценките од една таква политика сметам дека мнгоу бргу ќе ги видиме. Впрочем, се работи веќе за работа која треба да се случува утре. Кога реков за работа која се случува утре, не можам да не спомнам уште една друга работа.

Целата македонска јавност, сите ние како пртеници, како политички партии за тоа што треба да го правиме денес бевме запознаени вчера. И денес од сите нас се бара една таква тешка одлука да биде донесена, во која нормален човек тешко може да се согласи. Се поставува прашањето, ако за тој извештај на Робин 0'нил се разговара 4 месеци наназад, ако тој извештај Робин 0"нил го имаше подготвено некаде пред 10-тина дена, ако Грчката Влада извештајот на Робин 0"нил го разгледуваше пред една

недела, зошто тогаш повторно тие комунистички трикови - вчера не известуваат денес не свикуваат, а утре Единбург го чекаме. Барем малку респект кон чувствата, кон размислувањата. Да беше дадено некое време за размислување, можеби и некоја мисла ќе се преточеше во главата. Меѓутоа, се поставува прашањето: зошто вакви трикови? Зошто вакви трикови - вчера ја известувате јавноста, денес не свикувате, утре го чекаме решението. И брзаме сега на часовникот како што рече еден од пратениците на СДС, брзаме на саатот да им јавиме на министрите на ЕЗ вечерва, за да знаат луѓето дневниот ред како да го состават утре. Тоа се смешни работи, јас ќе ве молам еднаш за секогаш во името на демократијата да престанеме со тие стари комунистички трикови, да почнеме нормално да работиме во овој македонски парламент и сите решенија и одлуки да ги донесуваме.

И конечно, на крајот од моето излагање. Се поставува прашањето, секој месец слушаме дека претседателот на Грчката држава Караманлис ги свикува сите грчки партии и се консултираат само по името на Македонија. Зошто до ден денес претседателот на Република Македонија не ја најде таа храброст, сите макар и најтешки моменти во поглед на меѓународното признавање на РМ да ги свика македонските партии, да седне, дали само со парламентарните, дали со парламентарните и вонпарламентарните, меѓутоа да с седне и да се разгледа што е тоа што може да се направи. За жал, жално е што ние вака прв пат денес се обидуваме да постигнеме некој национален консензус, и тоа национален консензус на прашањето Република Македонија (Скопје). Јас навистина сметам дека едно вакво однесување што се случуваше во последната година, а кое имаше само една единствена цел, целата надворешна политика на Република

Македонија да ја води само еден човек, целата слава од таа победа на надворешната политика на Република Македонија да му припадне на еден човек денес мора да се преокрене, да се обрати во сосема друг одговор. Сите промашувања на водењето на надворешната политика од само еден човек во Република Македонија мора истиот тој човек сам да си ја сноси одговорноста. Јас затоа во овој момент ја дистранцирав за малку и Владата, ги дистанцирав и другите пратенички групи затоа што сметав дека крајно време е во Република Македонија оној кој за нешто дава изјави, кој води некоја политика, кој креира некаква политика, а кој е на високо одговорно место, за таа промашеност на неговата политика да си сноси и конкретна одговорност.

(Пратеникот Благој Ханџиски бара збор).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, господине Ханџиски седете вие, не ве спомна никој вас.

Има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, навистина имаме тешка и одговорна задача. Јас имам исто така поприлично критички забелешки. Некои од тие ќе ги искажам, не со намера да правам широка елаборација и на крајот еден мој предлог, што исто така нема да биде нов, а е изречен вечерва на расправата на Парламентот.

Прво, да кажам дека е добро што Парламентот конечно се состана и апсолутно протестирам против методот на работа на Парламентот со суспензии од празни мотиви, кои се евидентни и ние ги знаеме какви се тие мотиви. Неговата суспензија и самосуспензија, јас инсистирам и на

самосуспензија, зашто како може некој да го суспендира, така и ние самите да суспендираме бидејќи има и наш дел од одговорноста во врска со тоа, за жал не е ретка и тоа се случи повеќе пати во овој изминат период од тактички или стратегиски или дневни итн. мотиви. Затоа се прашувам, прашувам зошто една тивка инквизиција во врска со Парламентот или во врска со нешто што се случува го прави тоа. Зошто постои тоа чувство на увереност дека разумот е само во нејзините глави на таа тивка инквизиција. Можеби зборот е претежок. Кој ги излажал дека безбедноста, меѓународното признавање на Република Македонија, опстанокот и среќата на македонскиот народ, на сите граѓани на Република Македонија зависи од нив, само неколкуте што ќе се договорат Парламентот да не работи или некоја друга институција. Без оглед на забелешките и слабостите на Парламентот, на нашите неодмерености овде во Парламентот кои што се исто така не ретка односно честа појава. Кој ги излажал дека на Македонија и требаат само неколкумина што мислат, кој вообразил дека сите овде во Парламентот се безмалку да кажам малоумни дека ете она што тие или малкумина или тој во затворени кабинети пред четири очи или шест очи ќе го стокмат таму во Парламентот, ќе биде расипано во некоја друга легална институција на системот, кој го имаме и го градиме. Зошто дозволуваме Парламентарната демократија да се претвори во некој вид обланда зад која постои некоја друга. Ние имаме пример и со оваа суспензија и со неколку претходно, а имаме пример и со почетокот на оваа вечерашна седница на овој Парламент како еден систем до кој по толку децении со мака се доаѓа со еден потез се става настрана и пак на дланка имаме огромен јаз меѓу она што правниците го нарекуваат де јуре и и де факто. Пак ете ни пример

и со денешната седница. Тој пример со денешната седница на пример е искажан низ следните зборови:

Не е потребен никаков акт да се донесе на денешнава седница на Парламентот односно нема акт, а Парламентот ќе расправа.

Само се информира Парламентот од страна на претседателот. Тоа треба да му послужи на претседателот, за што ќе му послужи претседателот- да сондира мислење од страна на пратениците, на претседателот 120 советници бездруго не му требаат, а можеби како советници ниеден од нас не би го одбрал бидејќи има право на друг начин да формира советнички тим. Можеше да биде ова закажано и како претходна расправа со однапред соопштено дека нема да се носи денес одлука но само ќе разговараме за тоа прашање. Пак е прашањето дали ни треба таков начин јавен за претходна расправа итн. Какви импликации има тоа ако нешто произлезе што можеби од тактички причини не е добро за соопштување пред меѓународната јавност. Претседателот на Републиката ќе не сослуша, ќе земе она што му треба или што не му треба итн. Таков начин на расправа на Парламентот е бескорисен и тоа не е во рамките на функциите на овој највисок законодавен дом на Републиката. Против таквиот начин на работа на Парламентот, против суспензијата, против потценувањето на овој Парламент таков каков што е одбран од народот наш, таков каков што е јас лично протестирам. А мислам дека и на тие што тоа го прават баш не им одговара во крајна линија, затоа што преземаат еден вид одговорност која што не ќе може да ја понесат на самите плеќи. Напротив би било корисно и за нив да ја споделат одговорноста и со Парламентот и со поширокиот македонска јавност и со целиот македонски народ за прашања од ваков вид.

Со месеци се водат преговори, членовите на Парламентот добиваат информации како и сите граѓани и јас добивам информации како член на Парламентот толку колку што добива еден обичен граѓанин во врска со многу крупни, крупни прашања. Од сувопарниот дипломатски вокабулар употребен на конференциите за печатот, зошто, по кој устав, според чиј систем итн. се поставуваат тие прашања, бидејќи како член на Парламентот морам да имам најдлабоки релевантни информации за да можам да размислувам компетентно за прашања од ваков вид. Тие информации, простете јас ги немам. Можам само по чувство, по интуиција и по читање меѓу редови да заклучувам за вакви настани.

Граѓаните на Републиката низ селективни информации се доведуваат буквално да кажам до лудило, зашто прашањето е сериозно, ситуацијата економско - политичка е крајно, да го употребам излитениот збор, сложено. Најнапред се создава атмосфера дека долго очекуваниот ден "д" е пред нас, па потоа брзо престројување на информациите и порака - па и по тој ден, ако не е саканиот животот нема да се заврши. И јас се согласувам со тоа. И по Единбург животот во Македонија ќе продолжи и Македонија ќе мора да манифестира живот на способна држава, макар било тоа на многу пониско економско, културно и незнам какво рамниште. И така "Ред се редат,мали и деновите и месеците и системот топло -студено и чекањето нешто однадвор да ни се случи премногу се нагласува, со тоа се потиснуваат одговорностите за внатрешните активности и промени во државата што треба да ги правиме, што во крајна линија од тоа ќе зависи на крајот опстанокот на Република Македонија, бидејќи тие однадвор од надвор сакале или не сакале ќе мора да не признаат, дали ќе биде подолго или помалку  со поголема вештина или помала на нашата дипломатија, тоа

е друго прашање, но еден ден Македонија ќе мора да ја признаат. Но, треба да покажеме внатрешна способност, резистентност дека сме ние народ што може да опстои, дека сме жилави, дека сме тврди, дека ќе издржиме и економска криза и ќе се опоравиме итн., но тоа треба повеќе да мислиме, а не целокупното внимание да го свртуваме на нешто од што зависи и од нас, зависи и од внатре, но зависи и од многу меѓународни околности и други сили, игри, сценарија итн.

Последново пак форсирано признавање психоза на војна нешто многу ми е познато, но од инструментализацијата на таа баба рога ни диригентите во крајна линија никогаш не се офајдиле или пак тоа било мошне кратко. Јас можам да грешам во врска со тоа прашање, заради тоа што немам доволно информации за да можам со сигурност да кажам постои ли таа баба рога пред нашата врата или не постои. Јас ја земам на себе грешката во констатацијата во врска со тоа, а некој друг зошто јас немам пак поинаква информација дека баш војната е тука кај нас. Ако некој пак вели дека опасноста е реална, таква каква што формативно ни се претставува, се поставува патем неколку прашања во врска со таа баба рога војна од која што се разбира нормално секој нормален човек се плаши.

Прво, зошто овој Парламент не е свикан само за тоа прашање, ако опасноста е таква. Не слушнав дека расправаат сериозно и некои институции колективно во врска со тоа прашање. Дали се настанати услови кога овој парламент не може да биде свикан, ако евентуално постои таква опасност.

Второ, зошто пред овој Парламент никој не поднесува информација и анализа за тоа, за таа наводна или не наводна опасност толку реална колку што е или незнам како ќе биде.

Трето, ако опасноста не е наводна, не е божемна, што презеле и преземаат државните органи за да бидеме подготвени за одбрана на земјата или стратегијата е секој што ќе сака да дојде овде ќе го пуштиме да дојде и да постапува така како што ќе сака заради тоа што однапред се прогласуваме за мали, за ситни, за неспособни за безнадежни и сл. на тоа а јас не мислам ни дека сме толку мали, ни дека сме толку ситни ни дека сме безнадежни и дека не можеме на било каков начин да се организираме и да покажеме дека сме и држава и народ итн., зашто има и поситни во светот и исто така имаат сериозно организирани отпори за било какви евентуални опасности. Ако опасноста е реална, не случајно говорам во кондиционел мислат ли државните органи дека е доволно да ги викнеме набљудувачите од обединетите нации. Можеби и тоа е добро, јас не го негирам тоа, можеби и тоа е добро и едно парче сини шлемови дека ќе биде доволно, ако ние нешто друго не правиме или јас незнам дека правиме.

Петто, ако е пак таа наводна божемна опасност, зашто има и едно и друго толкување, едни велат дека се инструментализира тоа прашање, други велат - не, тоа е реална опасност итн., јас сега говорам за претпоставки, ако ја повикуваме за да се смилуваат тие што треба да не признаат, тогаш е играта морам да кажам за мене многу опасна. Народот треба да ги "тужи" државните органи за претрпен психички страв, за индивидуални психички стресови, за направени трошоци околу подготвувањето за живот во услови на војна, затоа што некои граѓани, сограѓани и тоа го прават денес, за извадени билети за скрасување во странство, бидејќи и тоа некои го прават заради психозата што ја имаме овде, реална или не реална итн., за натамошно фрустрирање на овој народ, за политика на демолаalong, за отклонување од секојдневните грижи, за расеаност на работните места и поради тоа намалена продуктивност на трудот итн. Сега малку карихирам, се разбира.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Мислам дека прашањата се крајно, крајно сериозни.

Шесто, треба некој да биде тужен зошто некое сценарио реално или наводно објавено на 5 или 6 јануари во Слободна Далмација, потоа во Дело итн, во Македонија се објавува овие денови. Зашто тогаш да го немаме тоа сценарио и да знаеме уште тогаш дека се подготвува и слично на тоа. Многу прашања се поставуваат во врска со таа работа. Но, добро тоа се некои мои забелешки во врска со слабостите на Парламентот и некои нормални можеби слабости во водењето на било која политика и слабости што можеби секому да е на тоа место може да му се случат се разбира во поголема или помала мера.

Сега нешто во врска се Единбург. Првото прашање зошто сега два дена пред Единбург членовите на Парламентот се информираат без да можат сами да прочитаат било каква информација иако знаеме и последниот ден се случува нешто ново и тоа го имам во предвид кога го поставувам ова прашање и на слушано овде адхог да прифатат или да одбиваат нешто од така судбинско значење. Зошто веројатно затоа што се вклопува во нечиј концепт за редукција дозирана демократија за само прогласување за најголеми чувари на безбедноста и интегритетот и интересите на Македонија, за потценувачки однос кон некои легални институции како што е на пример и Парламентот.

Второ, Грција го одби извештајот на господинот О"нил Грција го има тој извештај а Македонија го нема, не може да ги прочита сите редови сите букви можеме да добиеме пренесена информација посебно преку нашите надлежни почитувани претставници во меѓународната политика. Кога ние сега би го прифатиле тоа што всушност го немаме што би значело тоа. Дали значи наша нова спремност да бидеме кооперативни како што фино

се изрази нашиот министер за надворешни работи или знак за дополнителни притисоци врз Македонија од Грција, преку Грција итн. Јас лично н еможам да ги проценам сите моменти во врска за тоа, затоа што треба да се биде таму да се учествува па да се доживее таа атмосфера, да се изгради доверба, недоверба, да се проценат бидејќи имавме примери кога нашиот министер поднесе оставка заради тоа што му го ветија едноставно го прекршија непосредно пред една од претходните средби. Јас незнам дали такво нешто може повторно да се случи. Веројатно е можно .Дали пред тоа можно ние сега треба да избрзуваме некаква одлука и кои се импликациите во врска со некоја одлука од тој вид.

Трето, нема предлог во врска со ова прашање ни на министерскиот совет на Европската заедница, бевме информирани од министерот дека две членки се изјасниле, а тоа се Данска и Холандија дека седницата е прекината и дека прашањето веројатно ќе биде продолжено да се третира во Единбург на 11 и 12 и тоа е прашање за дискусија што ги ограничува нашите можности попретпазливо да донесеме одлука од вакво суштинско значење.

Четврто имаме ли ние елаборација што значи тој предлог или заклучуваме врз основа на импресија општа, фонетско доживување. Република Македонија (Скопје). Министерот го доживува тоа според извештајот како Македонија со главен град Скопје. Јас би бил задоволен да запишат Република Македонија со главен град Скопје иако немаат право да ни го одредуваат главниот град бидејќи можеме да донесеме одлука друг главен град да определиме во некое време бидејќи на ниедна држава исто така не и ги одредуваат други од надвор. Но, може ли да се толкува тоа да го читаат други Македонија односно Скопје, инаку Македонија односно се сведува на Скопје. Може и такво  фонетско јазично доживување да има,

може и тоа не е битно сега, можеби ова не е најбитно, но елаборирам во врска со некои логицирања и изнесување на аргументи зошто нешто да прифатиме или да не прифатиме. Или аргументот дека името е за надворешна употреба. Па секое име е за надворешна употреба. Името Гошев Петар е за надворешна комуникација не е за комуникација самиот со себе си. Инаку Република Македонија за комуникација со надворешните републики, со надворешните држави. Тоа е навистина е нелогичен, да не кажам каков аргумент. Тој не е аргумент, но така ни го наметнуваат други и се разбира ние сега бараме начини како ако не примораат на тоа да најдеме оправдување пред нас,пред јавноста, пред самите себе, пред нашата совест. Но, аргументите се навистина мошне тешки и без преседан што го потврдуваат тоа и нашите највисоки раководители дека никому така во светот во врска со името на државата и народот не му е правено и не му прават како тоа што и го прават и ни го прават на Република Македонија.

Се поставува прашањето може ли поединци од внатре да се согласуваат со ваков предлог, а тоа да биде соопштено пред претходно да има сепак некој обид за поширок консензус внатре да се елаборира прашањето, затворено или отворено така како што налага тактиката во борбата за остварување на тоа прашање. Ова не го кажувам за да искажам недоверба и алузија дека немаме доверба и дека наши државни раководите- ли се некој тип што не би воделе сметка за интересите на Македонија. Тие тоа го прават така како што го доживуваат и како што мислат дека е најдобро за Македонија и јас така ги сфаќам обидите на секој наш државен раководител овде што легитимно е избран во Парламентот или надвор од Парламентот. Но, се работи за можност, неможност субјективна или објективна одговорност, способност и можност.

Тука се поставува прашањето, исто така мора да најдеме мерка што е со изјавите никој не може името да го менува на државата освен самиот тој и така натаму. Е, сега, ние добиваме објаснувања дека ништо тука не се менува само се додава. Затоа можеме да дискутираме дали се менува или не се менува. Околу тоа можеме да дискутираме. Прашањето е навистина пресериозно. Дел од овие забелешки што ги изнесов се и за друга пригода не се само за оваа пригода и можеби можам да ги прескокнам и некој може со право да ми каже така, но се плашам дека некој повторно може да ни даде неограничен распуст на Парламентот па да не можеме да ги искажавме овие прилики, а јас се помалку имам прилики да ги кажам на друго место освен на парламентарнава говорница, а имам одговорност за онаа функција за која што ја имам сега како пратеник во ова Собрание од мојата избирачка средина. И затоа ги ка- жувам сите тие работи на некого што не мора баш во овој момент.

Врз основа на вакви ретки задоцнети и на уво слушнати информации не можеме да одлучуваме тука така без оглед што со ова прашање живееме сите долго, без оглед што многу варијанти сами или некој друг ни ги превртувал во нашите глави, биле предмет на меѓусебна елаборација.

Понатаму и најважното се работи за вековното име на македонскиот народ, за тоа сме сите свесни, свесни се и нашите учесници непосредни во креирањето и во остварувањето на македонската дипломатија. Името е за нашето препознавање за само идентификација, за идентификација. Името што било и е вековна инспирација, името и зборот што бил посветен во устата на десетици, стотици, илјадници родољуби пред нивниот последен здив. Тоа сите ова го знаат ова го знаат овде, го знаат и нашите претставници и само една буква да се измени, измената е значајна точка. И од тој факт не можеме да побегнеме .

Прашањето е дали сме спремни или не сме спремни, кои се консеквенциите од тоа. Се разбира дека ние добиваме објаснување или можеме сами да прифатиме објаснувања дека тоа не е ништо и така натаму, меѓутоа, тоа ништо за мнозина е нешто и тоа ништо сепак со тоа ништо сепак се гибнува во основниот знак на распознавање во неприкосновеното право на македонскиот народ, во неговото природно право како и секој друг народ сам да се вика така како што сака да се вика и се чувствува како што се чувствува. И така како што решиле од прастари времиња засекогаш да се викаат овие луѓе на овие простори. Затоа мојот став е нашето државно раководство кое што има огромна одговорност во овој момент, психичка, морална заради тоа што тежината паѓа пред се на истурените луѓе добро би било да ја сподели таа одговорност повеќе и со Парламентот и со македонскиот народ односно за вакво прашање сепак да биде запрашан македонскиот народ сака или не сака да ја прифати таа промена со сите објаснувања што мисли државното раководство да му ги даде на македонскиот народ. Мислам така товарот на одговорноста ќе се симне од сите и дека само за тие што се однесува тоа име, тоа значи дека се согласувам со некој вид на референдум.

Инаку секоја чест на сите наши повикани и неповикани кумови, знаат дека од нив ни зависи судбината, меѓутоа ништо нема да се случи ако не направиме поширока консултација меѓу македонскиот народ дали е спремен вакква работа да прифати или да не прифати. Ете тоа сакав да ви кажам а истовремено да кажам дека не е добра, но можеби постои онаа логика, постојат тие опасности ако не ги при- фатиме овие промени нема да не признаат, ако не не признаат нема да добиеме финансиска помош, ако не добиеме финансиска помош ќе осиромашиме толку многу што ќе се роди тоталитаризмот, војната и опасноста и така натаму и ако, ако итн. формално логички се е тоа така но се постави прашањето има ли нешто

што зависи од нас самите овде, внатре во Македонија. Јас мислам дека има многу и ние тука да го свртиме главното внимание и битката за меѓународно признавање мора да продолжи со доверба поголема или помала со начините кои што се вообичаени во секоја здрава демократија за поверењето на луѓето што ја водат нашата политика треба да продолжиме, не е судниот час 11-ти ние мора да издржиме овде внатре иако не признаат примерите на другите земји ни покажуваат дека не потече финансиска помош веднаш. Словенија до денес нема финансиска помош никаква, уште не се примени во Меѓународниот монетарен фонд,во светската банка борба водав внатре во решавање на проблемите. И Македонија ќе почека во финансиската помош, значи да се завртиме овде како може да ја спасуваме повеќе ситуацијата, економско социјална,политичка низ сите демократски методи.

(Некој од пратениците бараат пауза)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, до 9,00 ќе работиме, јас мислам ако дадеме пауза ќе изгубиме многу време.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас на почетокот би сакал да можеби повторам нешто што во ниедна дискусија не се слушна од почетокот па до последната, а имено за тоа треба да расправаме. Имено, ние на расправаме за менување на името како што многу од вас сакаат да го прикажат овде, ние расправаме за додавка на името. (Реакција на пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овозможите да зборува говорникот. Тишина.

Ве молам, тишина.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Значи ние не разговараме за промена на името тоа останува Република Македонија и во заграда се додава Скопје, тоа е додавка. Исто така и не носиме вечерва одлука како што сите драматично сакаат да претстават тоа претседателот во своето излагање децидно кажа дека покажуваме добра волја. Кога ќе носиме одлука ќе имаме посебна седница на Парламентот. Тие два факти да не ги заобиколуваме затоа што со нив после се манипулира и оттаму се влечат сите овие дискусии кои ги чувме

Инаку ние денеска навистина сме сите исправени пред една голема дилема и пред голем проблем. Тоа е неспорно, тоа не е Парламентот исправен, туку е исправена Република Македонија и сите граѓани на Република Македонија, пред тој проблем. Тој треба да се реши. Било кое решение ќе има последици, за тоа сме сите свесни. И не е точно тоа овде што некој велат дека ако ние направиме она што го предложи претседателот ќе има последици а другото не. Последици ќе има на сите страни да се разбереме. Треба да се одлучиме за помалото зло. И се додека не го поставиме проблемот така ние не можеме вечерва да расправаме онака како што треба. Ќе расправаме еднострано. Дај да видиме, ние да се договориме имаме ли овде проблем кој треба да го решиме и дали се тоа две зла од кои треба да го избереме помалото. Ако е така тогаш се разбира дека имам намера да дискутирам во насока на избор на помалото зло.

Исто така мислам дека треба многу јасно особено како членови на Парламентот, како претставници на граѓаните на Република Македонија политички претставници да бидеме многу јасни во пристапот во работата. Има емотивен и рационален пристап. Многу ретко слушам рационални дискусии. Се додека емотивно расправаме ние ќе носиме  емотивни одлуки,

а тие емотивни одлуки обично не се добри, во начело, во принцип и затоа ги повикувам сите рационално да дискутираме, со рационално размислување, емоциите да ги оставиме на други места.

Прво, треба да носиме одлука со која ќе се себеноминираме во Европа и во Европската заедница. Европската заедница ниедна одлука не ја носи емотивно. Сите одлуки ги носи многу, многу рационално. Ако ние со рационална политика од една страна спртивставуваме емотивна политика од оваа страна, вековни идеали итн., тие вековни и емотивни идеали никој не ги остварил, знаеме дека имало предвремени востанија, предвремени жртви, залудни жртви итн. Сите тие биле со емотивен набој во себе. Дај малку да се свртиме и рационално да работиме за да можеме на рационална политика да се спротивставиме и мислам дека тоа ќе има поголем успех. Јасно е дека од одлуката што ќе ја донесеме или од добрата волја што ќе ја изразиме вечерва да не прејудицирам носење на целосна одлука никој во Македонија целосно нема да биде задоволен веројатно само непријателите на Македонија. Меѓутоа, треба да направиме одлука од која ќе произлезе помала одговорност за оваа држава и едновремено ако не ја прифаќаме да видиме алтернатива. Овде слушнавме илјадници зборови, две тези се вртеа во дискусија од 45 минути кои можат за две минути да се кажат на говорница, а 45 минути се разглобуваа за на крајот да не се понуди алтернатива. Дајте да разговараме така, има ли алтернатива ова што се нуди и друга алтернатива. Која е другата алтернатива со главата во ѕид. Никој во историјата ѕидот не го скршил со глава.

Ние имаме две алтернативи. Едната е да изразиме добра волја за додавка и едната е тоа да го одбиеме, на емотивен начин можеби. Што ни носи додавката. Евентуално признавање, поединечно, групно, минус 1

минус 2 во Европската заедница, шанси за прием во Обединетите Нации, за прием, не за признавање во Обединетите Нации. Иако претходниот дискутант мислеше дека е залажување, меѓутоа ни носи и пристап до меѓународните институции, политички, хуманитарни, научни, финансиски итн. Ни отвора шанса за тоа, тоа треба да се каже Ни носи надеж за излез од овој без излез. Ние сме сега во без излез. Лисабонската декларација е многу децидна. Никој досега па ни нашите официјални власти не ни рекле дека некој има намера да ја напушти Лисабонската декларација во основа, ако ние исто така не покажеме добра волја. Ако ние покажеме имаме надеж, ако ние не ја покажеме јас не го гледам надежот. Ако некој има алтернатива на непокажувањето добра волја од наша страна тоа нека го каже од оваа говорница, јас не го чув. Да видиме која е таа алтернатива. Стоиме тврдо на нашите позиции, имаме ваква алтернатива која таму ќе не донесе. Ако не носи таа алтернатива во натамошни блокади во натамошно немање на железнички линии итн. во натамошни енергетски блокаде, блокада до сите меѓу- народни институции тоа тогаш да го кажеме дека е алтернатива, па да измериме што е подобро. Тоа одбивање ќе ни носи изолација, ќе ни носи и без перспективност.

Јасно беше кажано. Светскиот механизам меѓународен е тој Проблемот од Обединетите Нации отиде во ЌЕБС, од ЌЕБС во Европската заедница, Европската заедница не кочи. Светот е толку испреплетен во своите меѓусебни односи да една членка може да го закочи. Ние можеме сега многу инат да водиме и многу емоции тука за македонштината од Самоил до денес, меѓутоа тоа нема да ни помогне, да направиме нешто што нас ќе ни помогне, а тоа е да седнеме со тие држави кои се на овој континент да се договориме.

Исто така мислам дека е многу битно за нас и со вечераш- ново заседавање на Парламентот да конечно промовираме во Македонија неколку методи. Метод на толерантност, метод на дијалог, на не исклучивост, компромис во позитивна смисла на зборот иако некој овде се ежи од зборот компромис. На компромис егзистира современиот свет во политичка смисла.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ние за овие принципи едноставно немаме друга алтернатива во Република Македонија. Каде може да не однесе, на пример нас духот на нетолеранција, на немање трпение, на немање слух за дијалог

Имаме ли ние алтернатива на таквите принципи? На што ќе ја темелиме нашата алтернатива? На бројност на македонските граѓани – два милиона, или ќе ја темелиме на нашата економска моќ па ќе бидеме нетолерантни, нема да сакаме дијалог, нема да сакаме компромис затоа што сме економски моќни? Или, имаме воена моќ која ќе ни осигурува нетолерантност и некомпромисност? Или имаме многу стари и нови пријатели во светот? И тие што ги имаме практично ништо не направија за нас.

Атмосферата на духот и разбирањето сум убеден дека ќе не внесе во толеранцијата и во компромисот од кој во овие услови, кој во овие услови не значи слабост туку значи токму обратното. Значи една гордост и значи една умност од овој Парламент.

Залагањето за нетолеранција, бескомпромисноста која овде се изрази двапати не води во скутот токму на оние кои оваа земја со стотици години ја прекројувале и во име на своите големодржавни амбиции ја присвојувале. И немојте да дозволуваме повторно истото да го правиме, со нетолерантност да истапуваме. Немојте да допуштиме духот на деветнаесеттиот век кој се пропагира од оваа говорница и многу се експонира да ни биде отскочна даска за крајот на XX и почетокот на XX1-от век. Затоа што сум убеден дека само ние во овој Парламент мислиме дека ако правиме, имаме дијалог, ако сме толерантни кон тугите предлози, ако правиме компромиси дека ние сме слаби луѓе, дека ние сме слаба држава. Тоа е врлина во современиот свет. Не треба ние да демонстрираме воопшто концепции за наводна доследност

и машкост овде. Машкоска прво се губи на бојното поле, после е се џабе. Затоа мислам дека флексибилноста во нашите одлуки е одлука на умните, па дури и на силните. А, бескомпромисноста е одлука на оние кои најчесто не знаат што сакаат да одберат па го задржуваат единственото мислење што го имале и така наводно одат во доследност. Тоа често е и најлошото, се разбира.

Сакам да укажам уште на три работи.

Прашувам најотворено дали сите говорници на оваа говорница вечерва беа искрени? Дали сите говорници веруваат самите во тоа што го говорат овде. Нека бидат малку, малку искрени и нека се прашаат дали самите веруваат во тоа што го кажуваат. Дали едноставно работат и сакаат Македонија да биде призната.

(Упаѓање од место на некои пратеници).

Благодарам за упадицата.

И на крајот кога сме веќе кај Орвел и некакви типови на орвелско општество. Партијата која гласаше во овој Парламент за4

Платформата Глигоров - Изетбеговиќ, која гласаше сега ја исмејува, ја напаѓа. Е, па тоа е методот на Орвел. Гласавте, сега вие ги напаѓа- те тие што гласаа другите, а и вие гласавте. Тоа е орвеловскиот метод. Гласај за програмата Глигоров - Изетбеговиќ после кажи дека таа не чини. Значи, прекројувај го тоа минато со некое министерство за информации.

Баравте конфедерација во својата програма. Сега од оваа говорница ги обвинувате сите за пројугословенство само вие не. А, уште ви стои во програмата, тоа веќе втор пат јавно го кажувам. И тоа е орвеловско прекројување на сопственото минато.

(Реагирање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

(Предупредување на претседателот за ред во салата).

Референдумот не го сакавте, на кој сега се повикувате. Тројца говорници од една партија се повикаа на референдумот за кој водевте три дена битка да не се оствари во Македонија. Значи, и по тој основ орвеловски го прекројувате сопственото делување. Дури, еден од независните пратеници, кој е во вашата пратеничка група и на Уставен суд го даде тој референдум за да не биде. А сега се бусате во гради со тој референдум.

И на крајот за воздушниот простор бидејќи на некој не му е јасно зошто сеуште е под сојузната контрола од Југославија. Нека го праша сопствениот министер кој 18 месеци беше надлежен за тоа, Лепавцев, кој е сменет и веројатно ќе му објасни зошто уште е под таа јуриздикција нашиот воздушен простор. Он сигурно знае. Благодарам.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници ние сме веќе заморени после пет саа- та овде дебата, но иако сме заморени мислам дека проблемот за кој расправаме е многу сериозен и пресериозен. Се наоѓаме пред европска конференција, пред Единбург каде што повторно ќе се одлучува нашата судбина.

Судбината на Македонија е во прашање и натаму. Мислам дека секој од нас овде мора да води сметка за тоа. Претходниот говорник укажа на некои работи кои се битни, суштествени за нашиот народ. Ние сме блокирани од доле, блокирани сме од Грчка, блокирани сме озгора од Србија. Ни останува само тесно грло према Исток и према Запад. Влегуваме во зима и дали ќе имаме ние да преживееме оваа зима. Мислам дека за тоа треба да водиме сметка. Тоа е она што е најбитно. Според тие моменти треба да се донесе, да се води и флексибилна политика. Јас сум најстар меѓу вас и сум поминал многу премрежиња и сум бил директно

учесник во нив низ кој во последните децении поминуваше нашиот народ. Сум бил сведок на соработки со окупаторите, на поддршка на туѓи политики, на недоразбирања, на лични и сеопшти драми, но и на невиден примери на лична храброст, патриотизам и битка за доброто и иднината на македонскиот народ и на македонската држава. Никогаш не сум имал разбирање за колебливците, за нерешителните и на сите што свесно или несвесно им помагаат на нашите непријатели. Не можам ни денес да разберам како може и во овие пресудни историски моменти некој од нас, пак ќе повторам, свесно или несвесно да се најде од другата страна на барикадите и да пукаат со оружје со кое што пукаат нашите непријатели, пред се Грците. Тие докажуваат на светот дека по мирот во Македонија нема никаква опасност и дека треба да се чека со признавањето се додека не поткрекнеме и не ја прифатиме Лисабонската декларација. Некои наши партии со своите поранешни и понови постапки се обидоа да ни го докажат истото и да им помогнат на Грците како да тие сами не можат. Не им беше доволно за сите зла и штети што ни ги направија Грците, не реагираа воопшто, туку требаше и да им помогнат во нивни те мрачни цели. Затоа се прашувам ќе помислиме ли еднаш на чија воденица ја наврутуваме водата и што си правиме себеси и на сопствениот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се договоривме да биде последен говорник вечерва, а да продолжиме утре точно во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,45 часот).